ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

јуни 2024 бр. 29



Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

ПРАВЕН ДИЈАЛОГ БР.29

ISSN: 1857-7644

Издавач:
Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

За издавачот:
Маргарита Цаца Николовска

Редакциски одбор:
Манчо Митевски | Главен и одговорен уредник
д-р Весна Стефановска | Заменик на главниот и одговорен уредник
д-р Мерсел Биљали
м-р Славица Димитриевска
д-р Ангелина Станојоска

Лектор:
Татјана Стојановска

Графички дизајн:
Дамјан Канзуров

Контакт:
Институт за човекови права
www.ihr.org.mk
ihr@ihr.org.mk

Контакт адреса:
бул. Партизански одреди бр. 23/1-5
Скопје, 1000, Северна Македонија

Скопје, јуни 2024 година

Написите се авторски трудови и не секогаш ги изразуваат ставовите на Институтот за човекови права. Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде пренесуван, копиран или објавуван без согласност на издавачот.

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

СОДРЖИНА

Едиторијал 5

15 години постоење на Институтот за човекови права во заштита на човековите права и владеењето на правото 6

ДРЖАВАТА, ГРАЃАНИТЕ И ГРАЃАНСКИОТ ФОРУМ
Симеон Гелевски 9

СМРТТА НЕДОЗВОЛИВА КАКО КАЗНА, НО ДОЗВОЛИВА КАКО „ТЕРАПИЈА“: ПРАВНИТЕ КОНТРОВЕРЗИ НА ДВЕДЕЦЕНИСКОТО ПИОНЕРСТВО НА БЕЛГИЈА ВО АКТИВНАТА ЕВТАНАЗИЈА
Каролина Ристова - Астеруд 14

ПРАВОТО НА ЖИВОТ КАКО ОСНОВНО ЧОВЕКОВО ПРАВО ДЕФИНИРАНО ВО ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ
Даниела Златкова и Александар Михајлов 28

ЗАШТИТАТА ОД НЕЗАКОНСКИ ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС НА ЛИЦАТА СО ХИВ ВО ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Наташа Најденова – Левиќ 35

ПРОЦЕДУРАЛНИ ГАРАНЦИИ ВО СЛУЧАЈ НА ПРОТЕРУВАЊЕ СТРАНЦИ
Давид Неделков 47

УЛОГАТА НА УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
Ангела Ангелеска 53

СЛОБОДАТА НА ВЕРОИСПОВЕД И МЕХАНИЗМИТЕ ЗА НЕЈЗИНА ЗАШТИТА ВО МАКЕДОНСКИОТ УСТАВЕН СИСТЕМ
Бојан Петровски 59

ДИМЕНЗИИТЕ НА РОДОВАТА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ
Даниела Антоновска 65

ЗАСТАРЕНОСТА НА ПОБАРУВАЊАТА И НАДОМЕСТОКОТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА
Вера Коцо 72

ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛИЦАТА СО ОДЗЕМЕНА ДЕЛОВНА СПОСОБНОСТ ВО СЕНКА НА СИСТЕМОТ ЗА СТАРАТЕЛСТВО ВРЗ ВОЗРАСНИ ЛИЦА
Елена Игновска и Матеа Коцевска 84

КВАЛИТЕТОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВЛОЖУВАЊЕТО ВО НАУКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ПРЕДИЗВИЦИ И НЕДОСТАТОЦИ
Весна Стефановска 90

ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ДИГИТАЛНИОТ СВЕТ
Марија Гроздановска 97

АМНЕСТИЈАТА КАКО ИНСТИТУТ НА СОВРЕМЕНОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО
Ангела Алтипармаковска – Стојаноска 104

СПЕЦИЈАЛНА СЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА 111

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОДАВСТВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО НОВОТО НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО
Зоран Шапурић 112

ЕКОЦИД – НОВО КРИВИЧНО ДЕЛО ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОШКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ
Аљоша Кацаров. 122

МАКЕДОНСКОТО НОВИНАРСТВО: СОСТОЈБИ, ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ
Манчо Митевски 129

Почитувани,

Во овој, досега најброен и најсодржаен број на списанието се анализирани теми од меѓународна, уставна, граѓанска и кривична област. Ќе имате можност да дознаете повеќе за концептот на граѓанскиот форум, за смртната казна, правото на живот и протерување на странци, анализирани низ практиката на Европскиот суд за човекови права. Од уставната област ги издвојуваме улогата на Уставниот суд во заштита на човековите права и слободата на вероисповед и нејзината заштита во македонскиот уставен систем. Заштитата на личните податоци, прашањата и дилемите поврзани со амнестијата добиваат заслужен простор во списанието. Анализирани се и состојбите во македонското новинарство, како и проблемите и предизвиците во работата на медиумите и на новинарите.

Особено не радува фактот што во овој број се разработени прашања кои претходно не биле предмет на анализа, кои тангираат битни човекови права и отвараат простор за понатамошна анализа. Во овој дел ги издвојуваме димензиите на родовата дискриминација врз жените во руралните средини, застареноста на побарувањата и надоместокот на нематеријална штета, човековите права на лицата со одземена деловна способност, незаконски престанок на работен однос на лицата со ХИВ и квалитетот на високото образование и вложувањето во наука.

Секцијата за животна средина станува неизоставен дел од списанието, и во овој број ќе имате можност да дознаете повеќе за имплементација на законодавството на Европската Унија за управување со отпад и за екоцидот како ново кривично дело од областа на еколошкиот криминалитет.

Неисцрпната инспирација на авторите покажува дека прашањата за заштита, унапредување и промовирање на човековите права и владеење на правото можат да се истакнат и анализираат во сите сфери на општественото живеење. Тоа всушност е и концептот на делување на Институтот за човекови права и овие трудови, секој на свој начин ги отсликуваат стратешките приоритети низ кои дејствува Институтот за човекови права во остварување на својата визија и мисија.

Како што и кажува самиот назив на списанието, останuваме посветени на иницирање на дијалог по повод различни прашања кои ги засегаат човековите права и владеење на правото.

Заменик на главен и одговорен уредник,
д-р Весна Стефановска

15 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО

Месец јуни го посветуваме на одбележување на петнаесет годишнатата од основањето на Институтот за човекови права. Изминативе години се водевме од идејата да бидеме здружение кое преку своето дејствување ќе биде водилка за почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права и релевантен фактор пред државните институции и меѓународните организации и амбасади.

Приказната за основањето на Институтот за човекови права започнува во 2009 година. Не водеше желбата да создадеме здружение кое ќе биде кредибилен и препознатлив чинител во полето на промовирањето, унапредувањето и заштита на човековите права и слободи. На тој начин започна дејствувањето на ИЧП, во кој ентузијазмот за заштита на човековите права и слободи никогаш не запира, туку напротив, постојано се зајакнува и подобрува преку развивање механизми за анализа и заклучоци и препораки за подобрување на состојбите.

Институтот за човекови права изминативе 15 години делуваше примарно во неколку полиња од областа на човековите права и владеењето на право, и тоа: независност и непристрасност на правосудството, слобода на изразување, борба против дискриминација и корупција, полесен пристап до правда на маргинализираните групи и образование, и следење на работата на одредени државни институции.

Промоција, унапредување и заштита на човековите права и слободи претставува доминантна област во која што дејствува Институтот од основањето. Преку различни активности се огледа заложбата за поголемо почитување и остварување на човековите слободи и права, промовирање и залагање за почитување на слободата на изразување, подигање на свеста и јакнење на капацитети кои ќе го применуваат пристапот базиран на човекови права при подготвување на политики и останати програми, залагање за соодветно законодавство и соодветни политики.

На 31 мај 2024 година беше одржан настан со цел да даде преглед на делувањето и влијанието на Институтот за човекови права во изминативе 15 години во областа на човековите права и владеење на правото. Настанот претставуваше платформа за дискусија на релевантните чинители и соработници на Институтот за човекови права за состојбата со човековите права истакнувајќи ги главните предизвици и можни насоки за делување и унапредување на состојбата во иднина. Дискутиравме за влијанието на програмите за застапување на граѓанските организации, како тие можат да бидат можна алатка за унапредување на правата, особено на маргиналиизираните групи на граѓани, истовремено истакнувајќи ја важноста на интерсекцискиот пристапот во застапувањето и креирањето политики.



Претседателката на Институтот за човекови права Маргарита Цаца Николовска, како и членовите на Управниот одбор на Институтот, Вера Коцо, Игор Спировски и Вања Михајлова ги презентираа активностите и постигнатите резултати во заштита, унапредување и промовирање на човековите права, спречување на дискриминација, уреденоста и разликите во правниот статус на брачната и вонбрачната заедница, поднесените иницијативи на Институтот пред Уставниот суд и постигнатите цели како и преземените активности во борбата против корупцијата.



Претседателка на ИЧП, Маргарита Цаца Николовска, претседателка на Судски совет на РСМ, Весна Дамева, претставничка на Делегацијата на ЕУ, Ирена Иванова и извршна директорка на ИЧП, Јелена Кадриќ.

На настанот се обратија и претставничката на Делегацијата на Европската Унија, Ирена Иванова, претседателката на Судскиот совет, Весна Дамева, директорката на Академијата за судии и јавни обвинители, Наташа Габер-Дамјановска и претседателката на Македонското здружение на млади правници, Александра Цветановска. Тие дискутираа за граѓанскиот сектор како двигател за заштита на човековите слободи и права и владеење на правото.



Членови на Управниот одбор на ИЧП, Вера Коцо, Игор Спировски и Вања Михајлова. Директорката на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и претседателката на МЗМП, Александра Цветановска.

Беше истакната посветеноста на Институтот за човекови права во улогата на коректив на правосудните институции преку постојан мониторинг, но и важноста на извештаите, анализите и документите кои произлегуваат од следењето на правосудните институции и кои сериозно се земаат предвид со цел подобрување на транспарентноста и отчетноста. Беше поздравена иницијативата на Институтот за соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, која особено се интензивираше во периодот 2018-2021 година кога голем број на судии беа дел од обуки и советодавни групи од областа на правосудството.



Одбележувањето на петнаесет годишнината од основањето на Институтот за човекови права го заокружуваме со објавувањето на ***Монографијата – 15 години Институт за човекови права во заштита на човековите права и владеење на правото***. Преку Монографијата е направена ретроспектива на работењето на Институтот од 2009 година и посветеноста во успешно реализирање на проекти и многубројни активности Преку презентирање на реализираните активности се утврдуваат заложбите на Институтот за спроведување на стратешките приоритети и значителен придонес во подобрување на состојбите во правосудството и пристапот до правада, во едукацијата, унапредувањето и заштитата на човековите права и во борбата против корупцијата. За тоа сведочат признанијата од државните институции, од правните професионалци, студентите, адвокатите и граѓаните кои ги обучивме и им помогнавме да осознаат повеќе за актуелните состојби во правосудството и заштитата на човековите права.



Претседателката и членови на Управниот одбор, програмски координатори и соработници на Институтот за човекови права.

ДРЖАВАТА, ГРАЃАНИТЕ И ГРАЃАНСКИОТ ФОРУМ

Се работи за идеја, за иновативен модел на демократија во наши, нови специфични услови на транзициискиот капитализам. На сегашниот наш модел на капитализмот, многу му е потребен и нов модел на демократија кој ќе обезбеди развиен и разновиден граѓански активизам, солидарност, емпатија, со општество за сите, во дијалектиката на индивидуализмот и колективниот мнозински демократски модел.

СИМЕОН ГЕЛЕВСКИ

АПСТРАКТ

Во трудот авторот најнапред врши класична анализа на елементите на државата (територија, граѓани, власт) и смета дека суштински елемент на државата се граѓаните - народот, па затоа и предлага формирање на Граѓански форум на непосредна демократија.

Во статијата станува збор за историска и актуелна анализа на облиците на претставничка и непосредна демократија и за потребата од воведување во политичкиот живот на Република Македонија, нов облик на непосредна демократија. Тоа е Граѓанскиот форум како облик на многу поактивно учество и партиципација на граѓаните во локалната и централната власт, односно во механизмите на вршењето и управувањето со државните и општествените работи што за граѓаните живот значат.

Клучни зборови: држава, граѓани, власт, Граѓански форум, партиципација, влијание, непосредна демократија, општество, јавен интерес, vox populi, јавна трибина и јавно мислење.

ДРЖАВАТА И ГРАЃАНИТЕ

Основни елементи од кои се состои една држава се територија, народ (граѓани) и власт. Доколку овие три основни елементи на државата се раздвоени, - државата не постои. За да имаме држава во вистинска смисла на зборот – секоја држава треба да се состои од сите три елементи. Сепак, нивното значење не е подеднакво во секој временски период.

На пример, за античките народи најглавен елемент на државата биле граѓаните или народот. За Атина и Рим најважни биле „атињаните", а за Рим „римскиот народ". Државата кај Римјаните се нарекувала *Civitas* – граѓанство, од *civis* – граѓанин. Значи, каде се граѓаните на собир, таму се наоѓа и државата.

Во Средниот век, како главен државен елемент се истакнувало земјиштето – територијата. Државата се нарекувала земја, Terra, Land, Angleterre, England, Deutchland и т.н. Власта се сфаќала како *dominium*, односно територијално владеење.

Во новото доба (време), власта се сметала како најглавен елемент на државата. Значи, силно уредена држава со суверена власт, која ќе ги потчини - граѓаните и територијата, е најважниот елемент на државата.

Како и да е – основни елементи на државата се територијата, граѓаните-народот и власта. Територијата ја дарил Господ – природата, граѓаните исто така Господ – природата, а сето друго е од граѓаните и за граѓаните, а особено власта и управувањето со државата и граѓаните и со човековите права и слободи. Од тие причини во овој напис ќе се обидам да го елаборирам на најопшто рамниште, односот држава – граѓани во кој, сепак, граѓаните – народот се најважни.

Во историјата на човештвото, уредувањето на населението најнапред било слободно. Кога создале држава се вовело ропство и поданици, подоцна закрепостени поданици во феудализмот, па потоа граѓани од прв и од втор ред и најпосле, во развојот, се доаѓа до слободни личности со статус на граѓани во политичка смисла. Значи ослободени, индивидуи, личности со уважување со широка палета на природни, политички, граѓански права и слободи. Во таква заедница граѓанинот како *homo politikus* живее и ги остварува речиси сите свои лични, општествени, материјални, политички и животни цели.

Елем, во модерниот современ свет, во уредените демократски држави, тој баланс на стабилно, системско уредување (устав, закони, право, правда, човекови права и слободи) на нивната територија управувањето, власта и човековите граѓански права и слободи – функционираат избалансирано и во нив се живее на задоволително ниво. За жал, во бројни држави во светот денес тоа не е случај и граѓаните наместо да се индивидуи, слободни, солидарни и среќни луѓе – уреду-

вањето и животот, особено при војни, разорувања, подаништво и неправди, дури и голиот живот им е загрозен (Украина, Палестина, дел од африканските земји и т.н.).

Од аспект на насловот на темата што ја обработуваме – државата и граѓаните – дефиницијата на државата останува иста (територија, граѓани - народ и власт) и таква ќе остане и понатаму. Но, за релацијата на односот меѓу граѓаните и државата (власта), во прв ред ќе мора да дојде до промена на механизмот на владеењето т.е. како ќе се управува со државата (демократски или автократски). Имено, не може со ист модел од пред двеста и повеќе години да се управува и владее со модерна држава, односно со граѓаните, зашто, според мене - есенцијална суштина на државата се граѓаните, народот, жителите.

Животот е променет и треба владеењето во државата да се организира во согласност со модерното време. Треба да се тргне од потребата за граѓански активизам поради кризата на системот на парламентарната демократија и партискиот плурализам (стар повеќе од двеста години) кои, за жал, ги поделиграѓаните во општеството, не само во Македонија туку воопшто, во сите држави во светот каде владее таквиот систем. Сето тоа направи сериозно влијание врз државната политика за општествените работи кои ги тангираат животот и достоинството на граѓаните. Демократијата како начин на живот треба да им овозможи на граѓаните положба на слободни личности и поинаков однос на државата и на цивилното општество кон нив.

Воведувањето на парламентарниот систем и на повеќепартискиот живот, за жал, ниту во Македонија, ниту во сите земји каде што функционира тој систем, не им обезбедија автоматски процут на демократијата и очекувани промени на старите методи владеење кои ги засегаат и ги кочат граѓаните во остварувањето на нивните граѓански права и слободи.

Затоа треба сами, со наши идеи и општествени експерименти: Граѓански форум, Народен парламент и слично, да создаваме долгорочен проект на развој на демократијата. На развој и процут на новиот облик на непосредна демократија, и тоа со негова улога во управувањето со општествените работи, со партиципативно влијание во власта, сфаќајќи ја демократијата како квалитетен начин на живот и облик на јавна контрола на власта од страна на граѓаните на нашата држава, било на локално, било на државно ниво.[1]

Тоа ќе треба да го остваримене со насилни средства, туку со општествен и социјален договор, дебата и дијалог за да дојдеме (изнајдеме) реформски промени според моделот на ЕУ, но и со наши креативни иновации, идеи и визии на промени во политичкиот систем, за да ја нормализираме и зацврстиме улогата на државата, но и на граѓаните во управувањето со општествените и државните работи. Сето тоа со цел да го подобриме животот, статусот и достоинството на граѓаните во сопствената држава. Не може само со крилатицата друг да ни ги решава нашите проблеми (ЕУ, ЕУ, ЕУ и сега НАТО, НАТО, НАТО...) да го подлажуваме нашиот граѓанин – дека тие ќе ни донесат среќа, благосостојба, правда и безбедност.

Во политичка смисла ни треба усогласување и пронаоѓање на заедничката резултанта на спротивставените социјални граѓански снаги во државата. Државата треба да ни го обезбеди заедничкиот интерес на граѓаните, целината на системот и можноста за мирна соработка и кохабитација. Да се обидеме да ја обновиме општествената солидарност на поединците и на партиите како составни делови на една органска целина.

За да можат граѓаните во Република Македонија да имаат нормален и сигурен живот – треба да имаме средена и стабилна држава, демократски иновиран политички систем, здрава економија и добри социјални односи во неа. Значи, организацијата, политичкиот систем (впрочем имаме и Министерство за политички систем, кое не знае и зошто постои, освен за спроведување на придобивките од Рамковниот договор), институциите, Уставот и т.н., треба во социјална и демократска постапка да ги преиспитаме ако треба и со референдум: демократски, политички, економски и социјални, за како граѓани да си ја уредиме државата и нејзиниот демократски систем за да може успешно да функционира и да имаме безбеден и благосостојбен живот и опстојба.

---

1 Гелевски, Симеон. Граѓанскиот форум (Слободен печат“ - 29. 12. 2023 година и јануари 2024 година).

На сегашната државна и граѓанска рамка и живот во Република Македонија и е потребен темелен ремонт: изборен, претставнички, законодавен, правосуден, социјален, духовен и морален. Само на храбрата држава и на нејзините храбри граѓани во дијалектичко единство, во рамнотежа и баланс и на заемно усогласување стои иднината на државата Република Македонија и на нејзината есенцијална суштина на граѓаните и на државата.

Ако истраеме и ако постапуваме разумно и достоинствено како жители, граѓани и како народ на Република Македонија, ако ја почитуваме и сакаме како родољуби и патриоти државата, нејзините институции, нејзиниот Устав, химна, јазик историја и култура, мора да најдеме заеднички договор за нејзината иднина.

ГРАЃАНСКИ ФОРУМ

Зошто е потребно да се формира Граѓанскиот форум?

Во претходното излагање, кога го елаборираме односот на државата и граѓаните, укажавме на потребата дека во односот на граѓаните и државата – во власта како елемент на државата, ќе биде неопходно потребно да дојде до промена во механизмот на владеењето, т.е. како власта управува со државата и со граѓаните и тоа поради неспорниот факт дека во Република Македонија, во последното 30-годишно владеење дојдовме во ситуација дека како граѓани сме мошне незадоволни од политиката, како и од правната и социјалната состојба во земјата која битно влијае на статусот и на незавидната положба на граѓаните во сопствената држава. Затоа беше потребно да го формираме Форумот во градот Куманово, како зачеток на една нова перспективна форма за развој на непосредната демократија во Република Македонија.

Со неговото формирање сакавме да се чуе нашиот граѓански глас, нашето мислење и став, бидејќи прогресот, животот и демократијата во нашето општество, за жал, ни се во голема стагнација. Ова што се случува сега во земјата е сосема поразлично од онаа што е во Европската Унија и што очекуваме да го добиеме со промената на стариот систем и со деценистката агенда за влез во ЕУ.

Токму поради тоа, ние го покренуваме граѓанскиот активизам и преземаме акција за нормализирање на состојбите. Во кризни и лоши историски услови, луѓето (граѓаните) се бунтувале, правеле револуции, кај нас имавме и т.н. Шарена револуција, но состојбите уште повеќе се влошија во поглед на стандардот и животот на граѓаните.

Како поборници на Граѓанскиот форум, ние не повикуваме на револуција, туку се залагаме за граѓански активизам, за непосредна демократија, партиципација и обврзувачко за властите да биде нашето влијание во креирањето на јавните политики, кои се одразуваат на стандардот и животот на граѓаните. Со гласот на граѓаните, ќе се обидеме да вршиме промени и да создаваме нормално општество и држава. Граѓанскиот форум е голема идеја која со неговите програмски цели овозможува младите луѓе да можат нив успешно да ги спроведуваат и остваруваат, не ден за ден – туку упорно и секојдневно во блиската, но и во подалечната иднина.

Во Република Македонија, со нејзиното осамостојување и со преминот од стариот во новиот капиталистички систем, настанаа крупни промени со желба да бидат според моделот на европските демократски земји. Меѓутоа, тој премин на нов политички, економски и социјален систем оди многу бавно. Наместо да ги дава европско-демократските придобивки, во наши услови не профункционира на вистински начин, туку ни се појавија криза, корупција, непотизам, криминал и економска стагнација. Очигледно дека во таа транзиција ќе треба да внесеме и некои новини во управувањето со државата и дополнувања на партискиот плурализам, парламентаризам, претставничката демократија и слично.

Со формирањето на Граѓанскиот форум ние него го воведуваме како постојан облик на непосредна демократија на граѓаните, затоа што постоечките форми на референдум и на народна

иницијатива во практиката ретко се применуваат. За разлика од нив, Граѓанскиот форум нуди активна и перманентна легислативна партиципација во системот, а подразбира и постојана форма на контрола врз институциите на власта, со што го штити јавниот интерес и животните егзистенцијални потреби на граѓаните.

Според мое мислење, синтеза на македонскиот јавен интерес и на сите граѓани на Македонија е граѓанството и *vox populi* на Град Скопје. Вистинска резултанта на *vox populi* на Македонија ќе треба да биде Сојузот на граѓанските форуми на општините на Град Скопје. Поради тоа, за да се обезбеди легислативно непосредно претставништво на непосредна демократија на граѓаните во учество на донесувањето и регулирањето на социјалните односи во Македонија – ќе треба да формираме посебни граѓански форуми во сите општини на Скопје и да ги обединиме во Сојуз на граѓански форуми.

Ќе се прашате зошто баш во Скопје и зошто Скопје да стане синтеза на граѓанска непосредна демократија? Затоа што Градот Скопје фактички е природен микс и збир на жители од сите градови и општини и вистински репрезент на македонските граѓани. Аксиома е, ако Атина и *vox populi* на атињани биле синтеза на граѓаните во Елада, ако и Рим бил *vox* на Римската империја, тогаш и Скопје како фактички природен микс на Македонија може и треба да биде *vox populi* на Македонија. Со тоа сме обезбедиле потреба во Македонја да воведеме Граѓански форум, како облик на непосредна демократија, односно Скопје да биде вистински репрезент на граѓаните на Македонија. Затоа што Скопје е град составен од сите граѓани на Македонија, па тој во политиката успешно ќе ги брани и застапува и остварува јавниот интерес на граѓаните.

Модерно Скопје претставено во Сојузот на граѓанските форуми ќе биде нова форма на остварување на непосредна демократија, бидејќи сме мала држава и погодна за остварување на ова благородна античка идеја – која делумно успешно е применета во неколку држави на САД, како и во неколку кантони во Швајцарија.

Оваа идеја може да биде комплетно успешна во малата но демократска Република Македонија.

РЕЗИМЕ

Се работи за идеја, за иновативен модел на демократија во наши нови специфични услови на транзициониот капитализам. На сегашниот наш модел на капитализмот, многу му е потребен и нов модел на демократија кој ќе обезбеди развиен и разновиден граѓански активизам, солидарност, емпатија, со општество за сите, во дијалектиката на индивидуализмот и колективниот мнозински демократски модел.

(Авторот е професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во пензија)

СМРТТА НЕДОЗВОЛИВА КАКО КАЗНА, НО ДОЗВОЛИВА КАКО „ТЕРАПИЈА“: ПРАВНИТЕ КОНТРОВЕРЗИ НА ДВЕДЕЦЕНИСКОТО ПИОНЕРСТВО НА БЕЛГИЈА ВО АКТИВНАТА ЕВТАНАЗИЈА

Условеноста на активната евтаназија само со институционални и процесно-правни гаранции може да го помине тестот на интегритет на правото од аспект на член 2 од ЕКЧП само во случаи на соматски болести со неиздржливи и безалтернативни физички болки и/или страдање, но не и во случај на менталните и/или психичките. Имено, по линија на императивот за интегритет на правото, не смее да се заборави дека станува збор за правниот простор на Европа каде смртната казна е укината, меѓу другото, заради преовладување на (правната) аргументација дека „ризикот за грешки“ во услови на нејзина непоправливост како казнено решение е неприфатлив. Следствено, ниту државите, ниту самите сторители на злостори, не можат да имаат маргина на дискреција во однос на смртната казна, дури и во однос на најтешките злостори. Чуму различен пристап за усмртувањето со активна евтаназија?

КАРОЛИНА РИСТОВА – АСТЕРУД

АПСТРАКТ

Евтаназијата на Шанти Де Корте (Shanti De Corte) во мај, 2022 година, наново го сврте вниманието кон „правото на добра смрт“ во Белгија, коинцидентно со дведецинискиот јубилеј од декриминализацијата на активната евтаназија во 2002 година. Белгиското евтаназиско искуство преставува референца за неколку контроверзни правни трендови: проширување на онтолошкото и телеолошкото разбирање на активната евтаназија, од теренот на физички болести кон полизгавиот терен на ментални и психички растројства; отстранување на возрасната граница за случаите кои може да се квалификуваат; индикативна пермисивност во праксата, со ризик за ефектуирање на евтаназијата како „завршна терапија“ за психијатриски пациенти, како смртна казна за осуденици на долгогодишни или доживотни казни затвор, како и за отстранување „товари“ од здравствениот буџет. Сето ова е од важност за другите законодавци, дотолку повеќе што ваквите трендови одат во прилог на апсолутните противници на евтаназијата, дури и за случаи на соматски болести, со неиздржливи физички болки и со догледна смрт, а во однос на кои не може да се најдат други аргументи кои натежнуваат над хуманиот порив за намалување на човечкото страдање, или против автономната волја на индивидуата за достоинствена смрт, воедно, последно остварување на нејзините права на човечко достоинство, приватност, физички и морален интегритет.

Клучни зборови: активна евтаназија, евтаназиско законодавство, Белгија.

ПРОЛОГ

На 7 мај 2022 година во Антверп, Белгија, по основ на „ментално растројство“ кое и предизвикувало „постојано, неиздржливо и неизлечиво психичко страдање“, на нејзино барање поднесено месец претходно, со смртоносен коктел на лекарства администрирани од лекар, во присуство на нејзините родители, безболно згасна животот на 23-годишната студентка по ортопедија, Шанти Де Корте.[1] Нејзиниот случај предизвика меѓународно внимание и наново го разбранува интересирањето за активната евтаназија, не само заради нејзината млада возраст, туку и заради една друга специфичност. На своја 17-годишна возраст, на 22 март, 2016 година, Шанти стана жртва на еден од двата координирани терористички напади од страна на т.н Исламска држава на бриселскиот аеродром и метро, кои усмртија 32 животи и тешко повредија над 300 луѓе. На неколку метри од еден од терористите-самоубијци, таа го преживува нападот без никакви физички повреди, за разлика од низа нејзини соученици кои биле убиени, а со кои таа требала да замине на екскурзија во Рим. По нападот, Шанти развива сериозни облици на посттрауматски стрес и депресија, кои биле медицински третирани. Случајот добива на профилираност дури во октомври 2022 година, откога јавноста дознава за повеќекратните обиди за спречување на нејзиното евтанизирање од страна на неврологот д-р Пол Делтендре (Paul Deltendre), затоа што го сметал за „избрзано“, без исцрпување на сите тераписки можности, особено во случај на толку млад и физички здрав живот. Биле иницирани соодветни истраги, но здравствените власти и обвинителството не утврдиле законски повреди. Истовремено, на шестгодишниот пат на Шанти кон евтаназијата, трае судењето на обвинетите за терористичкиот напад, завршено со првостепена пресуда на 15 септември 2023 година, со досудени казни (доживотен) затвор.[2] Мачната иронија на спротиставената разрешница за терористите и нивната жртва е очигледна: Шанти е нивна жртва, но животот и го одзема белгиската држава. Истовремено, разрешницата е речиси дистописка – дури и за сторители на најтешки злостори, за европските држави во 21 век укинувањето на смртна казна е „прашање на цивилизираност“, но, некои од нив сосема спротивно гледаат на евтанизирањето на жртвите на таквите злостори.

---

1 Bersani G. et al, “The Shanti De Corte case: euthanasia for mental disorder between clinic and bioethics, between law and medico-legal implications” (2022) 57 Riv Psichiatr. 303.

2 “Brussels terrorist attack trial: Belgian court hands out sentences to eight men,” Le Monde.

1. БЕЛГИСКАТА ЗАКОНОДАВНА ЕСКАЛАЦИЈА ВО ОДНОС НА АКТИВНАТА ЕВТАНАЗИЈА

1.1 ЗАКОНСКА РАМКА

Белгија ја декриминализира активната евтаназија во 2002 година, една година по првата земја во светот која тоа го стори, Холандија (2001), иако, за разлика од холандскиот, подоцна и од тој на Луксембург (2009), белгискиот закон не го опфати медицински помогнатото самоубиство во рамки на поширокатa проблематика на медицински помогната смрт.[3] Законодавната цел била, евтаназијата, *како исклучок* од општата криминализација на убиствата, да се понуди како решение за пациентите со „сериозни и неизлечиви болести" кои им предизвикуваат „постојано и неиздржливо страдање за кое не постои олеснување", а со тоа да се стави крај и на нелегалната евтаназија.[4] Законски, (активната) евтаназија е дефинирана како „намерно прекинување на животот на едно лице, по негово барање, од страна на друго лице"[5], но, со оглед на тоа како се регулирани критериумите и процедурите, неа може да ја изврши само лекар, општ или специјалист, кој може да консултира мислење на еден или двајца други лекари, претходно невклучени во случајот, специјализирани за дадена медицинска проблематика. Кога смртта на пациентот не е догледна, како и во случаите на нееманципирани малолетници, претходната консултација е задолжителна, но даденото мислење е правнообврзувачко само во однос на малолетниците.

Евтаназијата првично била достапна само за деловно способни возрасни индивидуи и еманципирани малолетници, свесни во моментот на барањето кое треба да е повторено во експлицитна писмена форма, со личен потпис, датум и време на поднесување, а лекарот, кој треба да го одобри, треба да биде уверен дека барањето е обмислено и оформено без надворешни притисоци. Во 2014 година, со образложение дека „болката не дискриминира по возраст", Белгија стана првата, засега и единствена земја во светот, која дозволува барања за евтаназија од нееманципирани малолетници, без никакви ограничувања по возраст, под три построги услови од општите: малолетникот да демонстрира способност за разбирање на евтаназијата пред детски психијатар или психолог; писмена согласност на родителите/старателите; и, само за во случаи на неиздржливи физички болки и/ли страдање за кои нема медицинско олеснување, а смртта е неизбежна во догледно време. За разлика од ова, возрасните и еманципираните малолетници може да бараат евтаназија и само по основ на неиздржливо ментално/психичко страдање. За двата облика клучен е субјективниот аспект на пациентот, а кој лекарот го осознава по повеќекратни средби и разговори со пациентот на кој му се изложуваат тераписките и палијативните алтернативи. Лекарот, заедно со пациентот, мора да дојде до убеденост дека нема друга разумна алтернатива, по што евтаназијата се закажува најрано за еден месец од денот на (повторено) барање. За овие две категории пациенти догледната смрт не преставува услов за одобрување евтаназија, т.е независно дали пациентот може да живее уште многу години од аспект на физичкото здравје.

Во 2020 година се додадени други две законски измени: се укина обврската за петгодишно обновување на т.н „претходна директива", т.е писмена изјава на претходна согласност за евтаназија во случај на „неповратно губење на свест", осведочена од двајца сведоци, од кои минимум едниот не смее да има материјална полза од смртта на подносителот (деловно способна возрасна индивидуа или еманципиран малолетник), доставена до здравствените власти, освен ако тие самите не ја повлечат, или не определат друг период на важење; и, правото на лекарите на „приговор на совеста" против евтаназијата е разводнето со законска обврска за препраќање

3 Освен контекстуално, оваа студија не ги адресира пасивната евтаназија (непружање животноспасувачка медицинска интервенција по барање/одбивање на пациентот), медицински помогнато самоубиство (пациентот самостојно конзумира смртоносна доза лекарства подготвена од овластени медицински лица), и палијативна седација (на пациентот му се дава несмртоносна доза лекарства за олеснување на физичките болки до моментот на природна смрт).

4 Saad T.C, "Euthanasia in Belgium: Legal, Historical and Political Review" (2017) 32 (2) Issues in Law and Medicine 183.

5 The Belgian Law on Euthanasia of May, 28, 2002, www.ethical-perspectives.be.

на пациентите до „ центри или здруженија за *правото на евтаназија",* а здравствените установи не смеат да им забрануваат на лекарите да вршат евтаназија во нивните простории. Евтаназијата може да биде извршена во домашни или болнички услови, со орално или интравенозно примање на лекарствата за безболна смрт, неретко во присуство на најблиските на пациентот. Последователно, лекарот-извршител е должен да поднесе извештај, со сета документација од случајот, до 16-члена Федералната комисија за контрола и евалуација на евтаназијата (ФККЕЕ), составена од 8 лекари, 4 правници, и 4 експерти за болни од неизлечиви болести, која треба да ја исконтролира законитоста на евтаназијата.

Извештаите се доставуваат во две верзии, анонимна и неанонимна, а ФККЕЕ добива увид во втората само доколку со релативно мнозинство утврди дека првата верзија индицира незаконитост, по што може да го повика и лекарот за дополнително информирање. Доколку се утврди незаконитост со двотретинско мнозинство, случајот се препраќа до надлежното обвинителство. Од своја страна, ФККЕЕ е должна да поднесува двегодишни извештаи до федералниот парламент. За органодонаторските евтаназии важи правилото на претпоставена согласност, иако важечките протоколи на медицинска етика ја претпочитаат изречната согласност, особено заради растечкиот интерес за „евтаназија преку органодонаторство" со кардио-циркулаторна смрт. Правилата целат кон строго процедурално разграничување заради истовремено задоволување на медицинските императиви на органодонаторството и елиминација на било каков органодонаторски притисок при формирањето евтаназиска волја кај пациентот.[6]

1.2. ЕМПИРИСКИ ИСКУСТВА, ИНДИКАТИВНИ СЛУЧАИ И КОНТРОВЕРЗНИ АСПЕКТИ

Дведеценскиот јубилеј Белгија го одбележи со над 30.000 случаи на евтаназирани, со почетна бројка од 24 случаи во 2002 година, над 1.000 случаи во 2011 година, и безмалку 3.000 случаи во 2022 година, што воедно е 2,5 % од морталитетот во земјата.[7] Ако во 2003 година (прва целосна календарска година), годишниот број на евтаназии бил 235, односно 0.65 евтанизирани на ден, во 2022 година таа бројка нараснува на 2.966, односно 8 евтанизирани на ден. Според последниот двегодишен извештај на ФККЕЕ за 2020-2021 година[8], во континуитет продолжува евтаназискиот јаз меѓу Фландрија (75%) и Валонија (25%). Јазот, меѓу другото, се објаснува со културните разлики, најмногу со поголемото влијание на (римокатоличката) религиозност во валонскиот регион. И, обратно, со позастапени гледишта за евтаназијата како „коректен став" за докажување приврзаност кон пост-религиозната и пост-католичката верзија на секуларната „хуманистичка филозофија" и „прогресивната модерност" во фландрискиот регион.[9] Извештајните податоци не покажуваат индикативни полови разлики, а соодносот од 2022 година е илустративен: 50,4% од евтанизираните се мажи, а 49,6% се жени. Слична е ситуацијата и во однос на возрасната структура, а најзастапени се возрасните групи 80-89 (29,2%) и 70-79 (27,7%), по што следуваат возрасните групи 60-69 (19,5%) и 90-99 (12,5%), а најмалку се застапени возрасните групи 50-59 (7,3%) и 40-49 (2,1%), додека сите други возрасни групи се под 1%. Првиот случај на малолетничка евтаназија е регистриран во 2016 година, а вкупниот број, заклучно со 2022 година е три случаи, сите извршени во 2016-2017 година и опфаќаат пациенти на возраст од 17 години (мускуларна дистропија), 11 години (цистична фиброза) и 9 години (мозочен тумор).[10]

Во однос на основите за евтаназија, доминираат случаите на неизлечиви болести и состојби, со неиздржливи физички болки и/или страдање, и со предвидлива смрт во догледно време, при што водечки се канцерите (60-70%), по што следуваат други (кардиоваскуларни, пулмонарни, невролошки); за 2022 година, таа бројка е 82,7% од вкупните евтаназии.[11] Според одредени

6 Bollen J et al, „Legal and ethical aspects of organ donation after euthanasia in Belgium and the Netherlands" (2016) 42 Journal of Medical Ethics 486-489.

7 Number of registered euthanasia instances in Belgium from 2002 to 2022, Statista, ***htttp://statista.com***.

8 Двегодишни извештаи на ФККЕЕ се достапни на ***http://overlegorganen.gezondheid.belgie.be***.

9 Cohen J et al, "Cultural differences affecting euthanasia practice in Belgium: one law but different attitudesand practices in Flanders and Wallonia" (2012) 75(5) Social Science and Medicine 845-853.

10 Hodjat A, "Belgium approved Euthanasia of 3 Minors, Report finds", Voice of America.

11 Supra 7.

истражувања, во просек, околу 10% од одобрените евтаназии се квалификуваат за органодонаторство, превалентно случаи на невролошки, мускулаторни и психијатриски растројства, но, ефективно не надминуваат 1%, а ист е процентот и на евтаназии врз основа на претходни изјави на согласност во случај на неповратно изгубена свест.[12]

Најголемите контроверзи во врска со белгиските евтаназиски искуства се сведуваат на следниве проблематични точки:

- Најпрво, тоа е *проблемот на темната бројка на извршени евтаназии*, имплицитно и евтаназии без писмени барања и согласност од пациентите (лекарски убиства). Единственото продлабочено истражување за овој проблем од 2013 година индицирало дека темните бројки се движат меѓу 25-35%, а во Фландрија одат дури до 40%[13]. ФККЕЕ во 2022 година извештајно ќе признае дека како контролно тело не располага со капацитет и методологија за справување со овој крајно сериозен проблем.[14] Заклучно 2020 година, ФККЕЕ во 21,8% од извештајните случаи пристапила кон отворање на неанонимната верзија.[15]
- Следната категорија се *случаите на полипатологија* (истовремено страдање од повеќе хронични или акутни медицински состојби), кои, по канцерите, се вторите по удел во извршени евтаназии, во просек, 1/5 од вкупниот број; според извештајните периоди 2018-2022 година, бројките се движат од 17-20%.[16] Евтанизираните во оваа категорија најчесто се над 80-годишна возраст, но со тренд на спуштање на границата до 70-годишна возраст.[17] Тоа не е за изненадување со оглед на фактот дека ФККЕЕ-извештаите покажуваат дека во толкувањето на полипатологијата како евтаназиски основ преовладуваат здравствени состојби кои најмногу ја засегаат најстарата популација: значително намалување или губење на видот и/или слухот; губење контрола врз физиолошките функции на мокрење и голема нужда; неспособност самостојно да се конзумира вода и храна; намалена или изгубена телесна мобилност; почетна или прогресивна деменција.

Сето тоа се зема како израз на губење на личната автономија, неретко придружено со општествена изолација и ментално/психичко страдање, иако ФККЕЕ нагласува дека не е во позиција да ја верификува полипатолошката реалност наведена во лекарските извештаи.[18] Увид во ширината на толкувањето и практичната пермисивност дава и интервјуто на претседателот на ФККЕЕ, д-р В. Дистелманс (W.Distelmans) од 2019 година, во кое тој објаснува дека полипатолошките евтаназии „најчесто опфаќаат лица во длабока старост кај кои се сретнуваат низа поблаги состојби кои, самите по себе, не се здравствено сериозни, но кои кумулативно стануваат неиздржливи за засегнатото лице“, како и дека треба да се очекува овој број во иднина уште повеќе да расте, со оглед на растечките бројки на лица кои доживуваат длабока старост.[19] Кога станува збор за најстарата популација, треба да се истакне и дека постојат (законодавни) иницијативи за легализација на евтаназијата и по основ на „умор од животот“, без никакво условување со медицински критериуми.[20] Иако тоа се уште не е законски основ, два случаја од праксата се индикативни. Првиот е од 2008 година и се однесува на познатиот 78-годишен белгиски писател Хуго Клаус, кој, откога дознава дека е во почетен стадиум на Алзхајмер, „самиот го избрал денот и моментот

12 Van Dijk N et al, “Directed Organ Donation after Euthanasia“ (2023) 36 Transpl.Int. 1.

13 Chambaere K et al, “Recent Trends in Euthanasia and Other End-of-Life Practices in Belgium” (2015) 372 The New England Journal of Medicine 1180.

14 Supra 8.

15 De Hert M. et al, “Improving control over euthanasia of persons with psychiatric illness: Lessons from the first Belgian criminal court case concerning euthanasia” (2022) 13 Front Psychiatry 1.

16 Id.

17 Raus K et al, “Euthanasia in Belgium: Shortcomings of the Law and its Application and of the Monitoring of the Practice”(2021) 46 Journal of Medicine and Philosophy 81.

18 Supra 13, 3.

19 Van De Walle J-P and S. Kuby, “The Legalization of Euthanasia and Assisted Suicide: An inevitable slippery slope” (2022) ADF International White Paper 30, 33.

20 Supra 13, 7.

на својата смрт“ по пат на евтаназија[21]. Вториот случај се однесува на 95-годишниот белгиски биохемичар - нобеловец, Кристијан де Дуве, кој во 2013 година, заради „серија здравствени проблеми“ и „за да не биде товар на другите“, се одлучува за евтаназија.[22]

За евтаназиите кај највозрасните пациенти, релевантни се сознанијата од едно истражување од 2010 година, според кое, консултирањето второ лекарско мислење е сеопшто ниско, но најприсутно во болнички услови (38,2%), помалку во старечки домови (31,7%), а најмалку во домашни услови (29,6%). Консултирањето лекари-специјалисти за палијативна грижа е уште пониско во просек, и тоа - најголемо во болнички услови (15,7%), помалку во домашни услови (7,9%), а најмалку во старечки домови (4,9%).[23] Истакнати лекари, како и лоби-групи на противници на евтаназијата, предупредуваат дека во одредени медицински кругови отворено се лобира за евтаназија на болните од Алзхајмер и други неизлечиви болести кај постарата популација по основ на „буџетски“ причини и за пренасочување на ваквите „изгубени средства“ кон пациенти со излечиви болести.[24]

Сепак, најголемите контроверзи се однесуваат на случаите како од прологот, односно *случаите на психијатриските пациенти*, иако, тие, барем засега, се со најмал удел во извршените евтаназии. Евтаназиите по основ на „неиздржливо” и „неизлечиво” ментално и/или психичко страдање како самостоен евтаназиски основ за првпат е вклучен токму во белгиското законодавство, засега следено само од Луксембург, додека во Холандија тоа е воспоставено правно толкување. Заклучно со 2022 година, во Белгија се евтанизирани над 400 психијатриски пациенти, што преставува варијација од 1-3% во вкупните случаи на годишно ниво.[25] Оваа категорија најчесто се физички здрави пациенти и со најголем удел во евтанизираните нетерминални пациенти, чии бројки се во постојан пораст, од 7% за периодот 2002-2007, до 17% во 2022 година[26] или, на речиси пет евтанизирани пациенти, за еден не се очекува смрт во догледно време. Исто така, кај оваа категорија доминираат возрасните групи под 60-годишна возраст, а според една студија за периодот 2007-2012 година, со преваленција на возрасните групи 41-50 и 51-60 (двете со 25%), по што следуваат возрасните групи 31-40 (15%) и 21-30 (5%)[27]. Од аспект на пол, забележлива е фрапантна надзастапеност на жените (69-77%).[28] Во однос на дијагнозите, водечки се случаите на депресија, по што следуваат биполарност, растројства од зависности од алкохол и психоактивни супстанци, гранични и бихејвористички растројства, шизофренија и други психотични растројства, посттрауматски стрес, анорексија и други растројства на исхраната, растројства од повреди на главата и мозокот, аутизам, деменција, како и други когнитивни невропсихијатриски и невромускулни растројства (Алзхајмер, Паркинсон, Хантингтон и Кројцфелд-Џејкоб).[29]

Нашата анализа на периодичните извештаи на ФККЕЕ покажува дека исполнетоста на критериумот за ментално и/или психичко страдање се изразува преку констатации за „губење автономија“, „зависност од други“, „осаменост и неможност да се оддржуваат контакти“, „лош квалитет на живот“, „животот веќе нема смисла“, „живуркам, а не живеам“, „не можам да продолжам, ова е крајот“ и слично, а за нивната „неиздржливост“ се зазема став дека „во најголема мера, тоа е субјективно доживување, и зависи од личноста на пациентот, неговите/нејзините идеи и

21 “Hugo Claus, 78, Belgian Novelist and Poet, Is Dead,” The New York Times.

22 “Christian de Duve, 95, Dies; Nobel-Winning Biochemist,” The New York Times.

23 Smets T. et al, “Legal Euthanasia in Belgium. Characteristics of All Reported Euthanasia Cases” (2010) 48(2) Medical Care 187, 188.

24 “Belgium:15 years after legalizing Euthanasia” (2017), ***www.alliancevita.org.***

25 *De Hert M. et al, “The Belgian euthanasia law under scrutiny of the highest courts” (2023) 24 The Lancet Regional Health Europe 1.*

26 Supra 8.

27 Thienpont L et al, Euthanasia requests, procedures and outcomes for 100 Belgian patients suffering from psychiatric disorders: a retrospective, descriptive study (2015) 5 BJM Open, 4.

28 Nicolini M.E et al, “Psychiatric Euthanasia, Suicide and the Role of Gender” (2022) 220(1) Br J Psychiatry 1.

29 Supra 8 и 28.

вредности за животот".[30] Како „објективизиран" критериум се зема одбивањето (психијатриски) третман и повтореното евтаназиско барање. Освен случајот од прологот, има и други случаи на евтаназии на психијатриски пациенти кои предизвикале јавни реакции низ годините, индикативни за (пре)широките толкувања на евтаназискиот закон во пракса.

Во 2012 година евтанизирани се двајца браќа-близнаци на 45-годишна возраст, родени глуви, со ризик за целосно ослепување заради глауком, а својот страв од тоа го навеле како „неиздржливо ментално страдање"[31]. Истата година евтанизирана е 44-годишна жена болна од анорексија, за која се утврдило дека била една од сексуално злоупотребените пациентки од страна на својот психијатар, познат експерт за анорексија, и која во евтаназијата гледала спас за „ракот во мојата глава", а заради евтанизираноста не било можно таа да сведочи на судењето на својот силувач, чие претходно благо професионално санкционирање по нејзина пријава имало влијание врз влошувањето на нејзината здравствена состојба и одлуката да бара евтаназија[32]. Во 2013 година евтаназирано е трансродово лице на 44-годишна возраст, родено како женско дете, запоставено од родителите кои посакувале „четврти син", чие „неиздржливо психичко страдање" било предизвикано од операции за промена на полот, заради кои се чувствувало „како монструм" и затоа што „новите гради не биле согласно очекувањата, а новиот пенис бил отфрлен од телото"[33]. Во 2015 година евтаназирана е 85-годишна физички здрава жена, која, заради „неиздржлива тага", се одлучила на евтаназија „пет минути" откога дознала за смртта на нејзината 58-годишна ќерка од срцев удар, а нејзината евтаназија е снимена во документарен филм на австралиската SBS Dateline[34]. Во 2023 година одобрена е евтаназија на 50-годишна жена, мајка на две деца во рано полнолетство, заради „повеќегодишно психичко страдање" предизвикано од тежок облик на претепување и силување под закана со нож од страна на непознато машко лице во 2016 година, чие барање за евтаназија е поднесено откога здравственото осигурување одбило да ги покрие трошоците за натамошно лекување, по што таа им изјавила на своите деца дека „лекувањето подразбира подолга психијатриска хоспитализација, а ние не можеме тоа финансиски да си го дозволиме."[35]

За евтаназијата на психијатриски пациенти постојат сериозни дилеми, поделеност и отпор и во лекарските кругови, особено кај психијатриските. Клучните аргументи се дека „желбата за смрт" кај овие пациенти најчесто е манифестација на самата болест или растројство, што воедно го доведува во прашање и капацитетот за расудување и одлучување согласно законските стандарди, како и дека, за разлика од физичките болести, состојбата е попроменлива и потешка за објективизирано проценување, а со тоа и ризикот за грешки и злоупотреби (лекарски убиства) е далеку поголем. Поткрепа во тој правец се наоѓањата на една студија која опфатила 100 психијатриски пациенти со евтаназиски барања, спроведена за периодот 2007-2012: во 13 случаи на одобрена евтаназија, дури осумина ги повлекле барањата или, пак, ја одложиле евтаназијата за неодредено време, бидејќи одобрувањето „им дало мир и сила да продолжат да живеат."[36] Според други студии, бројката на повлечени евтаназиски барања кај психијатриските пациенти варира од 10-20%.[37] Засега единствената студија за ставовите на белгиските психијатри, спроведена 2018-2019 година, ги индицира експертските амбивалентности: 74,5% од нив сметаат дека евтаназијата треба да остане легална опција за ваквите пациенти, но, 1/3 тоа го квалификуваат со придружна неизлечива физичка болест и догледна смрт; 68,9% од нив проблематизираат евтаназиски проценки на други лекари, вклучително и психијатри, а дури 50% сметаат дека евтаназиските процедури не се компатибилни со стандардите за психијатриска грижа; 30,3% од нив би

30 30 Supra 8.

31 European Deafblind Union statement regarding the euthanasia of deaf Belgian twins, ***www.edbu.eu.***

32 Id.; "Belgian psychiatrist deregistered over abuse", BioEdge (08.11.2014).

33 "Belgian man dies by euthanasia after failed sex change operation", Independent.

34 Allow Me to Die: Euthanasia in Belgium, SBS Dateline (2015), youtube.com.

35 Belgium: Euthanasia granted to a woman after rape, Daily News.

36 Supra 27, 1.

37 Van Wesemael Y. et al, "Process and outcomes of euthanasia requests under the Belgian act on euthanasia: a nationwide survey" (2011) 42 (5) J Pain Symptom Manage 721.

се согласиле да учествуваат во евтаназиска постапка со психијатриско мислење, а само 8,4 % и самите да извршат евтаназија.[38]

Во засебна подваријанта се дилемите за *евтаназијата на припадници на затворската популација по основ на ментално/психичко страдање.* Од една страна прашањето е дали овие индивидуи имаат „право на добра смрт", како и сите други, од друга страна, дали евтаназијата на затвореници, особено во случаи на долгогодишни или доживотни затворски казни, нема заобиколно да се ефектуира како смртна казна, макар и доброволно прифатена. Сето тоа со придружен ризик евтаназиските барања да бидат поттикнати од лоши затворски услови или третман, па и да ги стимулираат за таа намена, или алтернативно, како начин затвореницте да ја избегнат заслужената казна. Придружната правна дилема е дали во затворски услови, воопшто, е можно формирање волја согласно евтаназискиот закон. Засега нема објавени официјални бројки но, според една студија спроведена за периодот 2013-2015, по основ на неиздржливо ментално/психичко страдање, поднесени се 17 барања за евтаназија од страна на долгогодишни затвореници или лица задржани во установи за ментално болни извршители на кривични дела, сите последователно одбиени.[39]

Сепак, двецениското белгиско евтаназиско искуство бележи два регистрирани случаја: случај на мајка-убиец на своите пет малолетни деца, чија евтаназија е одобрена по основ на депресија, извршена на 28 февруари 2023 година по нејзино барање, датум на која таа ги извршила убиствата во 2007 година[40] и случај на сериски силувач на жени и убиец на една од силуваните во 1980-те години, кој поднесува барање за евтаназија во 2011 година по основ на неиздржливо психичко страдање, предизвикано од 30-годишна затвореност, кое првично било одобрено но, шест дена пред закажаната евтаназија во јануари 2015 година, лекарот ја повлекол својата согласност, заради големата револтираност на жртвите, нивните семејства, и јавноста. Публицитетот од вториот случај стимулирал дополнителни евтаназиски барања од страна на 12 лица под задолжително психијатриско лекување заради сторени кривични дела, тројца затвореници и еден обвинет за педофилски силувања на машки деца.[41]

2. ЕВТАНАЗИСКИТЕ ИСКУСТВА ПРЕД БЕЛГИСКОТО И ЕВРОПСКОТО (ПРАВО)СУДСТВО

2.1. БЕЛГИСКОТО (ПРАВО)СУДСТВО И ЕВТАНАЗИЈАТА

Адресирањето на евтаназиското искуство пред домашното и европското (право)судство во изминатите две децении е карактеристично скромно: само еден случај проследен до обвинителството од страна на ФККЕЕ, едно кривично судење, две уставно-судски оцени и еден случај пред Европскиот суд за човекови права, воедно прв случај на евтаназија и за самиот Суд.

Единствениот *случај проследен од ФККЕЕ до надлежното обвинителство* се однесува на случајот вклучен во ТВ-документарна емисија на австралиската SBS Dateline во 2015 година, спомнат под 1.2. Од снимката е евидентно дека пациентката самата ја испива смртоносната доза на лекарства, подадена во чаша од страна на лекарот, д-р Марк Ван Хој (Marc Van Hoey). Од страна на ФККЕЕ дополнително било утврдено дека тој, спротивно од законската обврска за случаи на нетерминални пациенти, не побарал второ мислење од психијатар, а за ТВ-емисијата ќе изјави дека пациентката побарала евтаназија затоа што и било „смачено од животот", а не заради

38 Verhofstadt M. et al, „Belgian psychiatrists' attitudes towards, and readiness to engage in, euthanasia assessment procedures with adults with psychiatric conditions: a survey" (2020) 20 BMC Psychiatry 374.

39 Snacken S et al, "Requests for Euthanasia in Belgian prisons. Between Mental Suffering, Human Dignity and the Death Penalty" (2015) 48 Criminologie 101.

40 Genevieve Lhermitte: Belgian mother euthanized on anniversary of murdering her five children, Independent (04.03.2023).

41 Devolder K., "Euthanasia for Detainees in Belgium. The Case of Frank Van Den Bleeken" (2016) 25(3) Cambridge Quarterly of Healthcare Ethics 384-5.

дијагностицирана депресија. Во белгиската јавност лекарот е познат како „Доктор Смрт“ заради над 140 извршени евтаназии (самиот „престанал да ги брои“), вклучително и двајца негови блиски пријатели, како и заради над 500 позитивни евтаназиски мислења. Јавноста го познава и како претседател на фландерското лоби-здружение „Право да се умре“. По негово признание, тој им има помогнато на низа други пациенти да извршат самоубиство, особено во случаи на неодобрени евтаназии, со образложение дека без негова помош таквите пациенти „може да скокнат од четврти спрат, а тоа секогаш е трауматско за сите други“.[42] Како што беше наведено под 1.1, белгискиот евтаназиски закон експлицитно не го предвидува медицински помогнатото самоубиство, за што станува збор во спорниот случај но, истовремено, белгискиот кривичен законик тоа не го криминализира. Ваквата правна празнина го објаснува наодот на обвинителството дека нема основ за кривичен прогон против лекарот за „убиство со труење“, иако самиот лекар го има пријавено случајот до ФККЕЕ како евтаназиски.[43] Случајот сосема јасно укажува на тоа дека медицински помогнатото самоубиство преставува толерирана пракса во Белгија.

Од 17 до 31 јануари 2020 година, во Кривичниот суд во Гент се оддржа првото, засега и единственото *судење со 12-члена порота за „убиство со труење од небрежност“,* против двајца општи лекари и еден психијатар за случај на евтаназија. Станува збор за евтаназирање на 38-годишна психијатриска пациентка во 2010 година, со медицинска историја на биполарност и депресија од 19-годишна возраст, хоспитализации по повеќекратни обиди за самоубиство, како и со проблеми на злоупотреба на дрога, епизоди на проституција и периоди на отуѓување од семејството. Но, во својот подоцнежен живот, особено од нејзината 34-годишна возраст, таа постигнува животна стабилност, го дооформува своето образование, работи и живее со својот љубовен партнер. Според сведочењето на нејзините две сестри, чија правна борба довела до судењето, тоа се нарушува по прекинот на љубовната врска, која вклучувала и епизоди на партнерско насилство, по што следува реактивирање на депресијата и евтаназиското барање. Пациентката добила и дополнителна дијагноза за аутизам, но без запазување на должниот период за медицински третман пред одобрувањето на евтаназија, како и за третирање на наново влошената состојба - била евтаназирана само четири месеци по поднесување на барањето. Судењето резултира со ослободителни пресуди затоа што за поротата „било невозможно да се утврди дали се испочитувани законските критериуми“, како и утврдувањето вина „без никакво сомневање“, кои не биле обжалени од обвинителството.

Независно од ваквиот епилог, за стручната и општата јавност судењето разоткрило низа проблематични аспекти во евтаназиската пракса, особено за евидентните нејаснотии и дискутабилни толкувања на законските критериуми „неизлечивост“ и „безалтернативност“ во случаите на психијатриски пациенти. Се утврдила и сериозна дисфункционалност во меѓусебната комуникција меѓу лекарите, па дури, според одбраната на едниот обвинет (семејниот лекар), и со доведување во заблуда за (зло)употребата на неговото лекарско мислење како поддржувачко за евтаназијата, сето резултат на одлучување „преку документација“, без законска обврска за комуникација во живо. Семејството, присутно на евтаназијата, сведочело дека таа била извршена на „аматерски“ начин, а лекарот-извршител бил дојден без потребната документација (смртовница) и опрема, а од таткото на пациентката побарал да ја „држи иглата додека тече смртоносната инфузија“, како и дека „ќесето со инфузијата паднало врз главата на пациентката додека таа се збогувала со семејството“. Притоа, лекарот им нудел стетоскоп „за да слушнат како нејзиното срце престанува да чука“. Самиот лекар признал дека „не ја дозавршил евтаназиската обука“, а од обвинителството било предочено и неговото претходно кривично досие (осуди за фалсификат, возење во пијана состојба, сексуално вознемирување на млади машки пациенти), што, очигледно, не било пречка тој да биде на контакт-листата на здружението специјализирано за евтаназија (LEIF), каде пациентката се обратила за поврзување со лекари- поддржувачи на евтаназијата.

---

42 Belgian doctor facing possible murder charge for euthanizing senior, National Post.

43 Schweitser F., “This is not an act of euthanasia: Legally correct, but ethically problematic?” (2023) 23 (4) Medical Law International 1-13.

За психијатарката, како една од обвинетите, бил изнесен фрапантен податок дека една третина од извршените евтаназиии на психијатриски пациенти во Белгија вклучуваат нејзино позитивно мислење. Во целина, судењето го извадило на површина сериозното потфрлање на сите три облици и нивоа на контрола согласно евтаназискиот закон (лекарска автоконтрола, меѓуколегијална контрола, ФКККЕЕ-контрола). Одбраната на сите обвинети постојано го квалификувала судењето како „обид за застрашување на лекарите" и како „заговор од католички црковни кругови", вклучително и преку посочување на такви врски на адвокатите на семејството на евтаназираната пациентка, иако сестрите на евтаназираната во своите јавни настапи постојано нагласувале дека не се противнички на евтаназијата, туку се против пречекорувањата и небрежната примена врз психијатриски пациенти.[44]

Поврзано со случајот од првото кривично судење за евтаназија, како претходно прашање иницирано од адвокати на одбраната, Уставниот суд на Белгија, во октомври, 2022 година донел *одлука за (не)уставноста* на (отсуство на) одредбите од евтаназискиот закон.[45] Поконкретно, тоа што евтаназискиот закон како *lex specialis* не содржи никакви квалификувани деликти и санкции за повреди на неговите материјални и процесни одредби, Судот го оценува како неуставно, нагласувајќи дека со тоа за лекарите во евтаназискиот процес се создава правен ризик да бидат подложни на кривично-правна одговорност според одредбите на белгискиот кривичен законик (убиство со труење) како *lex generalis* и за најнесуштествени процесни повреди. Тоа, според Судот, ризикува несоодветно и диспропорционално казнување, како и повреда на уставните начела на правна еднаквост и недискриминација. Претходно, во 2015 година, по иницијатива на три антиевтаназиски невладини организации, Судот ја оценувал уставноста на евтаназискиот закон во однос на нееманципирани малолетници[46]. По наоѓање на Судот, законскиот критериум малолетникот да има „капацитет за разбирање на евтаназијата" е јасен и прецизен, со значење дека малолетниот пациент „ги разбира импликации од евтаназиското барање". Се нагласува дека правниот стандард е идентичен на оној за „способност на пациентот да ги изрази своите желби", веќе вклучен во белгиските *lex generalis*-закони за деловна способност и права на пациентите, според кои, на нееманципирани малолетници може да им се дозволи самостојно носење здравствени одлуки, воспоставена пракса во други медицинско-правни контексти, вклучително и одлуки за одбивање животноспасувачки третмани и за органодонаторство.

Судот го нашол за уставен овој „функционален" правен стандард и во однос на неговата законската неограниченост со долна возрасна граница, одбивајќи го аргументот на иницијаторите дека на тој начин државата ја повредува обврската да го гарантира правото на живот на најмалите деца кои се уште не го разбираат значењето на смртта и кои се поподложни на надворешни морални притисоци. Судот нагласил дека другите законски условувања, вклучително и задолжителната медицинска евалуација на малолетничката способност за расудување, како и родителската/старателската согласност, ја даваат таквата правна заштита. Иако Судот одбива формално да ја оценува уставноста на „правната контрадикторност" меѓу индивидуалната автономија на малолетникот и задолжителната согласност на родителите/старателите, на што инсистирале иницијаторите, сепак, ќе коментира дека тоа не е „неразумно" законодавно решение, и значи испочитување на родителското/старателското право на семеен живот, но и на нивната обврска за грижа за благосостојба на децата. Како што ќе нагласи Судот, родителите/старателите, заради нивната близина со малолетниот пациент, иако најчесто медицински лаици, имаат специфична упатеност во неиздржливоста на неговите физички болки и/или страдање, како и во неговиот капацитет за расудување, што може да го помогне оформувањето и на медицинското мислење и, севкупно, ваквите решенија се во функција на зајакната процесно-правна заштита на малолетниот живот.

---

44 Supra 15, 1-14.

45 Supra 25.

46 Constitutional Court of Belgium, Judgement in the Case of: The Actions for annulment of the Act of 28 February 2014 amending the Act of 28 May 2002 on euthanasia to extend euthanasia to minors, initiated by the non-profit association "Jurileven" and by the non-profit association "Jongeren voor het Leven" (Young People for Life), ***const-court.be/public/eng.pdf.***

2.2. MORTIER V. BELGIUM (2022)[47]

Прв случај на активна евтаназија пред Европскиот суд за човекови права - Во ноември, 2017 година, поднесена е и засега единствената евтаназиска тужба против Белгија. Мајката на тужителот Том Мортиер, пациентка која страдала од дијагностицирана хронична депресија речиси 40 години, била евтанизирана во 2012 година, во присуство на неколку блиски пријатели, но не и на нејзините деца, и покрај повеќекратните сугестии на лекарите за нивна вклученост. Тие биле известени од болницата еден ден по извршената евтаназија. Откога синот бил одбиен за увид во евтаназиското досие на мајка му од страна на ФККЕЕ по основ на доверливост на податоците, воедно за случај констатиран за непроблематичен, тој поднел кривична пријава во 2014 година. Пријавата двапати била отфрлена од страна на белгиското обвинителство по основ на „недостиг на докази". Во својата тужба, тој се повикал на повреди на правото на живот на неговата мајка (член 2), неговото право на приватен и семеен живот (член 8), како и на неговото право на ефективен правен лек (член 13), согласно Европската конвеција за човекови слободи и права (ЕКЧП). Во овој прв случај на оценување дали евтаназијата е во спротивност со загарантираното право на живот во член 2, Европскиот суд во својата пресуда од 4.10.2022 година зазел принципиелна правна позиција дека од член 2 на ЕКЧП не може деривативно да се извлече „право да се умре", но истовремено дека *per se* не ја забранува евтаназијата. Судот, уважувајќи дека евтаназијата подразбира комплексни правни, морално-етички и општествени прашања и дилеми за кои државите-членки на Советот на Европа немаат постигнат концензус, а со тоа и дека мора да уживаат маргина на дискреција како ќе го адресираат прашањето во своите правни поредоци, сепак, истакнува дека нејзината декриминализација нема да биде во спротивност на член 2 само во случај на нејзина условеност и урамнотеженост со правото на живот. Тоа подразбира процедурално-правни и институционални гаранции евтаназијата да биде израз на слободна, информирана, експлицитна и недвосмислено изразена одлука на индивидуата, без никакви притисоци и злоупотреби, воедно и израз на нејзиното право на приватен живот, како и од него деривативното право на физички и морален интегритет, согласно членот 8, вклучително и по прашањето за сопствената смрт, а дали сето тоа е запазено може да се цени само од случај до случај, секако, подложно на правна оцена и од страна на Судот.

Во конкретниот случај, Судот утврдил дека нема материјално-правна повреда на членот 2, односно дека законот ги дава потребните гаранции, кои целосно биле испочитувани во случајот. Но, од процесно-правен аспект, Судот утврдил две повреди на истиот член, односно на правото на живот. Првата била сторена со тоа што лекарот кој непосредно учествувал во евтаназиската постапка, последователно, како член на ФККЕЕ, учествувал и во оценување на нејзината законитост, овозможено со законската гаранција за анонимност на евтаназиската документација. Судот не бил убеден дека е сторена процесно-правна повреда на конфликт на интереси во делот на донацијата од 2.500 евра од евтанизираната пациентка за про-евтаназиска невладина организација во која активно делувале лекарите, ниту дека на тој начин таа го „купила" нивното одобрувачко мислење. Втората процесно-правна повреда е сторена со игнорантскиот однос, како и со неразумното и неоправдано развлекување од страна на надлежното обвинителство во однос на двете кривични пријави на тужителот, за што имале обврска на постапување по високите стандарди на членот 2. Во однос на членот 8, Судот не утврдил никаква повреда на правото на семеен живот на тужениот, бидејќи незбогувањето било по неспорна одлука на неговата мајка.

3. КРИТИЧКИ ОСВРТ: БЕЛГИЈА КАКО ПРИМЕР ЗА СЛЕДЕЊЕ?

Кога станува збор за феноменологијата на медицински помогната смрт, во споредбеното право, за разлика од распростанетите алтернативи на пасивна евтаназија, медицински помогнатото самоубиство и палијативната седација, активната евтаназија се уште преставува исклучок, а не правило. И тоа само како медицински помогната евтаназија, освен во Австрија, како единствен случај каде по пат на „тестамент за смрт" дозволива е активна евтаназија од страна на лаик во

47 ECHR – 78017/17 (4.10.2022, Section III) at *https://hudoc.echr.coe.int;*

случај на оневозможеност на пациентот за медицински помогнато самоубиство. Надвор од тоа, со варијации во решенија, активната евтаназија е декриминилизирана само во единаесет држави во светот, со закон: во Холандија (2001), Белгија (2002), Луксембург (2009), Канада (2016). Австралија (сите сојузни држави, 2017-2023), Нов Зеланд (2019), Шпанија (2021), Австрија (2022) и Португалија (2023) и со уставно-судско толкување: во Колумбија (1997) и Еквадор (2024). Овој „новомилениумски" правен тренд е во законодавен фокус и во Германија, Ирска, Обединетото Кралство (Шкотска), Уругвај, Франција и Чиле, секако, со консултирање на правните решенија и искуства на претходниците, но со посебна референтност токму на белгиските, како најдалекусежни. Во Канада се настојува да се следи примерот на Белгија во однос на психијатриски пациенти, иако законодавните намери се одложени до 2027 година.

Но, дали Белгија навистина е пример за следење?

Од изложеното под 2.1, сосема е јасно дека е нужно доразработување на законските решенија со цел да се минимизираат сите конкретно идентификувани проблеми. Исто толку е потребно концептуално преиспитување, ударно по следниве проблематични точки:

- Прво, наместо *sub silentio* да се толерира медицински помогнато самоубиство, (белгискиот законодавец), како прашање на правната сигурност, ќе мора експлицитно да го регулира и разграничи со активната евтаназија. Иако по низа ситуациони и манифестни аспекти двата феномена се слични, сепак, меѓу нив постојат суштински разлики, токму во клучниот дел на индивидуалната волја и одговорност за своја „добра смрт", најконсеквентно изразена токму кај медицински помогнатото самоубиство. Не случајно, тоа споредбено позастапено и понеконтроверзно решение ја намалува злоупотребата на (медицинската) моќ на „живот или смрт" над други луѓе, медицинските грешки, како и правната одговорност на други (медицински) индивидуи за туѓ ваков избор.
- Второ, белгиската пионерска ескалација во однос на активната евтаназија најмногу се однесува на менталното и/или психичкото страдање како самостоен евтаназиски основ, не само за возрасни индивидуи, туку и за еманципирани малолетници. Затоа, изненадувачки и неразбирливо е зошто Европскиот суд за човекови права во *Mortier* воопшто не ја адресирал проблематиката на (ваквиот) евтаназиски основ. По наше мислење, Судот манифестирал преголема обзирност кон маргината на дискреција на државите, со фокус само на процесните и институционалните гаранции, целосно игнорирајќи ги онтолошките и телеолошките аспекти на активната евтаназија, дотолку повеќе што станува збор за прв таков случај третиран од Судот. Ако во својата маргина на дискреција, државата (Белгија) ја декриминализира активната евтаназија како „добра смрт" волево избрана од индивидуата по основ на неиздржливо и безалтернативно страдање и/или болки, тогаш секоја правна анализа на веродостојноста на таа волја неизбежно подразбира анализа и на евентуалните разлики меѓу физичкото и менталното/психичкото страдање, односно болки, но и дали и како тие влијаат на оформување на волјата. Тоа, пак, е клучно во толкувањето на позитивните и негативните обврски на државите во однос на правото на живот, во смисла на членот 2 од ЕКЧП.

Сепак, интересно е што само судијката Елосегуи, во издвоено мислење, делумно го адресира овој аспект, истакнувајќи дека проблемот не е само во (непримена на) законските *ex-ante* и *ex-post* контролни механизми, туку и во тоа дека суицидноста кај пациентите со ментални и/или психички патологии неретко е симптом на самата болест, што ја прави тенка, но и тешка, линијата во утврдувањето на автономна волја согласно правните стандарди. Оттука, таа предупредува дека постои ризик претходниот екстрем на медицински патернализам да се трансформира во екстрем на „лажна автономија на пациентот".[48] Сепак, ваквиот проблематичен аспект таа го третира како „менаџирање ризици за грешки", воздржувајќи се да ја протолкува активната евтаназија за психијатриски пациенти како повреда на член 2 од ЕКЧП, како што тоа го прави судијата Сергхидес во своето издвоено мислење, кој, од позиција на апсолутно противење на евтаназијата, аргументира дека „целта на евтаназијата е да стави крај на животот, додека целта на член 2

48 Id., Partly Concurring and Partly Dissenting Opinion of Judge Elosegui, para 26.

е да го зачува и заштити, па, оттука, секоја форма на евтаназија не само што е без правен основ во Конвенцијата, туку најдиректно е во спротивност со неа".[49]

Во овој контекст, ние ќе дадеме (трета) алтернативна правна аргументација и толкување: условеноста на активната евтаназија само со институционални и процесно-правни гаранции може да го помине тестот на интегритет на правото од аспект на член 2 од ЕКЧП само во случаи на соматски болести со неиздржливи и безалтернативни физички болки и/или страдање, но не и во случај на менталните и/или психичките. Имено, по линија на императивот за интегритет на правото, не смее да се заборави и дека станува збор за правниот простор на Европа каде смртната казна е укината речиси цел еден век, меѓу другото, заради преовладување на (правната) аргументација дека „ризикот за грешки" во услови на нејзина непоправливост како казнено решение, колку и да е сведен на минимум со институционални и процесно-правни гаранции, сепак е неприфатлив за европското цивилизирано општество. Следствено, ниту државите, ниту самите сторители на злостори, не можат да имаат маргина на дискреција во однос на смртната казна, дури и во однос на најтешките злостори. А, сепак, белгиските искуства на релација активна евтаназија – затворска популација се најубедливиот школски показател за ризикот евтаназијата заобиколно да се ефектуира како смртна казна, а со тоа и најдобро се доловува отсуството на правен интегритет во пристапот.

Во уште подиректниот контекст на активната евтаназија, тоа што усмртувањето од страна на државата е по (наводно) слободно оформена волја на индивидуата која треба да се усмрти (да потсетиме, недозволиво во однос на смртната казна како волев избор ниту за осудените за најтешки злосторства), самото по себе, воопшто не го отстранува, ниту „амнестира", ризикот од грешки на страна на државата. Следствено, ако правниот пристап за смртната казна е нула-ризик за усмртување евентуално невини индивидуи, чуму различен пристап за усмртување со активна евтаназија на индивидуи - психијатриски пациенти, а за кои постои далеку поголем ризик во утврдувањето на нивната автентична волја - клучен елемент за легализацијата и легалноста на евтаназијата. Воедно, по природата на нештата во сферата на менталните и психичките болести и/или растројства, е тешко за утврдување на волјата како конечно оформена, но и, ако и кога сето тоа би било неспорно утврдено, зошто таквото усмртување да биде извршено од страна на друг, всушност, од самата држава?

И покрај сегашната искуствена инцидентност, не смее да се игнорира и тоа дека онтолошкото и поимното проширување на активната евтаназија кон теренот на менталното и/или психичкото страдање како самостоен евтаназиски основ, со уште полизгав терен на толкување во евтаназиската пракса, кумулативно се ефектуира во своевиден облик на евгеника и „ослободување" од ранливи индивидуи кои се (набедени дека се) „бескорисен товар" за другите и општеството, неретко истрауматизирани жртви на насилен криминалитет. Во услови на недостиг на (по) објективизирани медицински мерила на ваквиот облик на страдање, не се за потценување ниту ризиците евтаназијата да се инструментализира за „економизирање" на здравствените буџети, особено палијативните и психијатриските. Засебно внимание и анализи заслужува и големиот јаз во бројките на случаи меѓу Фландрија и Валонија, како и меѓу мажите и жените, како предупредување дека во оформување на волјата за „добра смрт" важна улога имаат и други идејно-идеолошки и културни фактори, а не само индивидуалната волја за своја „добра смрт" и медицинската експертиза.

Земајќи го сето ова во предвид, сметаме дека овој евтаназиски основ треба да биде целосно отстранет, не само во белгиски контекст, туку и од севкупниот европски правен простор, секако, инструктивно и за други законодавци по светот кои размислуваат за декриминализација на активната евтаназија. Од позиција на интегритет на правниот поредок, во случаите на психијатриските пациенти, како консеквентна афирмација на автономната волја на индивидуата за своја „добра смрт", извлечена од нејзините права на физички и морален интегритет и на приватен живот (член 8 од ЕКЧП), како и на правото да не биде изложувана на нехуман или деградирачки третман (член 3 од ЕКЧП), единствено медицински помогнатото самоубиство преставува

49 Id., Partly Dissenting Opinion of Judge Serghides, para 5.

прифатлив облик на медицински помогната смрт и тоа исклучиво само во случаи на полнолетни и деловно способни пациенти. Секако, придружено со експлицитно исклучување болести и состојби за кои суицидноста или слабеењето на когнитивно-волевите капацитети се типични симптоми, како и со позасилени процесни и институционални гаранции од оние од белгиското законодавство, за што ќе стане збор подолу.

Трето, дведецениското белгиско евтаназиско искуство е оптоварено со низа проблематични аспекти од институционален и процесно-правен аспект, со нагласена акутност на фазите кои претходат на извршувањето на евтаназијата (*ex-ante* постапката), несомнено заради минимизирање на „убиства со труење", најчесто како прашање на (медицинска) небрежност, а секако и во однос на контролните фази *ex-post,* како прашања на правна одговорност, правда за оштетените, и генерална превенција. Секако, прв и врвен приоритет е веродостојноста на индивидуалната волја за евтаназија. Во тој правец, активната евтаназија и органодонаторство пост-евтаназијата, секогаш треба да бидат иницирани од самиот пациент, со законски експлицитна таква забрана за медицинскиот персонал, а не само потпирање на медицински протоколи, како што е белгискиот пристап. Дополнително, постојните решенија од белгискиот закон за т.н претходни директиви, поконкретно, осведочувањето на волјата од двајца сведоци, треба да се прошири и на евтаназиските барања во редовната постапка, а за што дополнителен аргумент се таквите решенија од законодавствата на земјите со подолги искуства со медицински помогнато самоубиство, со аналогна релевантност за активната евтаназија, а тоа се однесува и на воведување „конечна согласност" пред извршување на евтаназијата. Сево ова треба да помогне и во однос на елиминацијата на сериозниот проблем со темните евтаназиски бројки.

Натаму, единственото евтаназиско кривично судење во Белгија го извади на површина и сериозниот проблем на лекарското комуницирање по електронски пат и „по документација", нешто што треба да биде заменето со средби во живо како законска обврска. Како прашање на зајакната *ex-ante* контрола, сегашниот модел на правнообврзувачки мислења на уште двајца лекари во случаите на нееманципирани малолетници, треба да се прошири и на другите категории нетерминални пациенти. Актуелното решение за правна релевантност на мислењето на само еден лекар сериозно ја доведува во прашање позитивната државна обврска да го гарантира правото на живот. Исто така, потребни се законски решенија за лекарскиот конфликт на интереси во однос на евтаназиските мислења, вклучително и преку забрани за донации од страна на евтаназиските пациенти за про-евтаназиски или други невладини организации во кои лекарите членуваат или ги поддржуваат.

Белгиските искуства извадија на виделина и феномен на т.н „доктор-смрт", односно на преголема концентрација на давање (позитивни!) мислења, како и на извршување евтаназија, од страна на мал број лекари, неретко јавно профилирани евтаназиски активисти. Тоа вклучува ризик од „леснотија" и „рутинизација", но и за извитоперување на евтаназиската постапка во терен за манифестни гестови на идеолошки и политички активизам преку грбот на ранливи индивидуални животи, што мора да биде адресирано, меѓу другото, и со ограничување на бројот на евтаназиски барања по кои еден лекар може да постапува во даден период. Во однос на *ex-post* постапката, истражувачките анализи и (право)судните искуства покажуваат дека анонимизацијата на документацијата пред ФККЕЕ не ги дава оптималните резултати во вршење на контролната функција, ниту во отстранување на темните евтаназиски бројки, и таа треба да се отфрли како пристап, а со тоа и да го отстрани можниот конфликт на интереси кај членовите. Иако од искуствен аспект е прерано, но упатно е натаму да се следи иновативниот шпански законски модел на евтаназиска постапка од 2021 година, според кој, телото кое ја има улогата на ФККЕЕ во белгискиот модел, ја врши контролната функција двојно и двофазно, т.е *ex- ante* и *ex- post*, и дали и колку таквиот пристап ќе се покаже за подобар.

(Авторката е редовна професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј"; Honorary Research Fellow, University of Aberdeen School of Law.)

ПРАВОТО НА ЖИВОТ КАКО ОСНОВНО ЧОВЕКОВО ПРАВО ДЕФИНИРАНО ВО ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ

Ставот кон смртната казна видливо се изменил низ деценииите, на начин што по усвојувањето на Протоколите број 6 и 13 кон Европската конвенција за човекови права, таа била укината и се забранило нејзино изрекување. Смртната казна не се смета само за повреда на правото на живот, туку и на правото на заштита од мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Важен аспект за почитување на правото на живот е да се направи анализа на процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП против Република Северна Македонија, со цел да се утврди реалното влијание кое што пресудите на ЕСЧП го имаат врз домашното законодавство, политика и практики, а со тоа и врз заштитата на човековите права на национално ниво.

ДАНИЕЛА ЗЛАТКОВА - АЛЕКСАНДАР МИХАЈЛОВ

АПСТРАКТ

Правото на живот е основно човеково право кое што е гарантирано во повеќето национални и меѓународни документи кои се однесуваат на човековите права. Ова право произлегува од правото на достоинствен живот со почитување на физичкиот интегритет на личноста, како основно право на секое човеково суштество и предуслов за негово постоење. За ова право може да се каже дека има примат во однос на останатите човекови права, со потенцирање на неопходните исклучоци, како што е употребата на апсолутно неопходна сила од државните органи. Ќе се обидеме да ја претставиме судската практика на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во поглед на член 2 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП или Конвенцијата).

Оваа статија не претендира да ги опфати сите суштински и процедурални аспекти на правото на живот на начин како што се анализирани низ призмата на постоечката јуриспруденција на Судот. Ова се должи на комплексната правна природа на истражуваното прашање и потребата од истражување од поголем формат за да се опфатат сите овие аспекти. Главната цел на статијата е да му овозможи на читателот основно запознавање со правото на живот и постоечката практика на примена на член 2 од ЕКЧП.

Клучни зборови: право на живот, меѓународни документи, смртна казна, неопходност, пропорционалност, притвор.

ВОВЕД

Правото на живот е основно право на човекот кое е гарантирано како такво со повеќе национални и меѓународни документи кои ја уредуваат материјата на човековите права. Според школата на природното право, правото на живот се утврдува како суштинско природно право кое му припаѓа на човекот со самиот факт што тој е роден како човек.[1]

Оваа концепција за правото на живот е видлива и во историските документи од кои еден меѓу поважните е Декларацијата за независноста на Соединетите Американски Држави, која го прокламира следното: „овие вистини сами по себе ги сметаме за утврдени, дека сите лица се создадени како еднакви, со што се носители на одредени неприкосновени права – кои, меѓу другото, ги опфаќаат правата на живот, слобода и потрага по среќата...“.[2] Правото на живот се рефлектира и во други историски документи кои забрануваат арбитрерно погубување на лицата, какви што се, на пример, Големата повелба за слободите,[3] Повелбата за правата,[4] Habeas Corpus Act (1679) и Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот.[5] Тие вредности се огледуваат и во меѓународните документи кои се појавиле по Втората светска војна и кои се основа за меѓународната заштита на човековите права. Во понатамошниот текст ќе се обидеме да ги анализираме елементите на правото на живот имајќи ги предвид, пред сè, одредбите на Европската конвенција за човекови права, чија примена понатаму ќе се анализира преку судската практика на Европскиот суд за човекови права.

Прво, ќе се обидеме поимно да го определиме правото на живот, онака како што е дефинирано во ЕКЧП. Како второ, ќе биде анализирана јуриспруденцијата на ЕСЧП и неговите пристапи при разгледувањето на правото на живот, односно прашањата за завршувањето на животот и смртната казна, дозволената употреба на апсолутно неопходна сила од страна на државните органи, како и позитивните и процедурални обврски за заштита на правото на живот. За крај, во финалното резиме, ќе се обидеме да ги сумираме правилата во однос на начинот на примена на членот 2, кој се однесува на правото на живот.

1 Јован Ананиев, Беса Арифи, Наташа Габер-Дамјановска, Мирјана Лазарова-Трајковска, Жанета Попоска, Славица Чубриќ, (Човекови права, Скопје, ОБСЕ, 2018).

2 US Congress, Declaration of Independence, 1776.

3 Magna Carta Libertatum, 1215.

4 Bill of rights, 1689.

5 Déclaration des droits de l'homme et du citoyen, 1789.

1. ПРАВО НА ЖИВОТ СПОРЕД ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Човековите права се особено важни во односите меѓу луѓето и државата. Со нив се контролира и регулира извршувањето на државната власт врз поединците, се доделуваат слободи на поединците во однос на државата, и со нив се бара од државата да ги задоволи основните потреби на луѓето. ЕКЧП проникнува во најскапоценото наследство на Европа во областа на човековите права во долг временски рок. Неколку фактори имаат посебно значење за карактерот и содржината на ЕКЧП: еволутивниот карактер на Конвенцијата[6] заштитата на човековите права како основна цел на Конвенцијата, обврзувачкиот карактер на Конвенцијата за земјите-членки на Советот на Европа и правото на граѓаните[7] и индивидуите, невладините организации или групи на индивидуи од членките на Советот на Европа да бараат заштита на своите права пред контролните механизми на Конвенцијата кога нивните права се повредени со поединечни правосилни акти на органите на нивната држава.[8]

Еволутивниот карактер на ЕКЧП се согледува во нејзината отвореност за постапно вградување на нови човекови права, преку правната техника на дополнително донесување на протоколи и нивна ратификација од државите-членки на Советот на Европа. Контролните механизми за заштита на човековите права во Конвенцијата имаат поголем простор и поголемо значење за човековите права од просторот и значењето на содржината и формулацијата на самите права. Одредбите за заштита на правата се три пати побројни од одредбите за бројот и содржината на правата. Ваквиот однос кон контролните механизми е резултат на раширената свест во Советот на Европа дека за правото првенствено е битна негова заштита, а не неговата содржина или неговото постоење на хартија. Прецедентното право е клучен фактор за развојот на ЕКЧП, односно многу новини во Конвенцијата се резултат на судски случаи, односно резултат на толкувањата на ЕСЧП на одредени одредби од Конвенцијата преку призмата на конкретен спор.

Европската конвенција за човекови права се состои од три дела. Во рамки на првиот дел е поместен каталогот на основните слободи и права, за кои државите-потписнички се обврзале дека ќе обезбедат заштита. Вториот дел го регулира начинот на функционирањето на Европскиот суд за човекови права. Така, меѓу другото, во рамки на вториот дел се опфатени одредби во однос на надлежноста на Судот, изборот на судии и правилата на постапката пред Судот. Правилата во однос на постапката пред Судот, содржани во Конвенцијата, се надополнети со Деловникот на Судот, којшто го усвојува самиот Суд. Третиот дел на Конвенцијата содржи разни одредби во однос на нејзината применливост, како, на пример, одредби во однос на изразување резерва во врска со некоја одредба на Конвенцијата или во однос на условите за истапување од Конвенцијата.

Правото на живот е основно право на човекот кое е гарантирано како такво со повеќе национални и меѓународни документи кои ја уредуваат материјата на човековите права. Правото на живот е и првото право на човекот, кое е уредено во Европската конвенција за човековите права од 1950 година. Во членот 2 на ЕКЧП, правото на живот се дефинира на следниот начин:

1. *„Правото на живот на секој човек е заштитено со закон. Никој не може намерно да биде лишен од живот, освен со извршување на смртна казна, изречена со судска пресуда, со која е прогласен за виновен за кривично дело кое, според законот, се казнува со таква казна.*
2. *Се смета дека одредбите на овој член не се повредени доколку смртта настапила како резултат на апсолутно потребна употреба на сила: а) во одбрана на секој поединец од незаконско насилство; б) при апсење според закон или спречување на бегство на лице уапсено врз основа на закон; в) при законско спречување на немир или бунт.“*

6 Stefan Theil, "Is the Living Instrument Approach of the European Court of Human Rights Compatible with the ECHR and International Law?" [2017] 23 European Public Law 587.

7 Jeremy McBride, 'The Doctrines and Methodology of Interpretation of the European Convention on Human Rights by the European Court of Human Rights' (Council of Europe, 2021).

8 Член 34 од Европската Конвенција за човекови права, ETC 5.

Правото на живот мора да биде соодветно заштитено и во посебно деликатните правни постапки какви што се екстрадицијата, протерувањето и депортацијата. Во тие случаи поединецот е под притисок поради фактот што треба да одговара за сторено кривично дело, како и поради фактот што се соочува со несигурноста на губење на гаранциите за своите човекови права, кои секоја држава е должна да му ги заштити, меѓутоа во одредени држави, поради нивните закони или поради нивната политичка структура тие човекови права може да бидат во опасност и да не бидат соодветно и ефикасно заштитени. Затоа, државите треба да покажат посебно внимание кога треба да дозволат екстрадиција или да пристапат кон протерување или депортација на странецот и да имаат предвид колку би биле заштитени човековите права на тој поединец доколку тој се предаде на држава во којашто овие права тешко се гарантираат.

2. СМРТНА КАЗНА

Смртната казна, како предмет на дебата отсекогаш била интересна и атрактивна тема. Неспорно, смртната казна е исклучително контроверзна тема, која до денес сè уште е предмет на голем број несогласувања во светот. И покрај фактот што голем број држави ја имаат укинато смртната казна, напоменувајќи дека таа припаѓа на минатото, сепак, сè уште, постојат голем број држави кои ја практикуваат до денес. Посебно загрижувачки е фактот што голем дел од државите применуваат застарени, нехумани методи при извршувањето на егзекуцијата.

Вредно е да се спомене дека модерна Европа, прва започнала да ја укинува смртната казна. Како најзначаен датум се смета 22 април 1980 година, кога Советот на Европа го составил еден од најзначајните протоколи и тоа - Протокол 6 за заштита на човековите слободи и права, кој ја опфаќал и аболицијата на смртната казна. До денес, овој Протокол го имаат потпишано скоро сите европски земји, а Европа во поглед на аболицистичките ставови, главно ја карактеризира смртната казна како грубо кршење на човековите слободи и права. По завршувањето на Втората светска војна, аболицистичкото движење зело огромен замав, а посебен пресврт настанува во 1982 година, кога Советот на Европа го усвојува Протоколот 6 на Европската конвенција за човековите права – првиот правно обврзувачки инструмент со кој се укинува смртната казна. Овој Протокол е ратификуван од сите земји членки на Советот на Европа, освен Русија која го има потпишано, но не и ратификувано. Неколку години подоцна, во 1989 година, првиот интернационален документ чија цел е целосно укинување на смртната казна во светот, е усвоен од страна на Обединетите нации - Вториот изборен протокол на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.[9] До денес, овој документ е ратификуван од страна на 86 држави. Па така, со донесувањето на овие документи, сите земји членки на Европската Унија (ЕУ) ја укинаа смртната казна.

Тие се обврзани со ЕКЧП, а особено со член 2, кој вели дека: „Правото на живот на секој човек ќе биде заштитено за закон.” Европската Унија е должна со своите договори и протоколи да го почитува промовирањето и заштитата на човековите слободи и права во своите внатрешни и надворешни политики. За таа цел ЕУ го следи укинување на смртната казна во светот како прашање од најголем приоритет. Смртната казна според практиката на

ЕСЧП не се третира само како повреда на членот 2, туку и на членот 3 на Конвенцијата.[10]

Еден од поинтересните случаи од оваа област е познатиот случај *Ocalan v. Turkey*.[11] Како што е добро познато, Оџалан бил лидер на ПКК, нелегалната партија на Курдите кои во Турција и во други места се борат за да основаат нивна независна држава. Оџалан, кој бил обвинет за тероризам и сепаратизам, бил киднапиран од аеродромот во Кенија и однесен во Турција каде бил осуден на смрт во 1999 година. Во 2002 година Турција ја укинала смртната казна по што казната за Оџалан била преиначена во доживотен затвор.

---

9 *https://research.un.org/en/docs/humanrights/undhr*.

10 Supra note 8, член 3.

11 Ocalan v Turkey, App. no 46221/99 (Grand Chamber, 12 May 2005).

Апликантот Оџалан се жалел на повреда на повеќе членови на ЕКЧП во однос на неговите права, меѓу кои и членовите 2 и 3 од Конвенцијата. Во однос на изречената смртна казна, Судот утврдил дека членот 2 не бил повреден ниту, пак, бил повреден членот 3 во вид на мачење извршено со извршување на смртната казна поради фактот што смртната казна никогаш не била извршена. Сепак, Судот утврдил повреда на членот 3 во однос на изрекувањето на смртната казна, бидејќи сметал дека самото изрекување на таа казна и неколкугодишното очекување на апликантот дека ќе биде погубен, претставува повреда на правото на заштита од мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Судот не утврдил повреда на членот 14, односно забрана за дискриминација во однос на изрекувањето на смртната казна.

Во однос на исклучоците предвидени во ставот 2 на членот 2 на ЕКЧП, во судската практика на ЕСЧП се утврдени два принципа на дозволена употреба на сила што државите се должни да ги исполнуваат. Тоа се принципите на неопходност и пропорционалност. Неопходноста значи употребата на смртоносна сила од страна на државните органи е дозволена само во исклучителни околности кога таа сила е апсолутно неопходна во одбрана на секој поединец од незаконско насилство, при апсење според закон или спречување на бегство на лице уапсено врз основа на закон и при законско спречување на немир или бунт.

Прашањето на апсолутната неопходност на употреба на сила за првпат детално се уредува во случајот Мс *Cann and Others v. the United Kingdom*,[12] во кој Судот утврдил дека: „членот 2 предвидува исклучок од заштитата на правото на живот само кога тоа е „апсолутно неопходно" што значи дека треба да се спроведе постриктен и подлабок тест на неопходност во споредба со тестот кој се спроведува за да се утврди дали дејствувањето на државата е неопходно во едно демократско општество според ставот два на членовите 8 и 11 на ЕКЧП." Во овој случај се работи за смртта на три лица, членови на ИРА (Ирска републиканска армија), за кои постоело сомневање дека имаат далечински управувач со кој би активирале бомба, па лицата биле застрелани на улица во Гибралтар од Специјалната воздушна служба.

Судот утврдил дека операцијата можела да биде подобро планирана и контролирана без потреба да се застрелаат осомничените. Според членот 2 на ЕКЧП употребата на апсолутно неопходна смртоносна сила од државниот орган може да биде оправдано, меѓутоа, тоа не претставува неограничено право на полицијата да употребува оружје често и во секакви околности. Таков е случајот со воената полиција на Бугарија, која убила членови на семејството на апликантите во обид да ги приведе самите апликанти. Судот утврдил повреда на членот 2 и во однос на заштитата на правото на живот, но и во однос на недоволниот придонес на државата во истрагата за убиствата на тие лица. Судот утврдил дека полициските службеници треба да бидат тренирани да употребат сила само во исклучителни случаи и да разберат дека правото на живот е основно право на човекот кое не смее да се прекрши.[13]

Пропорционалноста е вториот принцип во однос на правото на живот утврден во практиката на ЕСЧП, кој, иако не се предвидува изрично во самиот член 2 на Конвенцијата, сепак, е видливо вграден во практиката на Судот.

Во случајот *Wasilewska and Kalucka v. Poland*,[14] Судот утврдил повреда на членот 2 во однос на смртта на осомничен за тероризам. Судот навел дека Полска не изнела никаков доказ или коментар во врска со пропорционалноста на употребената сила, организацијата на полициската операција или, пак, одговор на прашањето дали државата ги презела сите мерки да го заштити и гарантира правото на живот од арбитрарната употреба на сила од државните органи. Членот 2 предвидува и позитивни обврски во врска со процедуралните аспекти кои се однесуваат на обврската на државата ефективно да го истражува и гони прекршувањето на одредбите на Конвенцијата.

12 Mc Cann and Others v. the United Kingdom, App. no. 18984/91, (GC 27 September 1995).

13 Nachova and Others v. Bulgaria, App. no. 43577/98 and 43579/98, (GC 6 July 2005).

14 Wasilewska and Kalucka v. Poland, App. no. 28975/04 and 33406/04, (ECHR 23 February 2010).

Овие позитивни обврски во врска со постапката на гонење на сторителите на убиства опфаќаат повеќе аспекти.[15] Првиот аспект се однесува на обврската истрагата да биде независна, непосредна, експедитивна, да покаже капацитет за утврдување на фактите, како и да дозволи пристап на јавноста и на лицата блиски на жртвата на делото. Особено е важно тука да се истакне дека на овој начин во практиката на ЕСЧП се утврдени меѓународно признатите права на жртвата, меѓу кои спаѓа правото активно да учествува во кривичната постапка водена против обвинетиот за стореното кривично дело. Вториот аспект на позитивната обврска, која се поврзува со процедуралните аспекти на гонењето на убиството како дело кое го повредува правото на живот, е обврската на државните органи да демаскираат секаков расистички мотив на делото преку утврдување дали етничката, верската или друг вид на омраза играла важна улога во сторувањето на делото. Со ова, државата се обврзува ефективно да го гони криминалот од омраза, имајќи предвид дека повеќето дела од омраза се од насилна природа. Третиот аспект на позитивните обврски поврзани со процедуралните аспекти на гонењето на убиствата се однесуваат на ефективното истражување на убиствата кои се случиле за време на настани кои опфаќаат поширока јавност.

Во однос на позитивните обврски поврзани со кривичната постапка, во однос на членот 2 државите се должни да го гарантираат правото на живот особено во деликатни ситуации како што е, на пример, притворот. Има повеќе случаи во практиката на ЕСЧП во врска со смртта на притворените лица, при што се утврдиле позитивните обврски на државата во овој контекст. Државата е должна да го заштити правото на живот на осудените лица и преку превенција на самоубиството кај осудените лица. Во практиката на ЕСЧП неколку случаи ја потврдуваат оваа должност.[16] Во оваа смисла, треба да се направи разлика меѓу случаите во кои ментално здрави лица донесуваат одлука за самоубиство и случаите во кои лица кои се во затворски или здравствени институции посегнуваат по својот живот, а притоа не се во здрава ментална состојба разумно да донесуваат таква одлука. Во однос на заштитата на правото на живот во случаи на лекарски пропусти и грешки, важно е да се каже дека ЕСЧП утврдил дека во позитивните обврски на државите во однос на гарантирањето на правото на живот спаѓа и обврската здравствените установи да имаат правилници за заштита на правото на живот на своите пациенти, а државата има обврска да воспостави судски постапки во кои ефективно ќе се истражат причините за настапување на смртта како и одговорноста за тоа.

3. ЗАКЛУЧОК

Правото на живот е фундаментално право на човекот. Доколку ова право не се гарантира и заштитува, почитувањето на другите права предвидени во меѓународните документи и во националните законодавства би биле илузорни и непостојни. Пред сè, државата е должна да го заштити животот на граѓаните со многубројните закони и воедно да го санкционира прекршувањето на ова право. Правото на живот се штити со многубројни документи, како што е и Европската конвенција за човекови права. За успешна имплементација на меѓународните норми со кои се гарантира и заштитува правото на живот, не се доволни само добро утврдените правни системи или внатрешните прописи во државата, кои ќе бидат во согласност со меѓународните норми. Потребно е многу повеќе. Неукоста на граѓаните, долгите војни и диктатури се главните причини поради кои што е потребно да се имплементираат и гарантираат човековите права во сите држави во светот. Државните органи се тие кои треба да инсистираат на запознавање на граѓаните со нивните права кои им припаѓаат, а истовремено и тие да покажат спремност да ги почитуваат и признаат нивните права, да имаат способност да ја идентификуваат повредата на основните слободи и права како и да поседуваат одлучност да ги користат сите правни средства кои им стојат на располагање за да ги заштитат овие права. Правото на живот не може да се интерпретира како нечие право на смрт, бидејќи државните органи се должни да го заштитат правото

15 Supra note 1.

16 Salman v. Turkey (App. no. 21986/93, (GC 27 June 2000).

на живот на поединецот од секаква опасност, како и од можноста животот да биде одземен од благородни побуди. Ставот кон смртната казна видливо се изменил низ деценииите, на начин што по усвојувањето на Протоколите број 6 и 13 кон ЕКЧП, таа била укината и се забранило нејзино изрекување. Смртната казна не се смета само за повреда на правото на живот, туку и на правото на заштита од мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Важен аспект за почитување на правото на живот е да се направи анализа на процесот на извршување на пресудите на ЕСЧП против Република Северна Македонија, сè со цел да се утврди реалното влијание кое што пресудите на ЕСЧП го имаат врз домашното законодавство, политика и практики, а со тоа и врз заштитата на човековите права на национално ниво.

(Авторката Даниела Златкова е ученичка во СОУ„ Љупчо Сантов" од Кочани

Авторот Александар Михајлов е магистер по поморско право на Универзитетот во Осло, наставник во СОУ "Љупчо Сантов" од Кочани.)

ЗАШТИТАТА ОД НЕЗАКОНСКИ ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС НА ЛИЦАТА СО ХИВ ВО ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Република Северна Македонија нема усвоено посебно законодавство во однос на заштитата од дискриминација на работното место за лицата со ХИВ. Сепак, доколку овие лица се соочуваат со нееднаков третман на работното место, можат да се повикаат на општите одредби од националното законодавство во врска со недискриминацијата, содржани во член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и член 6 став 1 од Законот за работни односи. Исто така постои и релевантна европска и меѓународна регулатива која го регулира ова прашање, како и практика на Европскиот суд за човекови права.

НАТАША НАЈДЕНОВА - ЛЕВИЌ

АПСТРАКТ

Најважното во животот, едно од најпосакуваните нешта, е здравјето. Без оглед што некој сака и кон што се стреми, не смее да се заборави дека здравјето е неопходно. Тоа е услов за остварување на човековите можности, извор на неговите сили, поттик за негово добро чувство и расположба.[1]

Здравјето на човекот отсекогаш било многу важно за остварување на неговите целосни потенцијали и обезбедување на живот и стандард на живеење според личните желби и можности. Од аспект на можностите за работа и остварувањето на правата од работен однос, особено е значајна здравствената состојба на личноста, а ова прашање особено се актуелизираше во последните години, за време на пандемијата од Ковид-19.

Но, низ годините се појавуваа и други заболувања, како што се вирусот на хумана имунодефициенција (ХИВ) и СИДА, за кои што во општеството и понатаму се појавува сомнеж и неразбирање за лицата кои се носители на овој вирус, поради што тие се соочуваат со нивно исклучување од заедницата и ограничување или губење на правата кои им припаѓаат.

Клучни зборови: брак, права од работен однос, ХИВ-статус, практика на ЕСЧП, македонско законодавство и практика.

ВОВЕД

Македонскиот Закон за работни односи[2] го дефинира работниот однос како договорен однос меѓу работникот и работодавачот во кој работникот доброволно се вклучува во организираниот процес на работа кај работодавачот, за плата и други примања, лично непрекинато ја извршува работата според упатствата и под надзор на работодавачот.[3] За едно лице да заснова работен однос треба да ги исполни општите и посебните услови за тоа работно место. Во општи услови спаѓаат најниската возрасна граница за вработување и општата здравствена способност на работникот, а посебните услови се однесуваат на барањата во поглед на квалификациите, работното искуство и слично.

Сепак, законодавецот предвидел забрана на дискриминација која се однесува на расното или етничкото потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидноста, религиозното, политичко или друго убедување, членувањето во синдикатите, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.[4]

Европскиот суд за човекови права во неколку свои пресуди ја изразил својата позиција дека здравствената состојба на некое лице, вклучувајќи и здравствен проблем како што е ХИВ-от, мора да се смета како основа за дискриминација која потпаѓа под терминот „друг статус" кој се се користи во текстот на членот 14 од Конвенцијата, како попреченост или на ист начин како попреченост.

Во овој труд преку анализа на пресуда на ЕСЧП ќе се даде осврт на ставот на Судот во случај на лице заразено со ХИВ, поради што му бил прекинат работниот однос, и компарација со македонското законодавство и пракса во ваков случај.

---

1 Темков,К. (Нова Македонија 25.9.2018 година), ***https://novamakedonija.com.mk/prilozi/kolibri/%D1%87%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B4%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%98%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BD/***

2 Закон за работните односи, Службен весник на РСМ бр.62/2005, 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018; 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021; 111/2023;

3 Ibid, член 5 став 5 алинеја 1.

4 Ibid, член 6 став 1.

1. АСПЕКТИ НА ЗАШТИТА НА ЛИЦЕ СО ХИВ СТАТУС И НЕЗАКОНСКИ ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС ВО ПРАКТИКАТА НА ЕСЧП

1.1. ФАКТИЧКА СОСТОЈБА ВО ПРЕДМЕТОТ И.Б. (I.B.) ПРОТИВ ГРЦИЈА[5]

Случајот на *И.Б. против Грција* се однесува на отпуштање на вработен кој бил ХИВ позитивен како одговор на притисокот од другите вработени во компанијата.

Жалителот работел во фирма за производство на накит. Во јануари 2005 година, жалителот се доверил на тројца колеги, И.М. , С.М. и О.Г., оти се плаши дека се заразил со вирусот на хумана имунодефициенција (ХИВ). На 11 февруари 2005 година, додека бил на годишен одмор, со тест утврдил дека навистина бил носител на вирусот. На 15 февруари, работодавачот, г-ѓа С.К., добила писмо од претходно наведените тројца вработени во кои тие укажувале дека жалителот „имал СИДА" и дека претпријатието требало да го отпушти пред истекувањето на неговиот годишен одмор. Сите тројца направиле тест за СИДА кој се покажал негативен.

Во меѓувреме, информациите за здравствената состојба на жалителот се проширile во целото претпријатије, кое имало 70 вработени. Вработените почнале да се жалат на работодавачот дека мораат да работат со заразено лице и побарале негово отпуштање од работа. С.К. тогаш го поканила лекарот по медицина на трудот да дојде во претпријатието за да ги информира вработените за ХИВ и за неговото пренесување. Лекарот се обидел да ги смири вработените објаснувајќи им кои мерки на претпазливост требало да ги преземат. Вработените упорно барале жалителот да биде отпуштен од работа. С.К. тогаш сакала да го префрли жалителот во друг оддел од претпријатието, што се наоѓал на друга адреса, но шефот на одделот се заканил дека ќе поднесе оставка ако жалителот влезел во неговата служба. С.К. тогаш му предложила на жалителот да ја напушти компанијата, а во замена да му помогне да почне сопствен бизнис. Таа му предложила и да му плати обука за фризер. Сепак, жалителот ги одбил овие понуди.

На 21 февруари 2005 година, триесет и тројца вработени во компанијата (околу половина од вработените) се обратиле со писмо до С.К. во кое барале да го отпушти жалителот, со цел да се „заштити нивното здравје и право на работа", во спротивно хармонијата што владеела во компанијата ризикувала да биде загрозена. На 23 февруари 2005, два дена пред враќањето на жалителот од годишен одмор, С.К. го отпуштила од работа, плаќајќи му го надоместокот предвиден во грчкиот закон, имено месечна плата и еквивалент на платено отсуство, односно 843,41 евра.

На 13 мај 2005 година жалителот се обратил до првостепениот суд од Атина. Тој се жалел дека „неприфатливи општествени предрасуди и застарени табу размислувања" преовладале наспроти признавањето на неговиот придонес во компанијата каде што работел. Тој, исто така, се повикал на незаконитост на неговото отпуштање како и на неисплаќањето на доволен надоместок. Жалителот сметал дека единствената причина што ја натерала С.К. да ја донесе оваа одлука биле предрасудите (научно неосновани) против ХИВ позитивните лица и наводниот „ризик" што тие би претставувале во нивните професионални и социјални односи.

Со пресуда од 13 јуни 2006 година, судот пресудил дека отпуштањето од работа е незаконско, бидејќи спротивно на членот 281 од Граѓанскиот законик со кој се забранувало извршувањето на право ако тоа јасно ги надминува границите на добрите намери или моралот. Судот утврдил дека раскинувањето на договорот било мотивирано исклучиво од болеста на жалителот и му доделил сума од 6.339,18 евра, што одговарало на неисплатените плати од моментот на неговото разрешување.

Сепак, судот го отфрлил жалбениот навод на жалителот дека неговото отпуштање нанело повреда на неговата личност, бидејќи не било докажано дека отпуштањето произлегувало од деликветни намери или од желба тој да биде наклеветен. Судот, од друга страна, забележал дека С.К. го отпуштила жалителот за да го спаси она за коешто, погрешно, сметала дека е прашање на мирни работни односи во рамките на нејзината компанија. Конечно, судот сметал дека не

5 I.B. v. Greece, App.no. 552/10 (ECHR, 3 October 2013).

било потребно да нареди враќање на работното место на жалителот, бидејќи тој во меѓувреме си нашол нова работа.

На 26 февруари и на 15 март 2007 година, С.К. и жалителот поднеле жалби против пресудата до Апелациониот суд во Атина.[6] Со пресуда од 29 јануари 2008, Апелациониот суд ја одбил жалбата на С.К. и ја прифатил жалбата на жалителот во однос на двата навода, односно злоупотреба на право и повреда на неговата личност. Како и првостепениот суд, Апелациониот суд сметал дека С.К. го отпуштила жалителот попуштајќи пред притисоците на вработените, за да ја зачува добра работна атмосфера во рамките на нејзината компанија. Апелациониот суд истакнал дека стравувањата на вработените во компанијата биле научно неосновани, како што тоа им било кажано од страна на лекарот - бидејќи, поради начинот на пренос на вирусот, немало никаква опасност за нивното здравје. Овие стравови, всушност, биле засновани на предрасуди, а не на докажан ризик и, според тоа, болеста на жалителот не можела да влијае на идното функционирање на компанијата[7].

Апелациониот суд му ја доделил на жалителот сумата од 6.339,18 евра за неисплатените плати од денот на неговото разрешување. Тој, исто така, посочил дека имало повреда на личноста на жалителот, бидејќи неговото незаконско отпуштање претставувало повреда на неговиот професионален, како и општествен статус. Во однос на ова, тој му доделил дополнителни 1.200 евра за нематеријална штета.[8] Против пресудата на Апелациониот суд и С.К.и жалителот поднеле жалба пред Касациониот суд.

Со пресудата бр. 676/2009 од 17 март 2009 година (конечна верзија на 4 јуни 2009 година), Касациониот суд ја поништил пресудата на Апелациониот суд, со образложение дека погрешно го толкувал и применил членот 281 од Граѓанскиот законик во однос на фактите на случајот. Тој сметал дека раскинувањето на договорот за вработување не било незаконско, ако било оправдано од интересите на работодавачот „во позитивна смисла", како враќањето на хармонична соработка меѓу вработените и на доброто работење на компанијата кога тие биле нарушени заради задржувањето на работа на отпуштеното лице. Касациониот суд ја одбил жалбата на жалителот како неоснована и го вратил предметот на Апелациониот суд.

Со оглед на тоа дека иницијативата на постапката им припаѓала на страните, ниту жалителот ниту неговиот работодавач не побарале од Апелациониот суд да се произнесе за препратениот предмет[9].

Жалителот И.Б. се обратил до Европскиот суд за човекови права, на 2 декември 2009 година, и се жалел на повреда на член 14 во врска со член 8 од Конвенцијата.

1.2. РЕЛЕВАНТНА ЕВРОПСКА И МЕЃУНАРОДНА РЕГУЛАТИВА

Во овој дел е опфатена релевантната европска и меѓународна регулатива која ја разгледувал Европскиот суд во предметот *И.Б. против Грција.*

1.2.1. Препорака (бр. 200) на МОТ која се однесува на ХИВ и СИДА и светот на трудот, 2010 година

Оваа препорака е првиот инструмент на човековите права за ХИВ и СИДА во светот на трудот. Таа беше донесена, со широко мнозинство, од страна на претставниците на владите, работодавачите и работниците на земјите членки на МОТ во рамките на Меѓународната конференција на трудот во јуни 2010 година. Меѓу другото таа го наведува следното:

„3. (...)

в) никаква дискриминација или стигматизација не треба да се вршат против работниците, вклучувајќи ги лицата кои се во потрага по вработување и барателите на работа, поради нивниот

6 Ibid., став 7, 8, 9,10, 13, 15, 16 и 17.

7 Ibid., став 18.

8 Ibid.,став 21.

9 Ibid. став 22, 23, 24, 25 и 26.

вистински или претпоставен ХИВ статус или поради нивната припадност на региони од светот или популациони групи кои се сметаат за поизложени или поранливи во однос на ризикот од ХИВ инфекција;

(...)

9. Владите, во консултација со организациите на работодавачите и организациите на најрепрезентативните работници, би требало да предвидат еднаква заштита на онаа предвидена со Конвенцијата која се однесува на дискриминацијата (вработување и занимање), 1958 година, за да се спречи секаква дискриминација врз основа на вистински или претпоставен ХИВ статус.

10. Вистинскиот или претпоставениот ХИВ статус не би требале да бидат основа за дискриминација која би го спречила вработувањето или задржувањето на работа, ниту пак барањето на еднакви можности, согласно Конвенцијата во врска со дискриминацијата (вработување и занимање), 1958 година.

11. Вистинскиот или претпоставениот ХИВ статус не би требал да биде основа за отпуштање од работа.

Привременото отсуство од работа поради грижата за трето лице или заради болест поврзана со ХИВ или СИДА треба да се третираат како отсуства заради други здравствени причини, со оглед на Конвенцијата за отпуштањето од работа, 1982 година.

12. Кога постојните мерки во случаи на дискриминација на работното место не се доволни за да се обезбеди ефективна заштита од дискриминацијата врз основа на ХИВ и СИДА, членовите би требало нив да ги прилагодат или да развијат нови и да обезбедат нивно ефективно и транспарентно спроведување.“

1.2.2 Текстови на Парламентарното собрание на Советот на Европа

Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ) го покрена прашањето на ХИВ / СИДА во одреден број на документи.

Во својата *Препорака 1116 (1989)* за СИДА и човековите права, тоа се произнесе на следниот начин:

„3. Утврдувајќи дека, иако Советот на Европа се грижел уште во 1983 година за превенцијата, етичките аспекти биле само начнати;

4. Сметајќи, меѓутоа, дека е од суштинско значење да се осигура дека човековите права и основните слободи не се загрозени во името на стравот што го предизвикува СИДА;

5. Особено загрижени за дискриминацијата на некои болни па дури и ХИВ-позитивните лица;

(...)

8. Препорака на Комитетот на министри:

А. да се задложи Управниот комитет за човекови права да даде приоритет на зајакнување на клаузулата за недискриминација на членот 14 од Европската конвенција за човекови права, било со додавање на здравјето кај забранетите основи за дискриминација, било со изготвување на општа клаузула за еднаков третман пред законот (...) "

Во својата *Резолуција 1536 (2007)*, ПССЕ ја потврди својата посветеност во борбата против сите форми на дискриминација на лицата кои живеат со ХИВ/СИДА:

„Истакнувајќи дека ХИВ/СИДА претставува итен проблем, истовремено од медицинска, социјална и економска гледна точка, Собранието ги повикува парламентите и владите на земјите-членки на Советот на Европа:

9.1. да се осигураат дека нивните закони, политики и практики ги почитуваат човековите права во контекст на ХИВ/СИДА, особено правата на образование, работа, почитување на приватниот живот, заштита и пристап до превенција, третман, грижа и поддршка;

9.2. да ги заштитат лицата кои живеат со ХИВ / СИДА од сите форми на дискриминација како во јавниот сектор, така и во приватниот сектор (...) ".

1.2.3 Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права

Членот 2, став 2, од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права предвидува дека правата што се наведени во овој инструмент „ќе бидат остварувани без каква и да е дискриминација врз основа на расата, бојата, полот, јазикот, религијата, политичкото или кое и да е друго мислење, националното или социјалното потекло, богатството, раѓањето или која и да е друга ситуација." Во својот Општ коментар за недискриминација (бр.20, 2009), Комитетот за економски, социјални и културни права експлицитно наведе дека терминот „која и да е друга ситуација" на крајот од членот 2 став 2 од Пактот ја вклучува и здравствената состојба, особено ХИВ позитивноста :

„33. Здравствената состојба се однесува на физичкото или менталното здравје на едно лице. Државите-членки би требало да осигураат вистинската или претпоставената здравствена состојба на некое лице да не се пречка за остварување на правата загарантирани во Пактот. Заштитата на јавното здравје често се наведува од страна на државите за да ги оправдаат ограничувањата на човековите права заради здравствената состојба на некое лице. Меѓутоа, многу од овие ограничувања се дискриминаторски, на пример, кога ХИВ позитивноста се користи за да се оправда различен третман во однос на пристапот до образованието, вработувањето, здравствената нега, патувањата, социјалното осигурување, домувањетое и азилот (...)."

1.2.4 Пресудата на Уставниот суд од Јужна Африка во случајот Hoffman v. South African Airways

Во случајот *Hoffman v. South African Airways* (CCT 17/00), од 4 октомври 2000 година, од Уставниот суд било побарано да се произнесе за пресудата на Високиот суд *(High Court)* од Витвејтерсренд (Witwatersrand) во врска со дискриминацијата на работното место на г-дин Хофман (Hoffman) како член на комерцијалниот екипаж *(steward)* на јужно-африканската авиокомпанија, врз основа на тоа дека тој бил ХИВ позитивен. Компанијата се повикала на три аргументи: опасните реакции на ХИВ позитивните лица на вакцината против жолтата треска, ризикот од контаминација на патниците и другите членови на авиокомпанијата, ниската рентабилност на инвестирањето во таквите агенти со оглед на тоа што се осудени на пократок животен век од останатите.

Уставниот суд едногласно пресудил дека уставните права на г-дин Хофман биле повредени со таквата дискриминација. Прво, тој оценил дека треба да се направи разлика меѓу ХИВ позитивните лица и лицата со имунодефициенција. Тоа не било случај со г-дин Хофман, кој бил само ХИВ позитивен во времето кога бил отпуштен и кога Судот ја донел својата пресуда. Уставниот суд додал дека практиката на други странски авиокомпании немала влијание врз разгледувањето на уставноста на пресудата. Второ, тој потврдил дека комерцијалните интереси на една компанија се легитимни, но оценил дека тие не требало да се користат за да се оправда маскирана позиција со која, всушност, се игнорирале елементарните фундаментални права како што се човековото достоинство, сочувството и толеранцијата во однос на другиот. Со оглед на овие императиви, лицата заразени од ХИВ се наоѓале во ситуација на особена ранливост која барала комплетна заштита од страна на правниот систем. Поради овие причини, Судот заклучил дека, со оглед на повредата на правата на г-дин Хофман, авиокомпанијата имала обврска веднаш да му понуди работно место и да ги покрие трошоците на постапката.

1.2.5. Компаративно право

Компаративната студија на законодавството на триесет земји членки на Советот на Европа, во однос на заштитата од дискриминација на работното место за лицата со ХИВ, покажува дека седум земји, имено Албанија, Азербејџан, Италија, Молдавија, Романија, Обединетото Кралство и Русија имаат усвоено посебно законодавство во овој поглед. Меѓутоа, во дваесет и трите други држави кои не предвиделе такви текстови, лицата со ХИВ кои се соочуваат со нееднаков третман на работното место можат да се повикаат на општите одредби од националното законодавство во врска со недискриминацијата. Од одлуките на домашните судови и на другите органи вклучени во заштитата на човековите права во некои од овие држави произлегува дека тие обезбедуваат заштита од отпуштањето на лицата кои живеат со ХИВ преку забраната која важи за други основи на дискриминација, како што се здравството или хендикепот[10].

Така, на пример, во Франција, на 6 септември 2012 година, Комисијата за еднаков третман (од октомври 2012 година, Советот за човекови права) сметала дека законот за еднаков третман во однос на хендикеп или хронична болест не го обврзувал вработениот (во случајов ХИВ позитивниот вработен во кафуле кој бил отпуштен од работа) да ја обелодени својата болест, освен ако тоа било неопходно за извршување на работата. Комисијата, исто така, сметала дека претпоставените предрасуди на клиентите против ХИВ-позитивно лице не можеле да го оправдаат раскинувањето на договорот за работа.

На 13 декември 1995 година, Кривичниот суд од Понтоаз, (Pontoise) во Франција, го осудил работодавачот на пет месеци затвор условно и 3 000 евра отштета заради тоа што отпуштил, наводно од економски причини, еден од своите вработени, ветеринарен асистент, кој бил ХИВ позитивен.

Дури и пред донесувањето на белгискиот закон од 10 мај 2007 за борба против одредени форми на дискриминација, Трудовиот суд од Дендермонде (Dendermonde) пресудил, на 5 јануари, 1998 година, дека работодавачот го злоупотребил своето право на раскинување работен однос кога отпуштил вработен поради неговата ХИВ позитивност.

Швајцарскиот Сојузен суд (пресуда ATF 127 III 86) изјавил дека раскинувањето на работен однос само врз основа на ХИВ инфекција било дискриминаторско и навредливо според членот 336 од Законикот за облигациони односи.

На 18 октомври 2004 година, Регионалниот суд од Полтава (Poltava), Украина, го осудил главниот уредник на весникот да плати отштета на еден новинар што го отпуштил бидејќи бил носител на ХИВ.

Во Хрватска, по интервенцијата на Народниот правобранител, Правилникот за полицијата, кој предвидувал дека ХИВ позитивно лице не може да стане полицаец или не може да продолжи тоа да биде, бил изменет.

На 23 ноември 2009 година, полскиот Уставен суд ја прогласил за неуставна одредбата од Правилникот на Министерството за внатрешни работи според која ХИВ позитивен полициски офицер требало автоматски да биде прогласен за неспособен за служба.

На 26 април 2011 година, рускиот Врховен суд поништил една одредба од Правилникот за цивилно воздухопловство која забранувала лицата со ХИВ да работат како пилоти на сите видови авиони.[11]

1.3. НАОДИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

На прашањето дали фактите на случајот *И.Б. против Грција* спаѓаат во рамките на опсегот на членот 8 од Конвенцијата, за Судот нема сомеие дека прашањата кои се однесуваат на областа на трудот, како и ситуации кои вклучуваат луѓе носители на ХИВ, влегуваат во рамките на применливоста на приватниот живот. Не би можело да биде поинаку, со оглед на тоа што епидемијата

10 Ibid. став 39.

11 Ibid. ставови од 40 до 47.

на ХИВ не може да се смета само како медицински проблем затоа што нејзините последици се чувствуваат во сите сфери на приватниот живот.[12]

Нема сомнение дека доколку наведениот основ за отпуштањето на жалителот бил зачувувањето на добра работна атмосфера во рамките на претпријатието, предизвикувачкиот фактор бил обелоденувањето од страна на вработениот на неговата ХИВ позитивност. Токму овој фактор го предизвикал одбивањето од страна на неговите колеги да работат со него - и покрај уверувањата на лекарот по медицина на трудот повикан од страна на работодавачот да ги информира за начинот на пренесување на болеста - напорите на работодавачот да го убеди да го напушти претпријатието и, конечно, отворената закана на вработените дека ќе го нарушуваат работењето на претпријатието се додека жалителот е во него.

Јасно е дека отпуштањето на жалителот довело до стигматизирање на лице кое, дури и ако е носител на ХИВ, не покажало никакви симптоми на болеста. Оваа мерка можела единствено да има само сериозни последици врз неговата личност, врз нејзиното почитување и, во крајна линија, врз неговиот приватен живот. На ова може да се додаде неизвесноста на барањето нова работа, со оглед на тоа што шансите за наоѓање нова работа оправдано може да се чинат мали земајќи го предвид претходното искуство. Фактот дека жалителот нашол нова работа по неговото отпуштање не е доволен за да се избришат негативните последици што ги имале спорните факти врз неговата способност да води нормален живот.

На крајот, Судот потсетува дека во својата пресуда *Kiyutin* претходно наведена (§ 57), тој сметал дека здравствената состојба на некое лице, вклучувајќи и здравствен проблем како што е ХИВ, мора да се смета како основа за дискриминација која потпаѓа под терминот „друг статус", кој се се користи во текстот на членот 14 од Конвенцијата, како хендикепираноста или на ист начин како хендикепираноста.

Следува дека членовите 8 и 14 од Конвенцијата се применуваат во околностите на случајот.[13]

1.4. ОЦЕНКА НА ЕСЧП

Испитувајќи ги на фактите на случајот, Судот забележува, од една страна, дека работодавачот на жалителот му го раскинал договорот за работа поради притисокот што му го вршеле вработените и дека овој притисок бил причинет од ХИВ позитивноста на жалителот и загриженоста што била предизвикана кај нив. Тој истакнува, од друга страна, дека вработените на компанијата биле информирани од страна на лекар дека не постои никаков ризик од инфекција во рамките на работниот однос со жалителот.

Во однос на правниот лек поднесен од страна на жалителот, надлежните судови ги ставиле на вага, од една страна, потребата да се заштити правилното функционирање на компанијата, а, од друга страна, пак, оправданото очекување од страна на жалителот да биде заштитен за време на за него тежок период. Тие ја натежнале вагата во корист на жалителот. Особено, Апелациониот суд сметал дека заканата од нарушување на работата на претпријатието во овој случај, произлезена од масовните реакции на вработените, се засновала на реакции кои се научно неоправдани. Тој истакнал дека ако болеста на еден вработен немала негативно влијание врз работниот однос или доброто функционирање на претпријатието (на пример, предизвикувајќи отсуство на лицето или намалување на работната способност итн.), таа не можела да послужи како објективно оправдување за раскинување на договорот за работа. Од друга страна, поради природата на неговата работа, која не доведувала до преоптовареност, жалителот не ризикувал неговата работна способност да се намали, бидејќи во текот на многу години додека заболеното лице останува само носител на ХИВ, неговите способности не се значително намалени.

Во овој случај, Апелациониот суд изречно признал дека ХИВ позитивноста на жалителот немала ефект врз способноста на последниов да ја врши својата работа и не можело да се предвиди

12 Ibid. став 70.

13 Ibid. став 70.

дека таа ќе има негативен ефект врз неговиот договор за работа кој би го оправдал неговото експресно раскинување. Апелациониот суд, исто така, укажал дека самото постоење на фирмата не било загрозено од притисоците на вработените. Меѓутоа, претпоставените или изразени предрасуди на вработените не можат да се наведат како изговор за да се раскине договорот на ХИВ позитивен вработен. Во такви случаи, потребата да се заштитат интересите на работодавачот мора внимателно да се извага во однос на потребата да се заштитат оние на вработениот, кој е најслабиот дел на договорот, и тоа уште повеќе кога тој е ХИВ позитивен.

Од друга страна, Касациониот суд не ги извагал сите интереси на толку детален и темелен начин како што тоа го сторил Апелациониот суд. Со доста кратко образложение, во однос на важноста и новината на прашањата од случајот, тој тврдел дека отпуштањето било целосно оправдано од аспект на интересите на работодавачот, во позитивната смисла на терминот, бидејќи тоа било одлучно за да се врати мирот во претпријатието како и неговото добро функционирање. Ако Касациониот суд не го оспорил фактот дека инфекцијата на жалителот немала штетно влијание врз извршувањето на неговиот договор за работа, тој сепак ја засновал својата одлука, за да ги оправда стравувањата на вработените, на очигледно неточна претпоставка - на „заразната" природа на болеста на жалителот. Притоа, Касациониот суд првенството му го дал на правилното функционирање на компанијата, значењето што и вработените сакале да му го дадат, идентификувајќи го со нивната субјективна перцепција.

Судот не го дели аргументот на Владата дека одлуката на Касациониот суд во корист на жалителот немало да го реши проблемот, со тоа што работодавачот би требало тогаш да ги сноси трошоците на подолгото нарушување на работењето на неговото претпријатие, додека жалителот би требало се уште да се соочува со непријателско опкружување. Така, влогот на барањето поднесено пред Касациониот суд за жалителот се ограничувал само на доделувањето на обично обештетување како што тоа било одлучено од страна на Апелациониот суд, со оглед на тоа што првичното барање на жалителот за негово враќање во претпријатието било одбиено како од страна на првостепениот суд, така и од страна на Апелациониот суд. Од друга страна, Судот смета дека е невозможно да се шпекулира за тоа каков ќе бил односот на вработените во компанијата доколку Касациониот суд во случајов ја беше потврдил одлуката на надлежните првостепени и второстепени судови и, уште повеќе, доколку во Грција постоел закон или добро воспоставена судска пракса за заштита на ХИВ позитивните лица на работното место.

Во заклучок, Судот смета дека Касациониот суд не образложил доволно зошто интересите на работодавачот на жалителот ги надминувале оние на жалителот и дека тој не ги извагал правата на двете страни на начин во согласност со Конвенцијата.

Следува дека жалителот бил жртва на дискриминација врз основа на неговата здравствена состојба, спротивно на членот 14 од Конвенцијата заедно со членот 8. Оттука, имало повреда на овие одредби[14].

14 Ibid. ставови 85-91.

2. МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО И ПРАКТИКА ВО СЛУЧАИТЕ НА ЛИЦАТА СО ХИВ СТАТУС

Според податоците од Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) согласно постоечката евиденција на пријавени случаи заклучно со 31 октовмри 2023, кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА за периодот 1987–2023, изнесува 631.

Во македонскиот правен систем прашањата за заштита на лицата со ХИВ статус се регулираат со одредби во неколку закони, зависно од тоа кој дел од правата се заштитува.

Правото на здравствена заштита се обезбедува со повеќе одредби содржани во Уставот на Република Северна Македонија[15], Законот за здравствена заштита[16], Законот за заштита на правата на пациентите[17] и Законот за спречување и заштита од дискриминација[18].

Додека пак правото на заштитата на личните податоци поврзани со здравствената состојба е предвидено во Законот за заштита на личните податоци[19], каде во делот на „Посебни категории на лични податоци" се опфатени и личните податоци што се однесуваат на здравјето на физичкото лице[20].

Во Кривичниот законик на РСМ[21] како кривично дело се предвидува Неовластеното откривање тајна, и тоа во случај кога адвокат, нотар, бранител, лекар, бабица или друг здравствен работник, психолог, верски исповедник, социјален работник или друго лице неовластено ќе открие тајна што ја сознало во вршењето на својата професија, и за тоа се предвидува парична казна или со затвор до една година[22].

Сепак во анализата направена од страна на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ со преглед на случаите на прекршување на правата и слободите на лицата што живеат со ХИВ во Северна Македонија, документирани во периодот од 2009 до 2022 година, се воочени погрешни примени и/или прекршувања на законите, како и се разгледуваат неколку одредби во постојното законодавство коишто вршат системска дискриминација поврзана со ХИВ-статусот или носат ризик да бидат применети на начин што ги дискриминира лицата што живеат со ХИВ[23].

Во однос на темата на овој труд, заштита на лицата со ХИВ од дискриминација на работното место, во Република Северна Македонија нема усвоено посебно законодавство за заштита на овие

15 Членот 39 од Уставот на РСм, Службен весник бр.52/1991.

16 Член 3 од Законот за здравствена заштита, Службен весник на РСМ бр.43/2012, 145/2012; 65/2013; 87/2013; 164/2013; 39/2014; 43/2014; 101/2014; 132/2014; 188/2014; 10/2015; 61/2015; 154/2015; 192/2015; 17/2016; 37/2016; 93/2017; 20/2019; 101/2019; 153/2019; 180/2019; 275/2019; 275/2019; 77/2021; 122/2021; 178/2021; 150/2022; 236/2022; 199/2023; 236/2023; 263/2023; 30/2024; 74/2024;

17 Член 5 од Законот за заштита на правата на пациентите, Службен весник на РСМ бр. 82/2008, 12/2009; 53/2011; 150/2015; 190/2019; 122/2021.

18 Член 3 и 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ бр. 258/2020.

19 Службен весник на РСМ бр. 42/2020.

20 Supra note 17. Член 4 став 1 т.13.

21 Службен весник на РМ б. 37/96, Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на РМ" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, Одлука на Уставниот суд на РМ У.бр.220/2000 објавена во „Службен весник на РМ" број 48/01 со која е укинат ставот 3 од член 184; Дел од ставот 2 на член 101 е укинат со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.210/2001 објавена во „Службен весник на РМ " број 16/2002 година. со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.206/2003 објавена во „Службен весник на РМ" број 40/2004 укинат е член 423 од законот. Со Одлука У.бр.228/2005 објавена во „Службен весник на РМ" број 50/2006 е поништен член 38-д.

22 Член 150 став 1 од Кривичниот законик, Службен весник на РСМ бр.37/1996, 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017; 248/2018; 36/2023; 188/2023

23 Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ (2022). ХИВ и Човековите права во Северна Македонија: анализа на искуства и практики.

лица. Оттаму, лицата со ХИВ, кои се соочуваат со нееднаков третман на работното место можат да се повикаат на општите одредби од националното законодавство во врска со недискриминацијата.

Таква одредба е содржана во Законот за работни односи - забрана на дискриминација, која, покрај за другите основи, се однесува и на здравствената состојба. Во членот 9 од Уставот се предвидува дека „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви".

Помеѓу другите основи, здравствената состојба во Уставот не е посебно наведена. Во Законот за спречување и заштита од дискриминација здравствената состојба е предвидена како основ врз основа на кој се забранува секоја дискриминација.

Според достапните податоци во Република Северна Македонија се уште нема судска пракса за ХИВ на работното место[24]. Сепак, со оглед на бројот на лица во нашата држава кои се со ХИВ статус, прашање на време е кога и вакви предмети би можеле да се најдат на постапување и одлучување пред надлежните судови.

ЗАКЛУЧОК

Според податоците од Институтот за јавно здравје, во Република Северна Македонија, согласно постоечката евиденција на пријавени случаи заклучно со 31 октовмри 2023, кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА, за периодот од 1987–2023 година, изнесува 631.

Нашата земја нема усвоено посебно законодавство во однос на заштитата од дискриминација на работното место за лицата со ХИВ. Сепак, доколку овие лица се соочуваат со нееднаков третман на работното место, можат да се повикаат на општите одредби од националното законодавство во врска со недискриминацијата, содржани во член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и член 6 став 1 од Законот за работни односи. Исто така постои и релевантна европска и меѓународна регулатива која го регулира ова прашање, како и пракса на Европскиот суд за човекови права.

Во случајот И.Б против Грција, Судот утврдил неколку стојалишта кои треба да се имаат предвид при постапувањето во предмети за заштитата од дискриминација на работното место за лицата со ХИВ.

Прво, прашањата кои се однесуваат на областа на трудот, како и ситуации кои вклучуваат луѓе носители на ХИВ, влегуваат во рамките на применливоста на приватниот живот заштитен во членот 8 од Конвенцијата.

Второ, отпуштањето на жалителот довело до стигматизирање на лице кое, дури и ако е носител на ХИВ, не покажало никакви симптоми на болеста. Оваа мерка можела единствено да има само сериозни последици врз неговата личност, врз почитувањето на истата, и, во крајна линија, врз неговиот приватен живот. На ова може да се додаде неизвесноста на барањето нова работа, со оглед на тоа што шансите за наоѓање нова работа оправдано може да се чинат мали земајќи го предвид претходното искуство.

Трето, здравствената состојба на некое лице, вклучувајќи и здравствен проблем како што е ХИВ-от, мора да се смета како основа за дискриминација која потпаѓа под терминот „друг статус" кој се се користи во текстот на членот 14 од Конвенцијата, како хендикепираноста или на ист начин како хендикепираноста.

24 Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ (2022). ХИВ и Човековите права во Северна Македонија: анализа на искуства и практики.

Четврто, жалителот бил третиран понеповолно во однос на тоа како би бил третиран некој друг колега и тоа, единствено заради неговата ХИВ позитивност.

Петто, лицата носители на ХИВ се принудени да се справат со многу проблеми, не само од медицинска природа, туку, исто така, и од професионална, социјална, лична и психолошка, а особено со предрасуди понекогаш вкоренети дури и кај најобразованите лица.

Шесто, иако сите земји членки на Советот на Европа не донеле посебни закони во корист на луѓето кои живеат со ХИВ, постои јасен севкупен тренд да се заштитат овие лица од секаква дискриминација на нивното работно место преку поопшти законски одредби кои се применуваат од страна на судовите во случај на отпуштање на ХИВ позитивни лица како во јавниот така и приватниот сектор.

Седмо, надлежните судови ги ставиле на вага, од една страна, потребата да се заштити правилното функционирање на компанијата, а од друга страна пак, оправданото очекување од страна на жалителот да биде заштитен за време на за него тежок период. Судот смета дека Касациониот суд не образложил доволно зошто интересите на работодавачот на жалителот ги надминувале оние на жалителот и дека тој не ги извагал правата на двете страни на начин во согласност со Конвенцијата.

Оттаму следува дека жалителот бил жртва на дискриминација врз основа на неговата здравствена состојба, спротивно на член 14 и член 8 од Конвенцијата.

(Авторката е адвокат и насловен доцент на Факултетот за правни науки при Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе).

ПРОЦЕДУРАЛНИ ГАРАНЦИИ ВО СЛУЧАЈ НА ПРОТЕРУВАЊЕ СТРАНЦИ

Анализираниве пресуди имаат две клучни поенти:

Прво, кај проценката на ризикот за националната безбедност потребно е конкретно да се дефинираат околностите кои придонесуваат, или би придонеле за загрозување на националната безбедност, а спротивно на тоа, сегашната одредба од „Законот за азил и привремена заштита“ остава простор за прекумерна злоупотреба и самовластие при одлучувањето за добивање азил.

Второ, управните судови не ја оправдале својата улога како гаранти на правната сигурност и владеење на правото, па во иднина е неопходно спроведување контрадикторна постапка во ваков тип управни спорови.

ДАВИД НЕДЕЛКОВ

АПСТРАКТ

Тековните воени конфликти во Украина, во регионот Нагорно-Карабах и Појасот Газа, неминовно придонесуваат за тектонско поместување на светската демографска и миграциска слика. Податоците од Специјалниот извештај за одржлив развој на Генералниот секретар на ООН[1] покажуваат дека во 2022 година 108,4 милиони луѓе биле принудени мир да бараат надвор од границите на сопствената татковина, што е зголемување за 19 милиони луѓе, споредено со крајот на 2021 година, и 2,5 пати повеќе од пред една декада. Ова ја наметна потребата од усогласување на миграциските политики на државите кои се на „удар" од напливот на бегалците, а предизвика и потреба од формирање и развивање инклузивни институции кои ќе се стремат кон промовирање и поттикнување на човековите права и слободи, во кои спаѓа и уживањето процедурални гаранции за странците кои законски престојуваат на одредена територија, во случај на нивно протерување, со единствена цел - еднаква правда за сите.

1. ЦЕЛ 16: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ – МИР, ПРАВДА И СИЛНИ ИНСТИТУЦИИ НА ООН[2]

На 25 септември 2015 година, на 70-то заседание на Генералното собрание на ООН, донесена е Агендата 2030, во која се содржани 17 цели за одржлив развој, како замена за Милениумските развојни цели. Агендата е долгорочен документ за стратешки развој, за периодот 2015-2030 година и е дефинирана како „акциски план за луѓето, планетата и просперитетот, насочен кон зацврстување на универзалниот мир во поголема слобода". Конкретно, целта 16 од Агендата има за задача да промовира и да поттикнува мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, пристап до правда за сите и изградба на ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа. Оваа цел е структурирана во 10 потточки, од кои предмет на овој научен труд се оние кои се насочени кон промовирањето на владеењето на правото, на национално и на меѓународно ниво, и обезбедување еднаков пристап до правда за сите (16.3), развој на ефикасни, одговорни и транспарентни институции на сите нивоа (16.6), обезбедување одговорно, инклузивно, партиципативно и репрезентативно донесување на одлуките на сите нивоа (16.7) и обезбедување пристап на јавноста до информации и заштита на основните права и слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори (16.10).

Неизбежна е круцијалната улога на националните парламенти, кои, согласно со уставните надлежности, носат препораки за органите на извршната власт кои имаат обврска да изработат и да ревидираат национални стратешки документи (планови) поврзани со остварувањето на Целите за одржлив развој, како што е, на пример, Националната стратегија за одржлив развој (2009-2030)[3], донесена од Владата на Република Македонија.

1 The Sustainable Development Goals Report of the Secretary General of United Nations (Special Edition), Towards a Rescue Plan for People and Planet 2023, p.44, *The-Sustainable-Development-Goals-Report-2023.pdf (un.org)*

2 Цели за одржлив развој 16 – мир, правда и силни институции на ООН, *Sustainable Development Goal 16: Мир, правда и силни институции | United Nations in Северна Македонија*

3 Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија дел I/II (2009-2030), *Microsoft Word - NSSD_MK_del1 26јуни2009.doc (vlada.mk)*

2. ЧЛЕН 1, ПРОТОКОЛ 7 ОД ЕКЧП

Протоколот број 7 кон Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) е донесен на 22 ноември 1984 година, а стапил во сила на 1 ноември 1988 година.[4] Специфично за овој Протокол е што гарантира одредени права, кои, со претходните протоколи, не се предвидени.

Во став 1 е уредено дека „странец, кој законски престојува на територијата на една држава, не може од неа да биде протеран, освен во случај на извршување одлука донесена во согласност со закон". Пропишани се три точки, кои на странецот му ги гарантираат следниве права: „да ги презентира причините против неговото протерување (точка А); да побара преиспитување на неговиот случај (точка Б); и да му се овозможи за таа цел да биде застапуван пред надлежните власти или пред лицето или лицата кои тие власти ќе ги определат (точка В)". Практично, вака дефинираната одредба стриктно се применува на „странци кои законски престојуваат на територија на одредена „држава-членка" и „кои не можат да бидат протерани, освен во случај на извршување одлука донесена во согласност со закон", како и прашања кои Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), ги разјаснил во пресудата *Muhammad and Muhammad v. Romania.*[5] Според ова, како логичен заклучок произлегува дека терминот „закон" се однесува на националните закони на засегнатата држава-членка, односно дека одлуката треба да биде донесена од компетентни власти, во согласност со одредбите од суштински закон и релевантни процедурални правила (*Bolat v. Russia)*.[6] ЕСЧП, по однос на ваквата констатација, има заземено авторитетен став, па не е дозволен никаков исклучок од ова правило (*Sharma v. Latvia)*.[7] Ставот 1 е применлив единствено на поединци, а не и на меѓународни организации (*O.I.J. v. the Czech Republic*[8] и *F.S.M. v. the Czech Republic)*.[9]

Толкувачкиот извештај за Протоколот 7[10] дава прецизна дефиниција на терминот „жител", па потенцира дека од примена на член 1, Протокол 7, се исклучени сите странци кои пристигнале на пристаниште или на друга точка за влез, но сè уште не ја поминале имиграциската контрола, или на кои им бил дозволен влез на територијата, со цел транзит или нерезидентен престој". Потврда на вака дефинираниот поим дава и Судот низ својата практика во предметите *Yildirim v. Romania*[11] и *S.C. v. Romania.*[12]

Што се однесува до поимот „протерување", ЕСЧП нагласува дека тоа претставува автономен концепт кој е независен од која било дефиниција содржана во националната легислатива (*Bolat v. Russia*[13] и *Nolan and K. v. Russia).*[14]

Имајќи предвид дека заштитата на овие права не е од апсолутен карактер, став 2 предвидува дека странец може да биде протеран пред остварување на неговите права според став 1-а,б,в од овој член, доколку тоа протерување е неопходно за јавниот ред или за националната безбедност. Во предметот *C.G. and Others v. Bulgaria*[15] јасно е нагласено дека овие исклучоци мораат да бидат земени во контекст со принципот на пропорционалност, воспоставен од Судот. Доколку

4 Guide to Article 1 of Protocol No.7 to the European Convention on Human Rights-Procedural safeguards relating to expulsion of aliens, European court of human rights, updated on 31 August 2022, p.5 ***Guide to Article 1 of Protocol No. 7 - Procedural safeguards relating to expulsion of aliens (coe.int)***

5 Muhammad and Muhammad v. Romania App. No. 80982/12 (ECHR, 15 October 2020)

6 Bolat v. Russia App. no.14139/03 (ECHR, 05 October 2006)

7 Sharma v. Latvia App. no.28026/05 (ECHR, 24 March 2016)

8 O.I.J. v. the Czech Republic App. no.41080/98 (ECHR, 27 April 1999)

9 F.S.M. v. the Czech Republic App. no.39803/98 (ECHR, 27 April 1999)

10 Explanatory Report to the Protocol no.7 to the Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, Strasbourg, 22.XI.1984, point 9, CETS 117 - Explanatory Report to the Protocol No. 7 to the Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms (coe.int).

11 Yildirim v. Romania App. no.21186/02 (ECHR, 20 September 2007).

12 S.C. v. Romania App. no.9356/11 (ECHR, 06 March 2012).

13 Bolat v. Russia App. no.14139/03 (ECHR, 05 October 2006).

14 Nolan and K. v. Russia App. no.2512/04 (ECHR, 12 February 2009).

15 C.G. and Others v. Bulgaria App. no.1365/07 (ECHR, 24 April 2008).

државата-членка извршува наредба за протерување пред странецот да ги искористи своите права, мора да се докаже дека таквата мерка е неопходна, а во случај протерувањето да е неопходно за националната безбедност, треба да биде прифатено како доволно оправдување.[16] Во секој случај, на засегнатото лице треба да му се овозможи искористување на правата пропишани во став 1 (*Lupsa v. Romania*[17] и *Kaya v. Romania)*.[18]

Податоците низ историјата покажуваат дека ЕСЧП нема богата судска практика по однос на посочениот член. Сепак, тој успеал да воспостави одредени стандарди и принципи кога е во прашање примената на член 1 од Протокол 7.

Така, во предметите *Muhammad and Muhammad v. Romania*[19], *Ilias and Ahmed v. Hungary*[20] и *De Souza Ribeiro v. France*[21], ЕСЧП нагласил дека, со цел воспоставување ефикасно и ефективно меѓународно право и почитување на обврските што произлегуваат од него, државите-членки имаат овластување да вршат контрола за влез, престој и протерување на странци, а Конвенцијата не го гарантира правото на странецот да влезе или да престојува во одредена држава. Понатаму, констатира дека државите-членки се согласиле на „минимум" процедурални гаранции, во случај на протерување (*Muhammad and Muhammad v. Romania)*.[22]

Со оглед на специфичните гаранции, применливи во процедурите за протерување, државите-членки се свесни дека член 6, став 1 (правото на фер судење) не е применливо на ваквите процедури и дека е потребно преземање посебни мерки во дадената сфера. На ова Судот укажал во предметот *Maaouia v. France*.[23]

Аналогно на споменатово, Судот нагласува дека целта на Конвенцијата, како инструмент за заштита на човековите права, е повик за разбирање на нејзините одредби, односно на практична и ефективна примена на нејзините барања, а не теоретска и илузорна цел (*Geleri v. Romania)*.[24]

3. ПРАКТИКАТА НА ЕСЧП ВО ОДНОС НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3.1. СЛУЧАЈ ЉАТИФИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[25]

Во конкретниов случај жалителката Ѓилисара Љатифи е српска државјанка, која со своето семејство го напуштила Косово и се преселила во туѓената држава. На жалителката и бил одобрен азил и привремен престој, а дозволата за престој и била продолжувана до 2014 година, кога Министерството за внатрешни работи (МВР) и го укинало правото на азил, со образложение дека претставува ризик за националната безбедност. Обидите ваквата одлука да се оспори пред управните судови, останале безуспешни, од причина што домашните судови се повикале на доверлива белешка, добиена од Националната агенција за разузнавање, и ги прифатиле тврдењата на МВР дека жалителката претставува ризик за националната безбедност. Во белешката на Управата за разузнавање, од 19 септември 2013 година, било утврдено дека жалителката имала контакт и да-

16 Explanatory Report to the Protocol no.7 to the Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, Strasbourg, 22.XI.1984, point 15, CETS 117 - Explanatory Report to the Protocol No. 7 to the Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms (coe.int).

17 Lupsa v. Romania App. no.10337/04 (ECHR, 08 June 2006).

18 Kaya v. Romania App. no.33970/05 (ECHR, 12 October 2006).

19 Muhammad and Muhammad v. Romania App. No. 80982/12 (ECHR, 15 October 2020).

20 Ilias and Ahmed v. Hungary App. no.47287/15 (ECHR, 14 March 2017).

21 De Souza Ribeiro v. France App. no.22689/07 (ECHR, 13 December 2012).

22 Muhammad and Muhammad v. Romania App. no. 80982/12 (ECHR, 15 October 2020).

23 Maaouia v. France App. no.39652/98 (ECHR, 05 October 2000).

24 Geleri v. Romania App. no.33118/05 (ECHR, 15 February 2011).

25 Ljatifi v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia App. no.19017/16 (ECHR, 15 May 2018).

вала поддршка на лица - сторители на кривични дела, а воедно и живеела во невенчана брачна заедница, со цел да ја добие паричната помош на која имала право по доделувањето на азилот.

Овој случај е интересен и значаен од повеќе аспекти. Прво, во текот на постапката се покренало прашањето дали член 1, Протокол 7 воопшто може да се примени во дадената ситуација, бидејќи не постоела наредба, одлука или мерка преземена од тужената држава, со цел протерување на жалителката, односно дали наредбата, содржана во одлуката на МВР, се однесувала на рокот во кој се барало од жалителката да ја напушти територијата на тужената држава? Таа ја напуштила тужената држава, но врз основа на одобрение на МВР од 11 ноември 2015 година, со цел да добие документи од српските органи за да се вечна со својот партнер. Повторен влез и бил дозволен во јануари 2016 година. По однос на ова прашање, кое дополнително го наметнал судијата Eicke во своето неусогласено издвоено мислење, Судот оценил дека одлуката на МВР, од 3 февруари 2014 година, предизвикала прекинување на азилот на жалителката. Таа содржела експлицитна наредба, со која на жалителката и се наложило да ја напушти државата во определен рок, а која не била суспендирана од кој било друг домашен орган, па постоел ризик жалителката да биде протерана во кое било време. Фактот дека на жалителката и била дадена дозвола еднократно да ја напушти и да се врати во тужената држава, како и фактот дека не била извршена наредбата, не биле доволни за Судот да заклучи дека наредбата не е повеќе во сила, или дека не може да резултира со нејзино протерување. Оттука се изведува заклучок дека конкретната одредба од ЕКЧП е применлива дури и ако одлуката со која му се наредува на жалителот да си замине, сè уште не е спроведена. Во иста насока е и издвоеното мислење на судијата Sicilianos, кој појаснува дека во конкретниот случај постои реална повреда на посочената одредба, бидејќи не биле испочитувани некои од процесните гаранции. Одредбата, сама по себе, не се однесува на суштинските основи за протерување, и претставува додадена вредност на веќе постојните одредби во однос на странците. Она што е важно кај конкретната одредба е постапката и начинот на кој таа се води, па затоа процедуралните гаранции имаат превентивен карактер.

Понатаму, Судот забележува дека ниту органите, ниту националните судови не и посочиле на жалителката никакви основи врз кои ги засновале своите проценки, односно дека постоела општа изјава, како составен дел од класифицираната белешка, која не била достапна за увид под ниту еден услов во оспорената постапка. На тој начин жалителката била спречена да го презентира својот случај и да даде своја одбрана во понатамошната постапка со судска ревизија. Во своето образложение ЕСЧП особено е критичен кон управните судови, кои не направиле суштинска ревизија на тврдењето на извршните органи, дека жалителката претставувала ризик за националната безбедност. Оттука, заклучок на Судот е дека постои повреда на член 1 од Протокол бр.7, како резултат на пропустот на домашните судови правилно да испитаат дали оспорената наредба била издадена заради реална причина, поврзана со националната безбедност.

3.2. СЛУЧАЈ С.Б. ПРОТИВ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА[26]

Жалителката, од ромска националност, побегнала од Косово во 1999 година и добила статус во Република Северна Македонија, и од тој момент живее во тужената држава со нејзиниот партнер и со 5 деца. МВР, на 9 март 2017 година, донело решение со кое на жалителката и се укинува статусот на бегалец, поради ризик за националната безбедност, по што и се наредува да ја напушти тужената држава. На решението му претходел разговор со жалителката, во кој таа ја потврдила семејната состојба, како и намерата да се омажи за својот партнер, но во ниту еден момент не било дискутирано дали таа претставува ризик за националната безбедност. Решението било оспорено пред Управниот суд, кој на 3 јануари 2018 година ја одбил тужбата на жалителката и го потврдил решението на МВР, нагласувајќи дека имало релевантни информации за укинувањето на азилот, а изјавите дадени во текот на разговорот биле недоволни. Вишиот управен суд, со пресуда од 7 јуни 2019 година, ја потврдил првостепената пресуда, притоа утврдувајќи дека престанале законските предуслови за давање право на азил, а жалителката можела да го регулира својот престој по други основи. Истовремено, се повикал на информации доставени од Министерството, за состојбата на човековите права во Косово, и додал дека, иако доказите кои алудираат дека жалителката прет-

26 S.B. v. North Macedonia App. no.64163/19 (ECHR, 30 November 2023)

ставува закана за националната безбедност, кои патем жалителката не можела да ги оспори, биле разгледувани од Судот, но сепак не биле одлучувачки за пресудата.

Во поглед на допуштеноста, Судот се повикал на пресудата *Љатифи против Република Македонија*, нагласувајќи дека фактот што налогот не е спроведен за Судот не бил доволен да заклучи дека налогот не е веќе во сила, или дека не можел да доведе до нејзино протерување.

Што се однесува до основаноста, Судот ја истакнал потребата од спроведување контрадикторна постапка пред независен орган или суд, кога станува збор за мерки за протерување што влијаат на основните човекови права, без да ја спори независноста на управните судови. Решението на МВР, за кое Владата на тужената држава изготвила декласифицирана верзија во постапката пред Судот, не содржело индикации за фактите кои служат како основа за проценката дека жалителката претставува ризик за националната безбедност, а единствен релевантен факт било нејзиното наводно познавање и поддршка на криминалните активности на нејзиниот вонбрачен партнер и неговиот татко, иако ниту во Северна Македонија, ниту во која било друга земја не била покренатa кривична постапка против неа. Управниот суд не ги елаборирал доказите врз основа на кои било донесено решението, а Вишиот управен суд, во жалбената постапка, за прв пат се повикал на ситуацијата во Косово, изнесувајќи ги информациите добиени од тамошното министерство, па фактот што против таа пресуда немало право на жалба го покренува прашањето дека жалителката и нејзиниот застапник не можеле да ги оспорат причините за нејзиното протерување, кое било засновано врз основи различни од оние кои биле наведени во постапките пред МВР и пред Управниот суд. Во заклучокот, Судот, врз основа на маргината на уважување на тужената држава, утврдил дека ограничувањата наметнати на жалителката во домашната постапка, во врска со нејзините права, согласно со член 1 од Протокол бр.7, не биле избалансирани на начин на кој ќе се зачува суштината на тие права.

ЗАКЛУЧОК

Анализираниве пресуди имаат две клучни поенти, кои заслужуваат соодветно внимание, а се во насока кон исполнување на целите за одржлив развој. Прво, кај проценката на ризикот за националната безбедност потребно е конкретно да се дефинираат околностите кои придонесуваат, или би придонеле за загрозувањето на националната безбедност. Спротивно, сегашната одредба од „Законот за азил и привремена заштита" остава простор за прекумерна злоупотреба и самовластие при одлучувањето за добивање азил. Второ, управните судови не ја оправдале својата улога, како гаранти на правната сигурност и владеењето на правото, па во иднина сметам дека е неопходно спроведување контрадикторна постапка во ваков тип управни спорови, особено ако се земе предвид фактот дека во Законот за управни спорови, од 2019 година, јавната и усна расправа е задолжителна, освен во исклучоците предвидени во член 38 од споменатиот закон. Единствено на тој начин ќе се обезбеди ефикасноста и законитоста на управната постапка, а тоа претставува основен стандард за исполнување на фер судење и еднаквост на оружјата, во смисла на член 6 од ЕКЧП.

(Авторот е слушател на почетна обука во VIII генерација на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" - Скопје, Република Северна Македонија)

УЛОГАТА НА УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Моделот за уставна заштита на човековите права во Република Северна Македонија е уникатен и единствен во поглед на организацијата и функционирањето. Имено, главниот механизам за заштитата на човековите права пред Уставниот суд во нашиот правен систем е барањето за заштита на слободите и правата, а најважниот дел од целокупниот процес е примената на овој механизам во практика. За жал, ефикасноста во спроведувањето на одлуките во Република Северна Македонија е на многу ниско ниво, и затоа бројот на барања за заштита на слободите и правата до Уставниот суд е во константно опаѓање. Во исто време, расте бројот на одбиени и отфрлени барања, а позитивно е одлучено само за незначителен број на барања.

АНГЕЛА АНГЕЛЕСКА

АПСТРАКТ

Уставното судство е тесно поврзано со заштитата на човековите права, бидејќи токму неговото создавање започнало како одговор на обидот да се обезбеди непосредна заштита на човековите права од страна на еден повисок орган кој ќе биде достоен и специјализиран да ја обезбеди таквата заштита. За разлика од најголемиот број правни системи, во правниот систем на Република Северна Македонија, не е воведена сеопфатна уставна жалба како правен лек за заштита на човековите права и слободи, но предвидено е поднесување на барање за заштита на слободите и правата. Ваквото правно средство, кое е активен иницијален инструмент за непосредна заштита на човековите права во Република Северна Македонија, предвидува заштита само на три вида конкретно определени слободи и права предвидени во одредбите на Уставот на Република Северна Македонија и со тоа го прави средство со ограничен капацитет. Покрај ограниченият капацитет, под прашање се става и ефективноста на ваквото правно средство, со оглед на бројот на поднесени и уважени барања за заштита на слободите и правата.

Клучни зборови: правда, демократија, дискриминација, уставни права, слободи.

ВОВЕД

Главното прашање што се обработува во ова истражување е - механизмот за непосредна заштита на уставните слободи и права во Република Северна Македонија, односно неговото функционирање. При тоа, се анализира актуелната правна рамка на системот за заштита на слободите и правата , како и конкретно предвидените заштитени права според Уставот, за потоа да се премине на основниот механизам за заштита на човековите права кој е предвиден во нашиот правен систем - барање за заштита на слободите и правата пред Уставниот суд.

Појдовната претпоставка е дека Уставниот суд може да одигра значајна улога во заштитата на човековите права и слободи, сепак, прашање е како тоа се одразува во практика, со оглед на тоа што бројот на барања за заштита на слободите и правата е во константно опаѓање, а во исто време, расте бројот на одбиени и отфрлени барања. Позитивно е одлучено само за незначително мал број на барања.

Истражувањето има за цел да се обиде да даде образложение што се треба да биде опфатено, со цел да се направи обид да се намали ваквиот тренд кој владее во нашиот правен систем и да даде препораки за унапредување на заштитата на слободите и правата пред Уставниот суд. Утврдените недостатоци и препораки се, исто така, релевантни и за целокупното функционирање на овој механизам и, воопшто, на правниот систем за заштита на човековите права во Република Северна Македонија.

1. ПРАВНА РАМКА НА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Во однос на правната рамка на системот на заштита на уставните права, клучните правни одредби имаат различен карактер, па така, одредбите кои го регулираат делокругот на заштитени права се со уставно-правна сила, додека одредбите кои ја регулираат процесната страна се со правна сила на подзаконски акт - деловник. Имено, во Уставот не постојат одредби за процесните претпоставки кои се однесуваат на системот на заштита на човековите права, туку Уставот, во чл.113, на Уставниот суд му делегира овластување во својот Деловник да го регулира и текот на постапката, и правното средство за поведување на постапката за заштита на човековите права. На ваков начин Уставот му дозволува на Уставниот суд апсолутна слобода при обликување на одредбите, не само од својата надлежност, туку и на оние одредби кои се однесуваат на субјектите овластени за поведување на постапката за заштита на човековите права, норми со уставна

или законска сила.[1] И воопшто целата работа на уставното судство во нашата држава е уредено само со Уставот и Деловникот како подзаконски акт, а прескокнато е да се уреди уставната материја со закон.

Со ваквиот чекор и прескокнувањето на едно многу важно скалило во тристепената хиерархија на правни норми за регулирање на уставната материја, создадена е правна несигурност која е карактеристична само за нашата држава, бидејќи сите останати земји кои го прифатиле европскиот модел на уставно судство, него го имаат уредено со посебно и специјализирано законско решение, што се однесува на државниот орган кој е надлежен да ја спроведува контролата на уставноста. Ваквата ситуација не е отсекогаш, туку се појавува со донесување на последниот Устав од 1991 година, додека во Уставите на СРМ од 1963 и 1974 постои тристепена хиерархија на уредување на уставната материја.

2. ЗАШТИТЕНИ ПРАВА СПОРЕД УСТАВОТ НА РСМ (ЧЛ.110, СТ.1, АЛИНЕЈА 3)

Уставотворецот се одлучил да го овласти Уставниот суд да пружи правна заштита на само три, од вкупно четириесет и едно наведено поединечно право во Уставот. И тоа само на правата од граѓанска и политичка природа, но не и економските или социјалните права. Во продолжение се трите права за кои Уставниот суд пружи заштита.

а) Слободата на уверување, совеста, мислата и јавното изразување на мислата

Слободата на уверување, совеста, мислата и јавното изразување на мислата се слободи кои се гарантирани со Уставот на РСМ.[2] Станува збор за две слободи кои поради нивната заемност и условеност се изразуваат преку една уставна одредба. Слободата на мислење, Уставот ја определува како апсолутно право на човекот без ограничување. Ваквата апсолутност и неограниченост го опфаќа само мисловниот процес, што не може да се каже и за изразувањето на мислата. Слободата на мислата значи негирање на организирано и наметнато идејно, интелектуално и морално инквизаторство, туторство и командување во однос на мислата и личноста на човекот.[3]

Во однос на слободата на изразување во Република Северна Македонија, односно во практиката на Уставниот суд на РСМ, може да забележиме дека се донесени три одлуки со кои е утврдена повреда на слободите и правата. Во продолжение ќе ја споменеме првата одлука,[4] од 2018 година, во која Судот оценил дека спречувањето лица да истакнат транспарент со пароли против трошењето јавни пари за воено вооружување од полицијата, за време на јавна презентација на воена опрема, и приведувањето и отстранувањето лица - припадници на политичката партија „Левица“, што ги носеле тие транспаренти, претставува повреда на мислата и јавното изразување на мислата. Притоа, Судот, во голема мера, се потпрел на ставовите на Европскиот суд за човекови прва (ЕСЧП), изразени во неговата практика во врска со член 10 и член 11 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и заклучил дека ограничувањето на слободата на јавно изразување не исполувало легитимна цел и не било неопходно во демократско општество, со оглед на тоа што истакнувањето транспаренти на јавно место претставувало мирен протест кој не го нарушувал јавниот ред и мир.[5]

---

1 Савески, Д. Уставното судство – заштитник на човековите права (Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ 2019) 326.

2 Член 16 од Уставот на РСМ, Службен весник на РМ бр.52/1991.

3 Саво Климовски, Рената Дескоска, Тања Каракамишева, Уставно право и политички систем (Просветно дело 2006) 257.

4 Одлука на Уставен суд на РСМ У.бр.116/2017 од 27.06.2018 год.

5 Игор Спировски, Маргарита Цаца Николовска, Анализа на одлуките и решенијата на Уставниот суд на РСМ по поднесени барања за заштита на слободите и правата (Институт за човекови права 2023).

б) Слободата на политичко здружување и дејствување

Уставот на РСМ ја гарантира слободата на здружување, односно формирање на посебни правни ентитети - организации кои со дејствување на своите членови ќе ги остваруваат и заштитуваат своите права и интереси од политичка, економска, социјална, културна природа и други права и уверувања.[6] Тука, како посебна форма на поврзување и здружување, е правото на формирање на политички партии и здруженија на граѓани, како и слободно пристапување и истапување од нив. Исто така, во Уставот децидно е наведено дека програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост. Забранети се и воени или полувоени здруженија што не им припаѓаат на вооружените сили на Републиката.

в) Забрана за дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност

Забраната на дискриминација значи дека граѓаните треба подеднакво да се третираат во Уставот и законите, односно дека во општите правни акти тие ги имаат сите права и слободи, независно од природните особини (пол, раса и боја на кожа) и нивните социјални својства (етничка припадност, социјално потекло, политички уверувања, верска определба, имотна положба и општествен статус). Со други зборови, ова право се сведува на еднакво третирање во правото на членот на една категорија, кое во ништо не се разликува од третирањето на сите други членови на истата категорија.[7]

Со цел да докажеме пред Судот дека е повредено правото на забрана на дискриминација, треба да се фокусираме на аргументите кои покажуваат и докажуваат дека една личност е различно третирана во однос на другите лица кои што се во иста или слична ситуација и тоа само поради некое лично својство, кое е забранета основа за различен третман, во согласност со чл.110, алинеја 3, од Уставот. Клучниот критериум за препознавање на различниот третман е идентификацијата на „лица во иста или битно слична ситуација“, односно споредба.

На пример, не сте биле примена на конкурс за работа, иако сте ги исполнувале сите услови како и другите кандидати само затоа што сте жена; или на граничен премин, од сите патници во автобусот, само од Вас се барани посебни гарантни писма за престој во странство, само затоа што сте од друга националност, односно етничка припадност или имате друга боја на кожата, итн. Најтешкиот дел е да се покаже и докаже дека, навистина, поединечниот акт или дејството е засновано на дискриминациска основа, а доносителите на актите, секако, ќе тврдат дека за тоа имало законски основи што немаат врска со личните својства на индивидуите.

Различниот третман претставува дискриминација кога тој нема објективно и разумно оправдување т.е. не води кон остварување на некаква легитимна цел и не постои пропорционалност меѓу употребените средства и целите, што таквиот различен третман требало да ги постигне.[8]

---

6 Supra note 1, член 20.

7 Зоран Сулејманов, Дејан Сулејманов, цит, 2013 , стр.71.

8 Игор Спировски, Водич за составување на барање за заштита на слободите и правата пред Уставниот суд, (ОБСЕ – Мисија во Скопје, 2017) 26.

3. БАРАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА

3.1. ОВЛАСТЕНИ СУБЈЕКТИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА

Во однос на овластените субјекти за поведување на постапката за заштита на човековите права може да се забележи дека постојат одредени несогласувања и контрадикторности меѓу одредбите во Уставот и Деловникот на Судот. Имено, во чл.110, алинеја 3, од Уставот, пропишано е дека ги заштитува „правата и слободите на човекот и граѓанинот", што значи дека заштита имаат право да бараат сите субјекти, без разлика на нивниот статус, односно без разлика дали се граѓани, државјани или странци. Спротивно на тоа, пак, чл. 51 од Деловникот на Уставниот суд пропишува дека право да бара заштита има „секој граѓанин", кој е жртва на повреда од поединечен акт или материјално дејство на државен орган.

Од практиката на Уставниот суд може да се заклучи дека право за поведување постапката имаат само поединци, односно не и правните лица. Физичките лица, во секој случај може да бидат застапувани од страна на полномошник, кој не мора да биде адвокат„ но тоа се препорачува поради стручноста.

3.2. ПРЕДМЕТ НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Барањето за заштита на уставните права може да се поднесе против поединечен правен акт или материјално дејствие на определена јавна власт. Поединечниот правен акт треба да биде конечен или правосилен акт со кој е одлучено за конкретни права или обврски на точно определено лице или лица. Во поединечни правни акти спаѓаат поединечните судски акти, донесени од редовните судски органи, како и поединечните акти донесени од управната власт. Како примери за поединечни правни акти ќе ги споменеме: решение за пензија, решение за социјална помош, одлука за прием на работа или за престанок на работата, судска одлука за тужбено барање, одлука за дисциплинска одговорност, итн. Исто така, според воспоставената практика од страна на Уставниот суд, и поединечните акти на работодавачите од приватниот, како и од јавниот сектор, кои стекнуваат својство на конечност, може да бидат предмет на барањето за заштита на слободите и правата.

Конкретно за приватниот сектор, иако не се работи за акти на јавната власт или на тела кои вршат јавни овластувања, сепак, законската позиција и овластувањето на работодавачите да одлучуваат за правата и обврските на вработените во една строга законска постапка, со овластувања да одлучуваат и за правни средства за заштита на правата на вработените, односот меѓу работодавачот и вработениот - не се сведува на чисто приватно-правна работа, што е основата Уставниот суд да ги прифаќа и овие поединечни акти како „конечни", во смисла на членот 51 од Деловникот.[9] Освен против конечен или правосилен поединечен акт, барање за заштита на слободите и правата од членот 110, алинеја 3 од Уставот, во согласност со членот 51 од Деловникот, може да се поднесе и против дејство на определена јавна власт за кое се тврди дека ги повредува тие права и слободи. Треба да се работи за дејства коишто се директни и одлучувачки за остварување на едно право или слобода.

3.3. ВИДОВИ ОДЛУКИ И НИВНО ИЗВРШУВАЊЕ

Во случај кога Уставниот суд нема да утврди повреда, без оглед дали се работи за поединечен акт или дејствие, тој ќе донесе одлука со која ќе го одбие барањето за заштита на слободите и правата. Додека во случај кога Уставниот суд ги прифатил тврдењата на подносителот на барањето и утврдил дека има повреда на слободите и правата на подносителот на барањето, според чл. 56 од Деловникот, Судот ќе донесе одлука со која ќе го поништи поединечниот акт или ќе го забрани дејството со кое е сторена повредата, во зависност од тоа дали се работи за поединечен акт или дејствие во конкретниот случај.

9 Одлука У. бр. 227/2006 од 20.6.2007 на Уставен суд на РСМ.

Последната фаза од процесот е извршувањето на одлуките. Оваа фаза е една од најзначајните функции во правото, бидејќи во неа правото ја остварува својата реална цел. Одлуките треба да се извршуваат точно и навремено, без никаква одложувања и одолговлекување. Одлуките на Уставниот суд се извор на правото и како такви се задолжителни за сите судии кога решаваат нови слични спорови. Одлуките на Уставниот суд се правосилни и конечни, односно странките во постапката немаат можност да вложуваат правни лекови против одлуката.

Поради сето тоа, фазата на извршување подразбира дека одлуката веќе станала правосилна и дека е објавена во службеното гласило на РСМ. Со денот на објавување на одлуката, поединечниот акт кај кој е утврдена повредата на Уставот, односно правата утврдени со Уставот, престанува да важи. Одлуката со која се поништува поединечниот акт, наложува индиректна забрана на органот кој го донел поединечниот акт да одлучува на истиот начин за слични конкретни права и наложува обврска за повторување на постапката. Ваквата поништувачка одлука во предвид треба да ја имаат и другите органи кога решаваат за конкретни права.

ЗАКЛУЧОК

Во однос на моделот за уставна заштита на човековите права во Република Северна Македонија, може да заклучиме: тој е уникатен и единствен по поглед на организацијата и функционирањето. Имено, главниот механизам за заштитата на човековите права пред Уставниот суд во нашиот правен систем е барањето за заштита на слободите и правата, а најважниот дел од целокупниот процес е примената на овој механизам во практиках. За жал, ефикасноста во спроведувањето на одлуките во Република Северна Македонија е на многу ниско ниво, бидејќи како што напоменав во почетокот, бројот на барања за заштита на слободите и правата е во константно опаѓање, во исто време расте бројот на одбиени и отфрлени барања, а позитивно е одлучено само за незначителен број на барања.

Постојат повеќе причини кои придонесуваат за ваквата моментална состојба. Сметам дека недовербата на граѓаните во правосудниот систем е една од најголемите причини поради која, и онака малиот број барања, е во константно опаѓање и поради тоа голем број од граѓаните се одлучуваат да премолчат и да не бараат заштита на своите слободи и права. Големо влијание на ваквата состојба има тоа што, особено изминативе години, партизацијата зема голем замав, и тоа не само во однос на изборот, назначувањето и унапредувањето на судиите, туку и во однос на партиското влијание врз судски одлуки и целокупниот процес. Тоа е логичен след, кога има партиски избрани кадри кои раководат со судството, наместо квалитетни и компетентни кадри. Притисоците во правосудството влијаат на принципот на поделба на власта и неговото нарушување.

Значаен фактор е и ограничената надлежност на Уставниот суд во однос на заштитата на човековите слободи и права. Сметам дека токму поради ваквата ограниченост треба да се разгледа можноста за воведување на институтот - уставна жалба - во правниот систем на Република Северна Македонија, со кој би биле опфатени сите уставни слободи и права, а не само рестриктивно неколку од нив.

Крајно, ограниченото толкување и примена на меѓународните правни акти е уште една од причините кои посебно придонесуваат за моменталната состојба, бидејќи нивната примена е многу битна во системи на транзиција, како нашиот правен систем во кој постои правна несигурност и многу аспекти кои се недоволно јасно образложени и поставени. Во ваков правен систем клучно е почитувањето и вградувањето на меѓународни правни начела кои и тоа како би помогнале во пополнување на правните празнини кои постојат во домашното право.

(Авторката е докторанд на Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје ,Универзитет „Св Кирил и Методиј“ Скопје).

СЛОБОДАТА НА ВЕРОИСПОВЕД И МЕХАНИЗМИТЕ ЗА НЕЈЗИНА ЗАШТИТА ВО МАКЕДОНСКИОТ УСТАВЕН СИСТЕМ

Почитувањето на слободата на вероисповед во македонската држава е на високо ниво. Постојат механизми за заштита на оваа слобода. И Уставниот суд ги заштитува слободата на мислата, убедувањето и совеста и јавното искажување на мислата, како и забраната за дискриминација. Иако тоа е значајно за слободата на вероисповед, сепак Уставниот суд е прилично неефикасен во спроведувањето на оваа надлежност, а класична уставна жалба македонскиот уставен систем не познава. Затоа, неопходна е реформа на Уставниот суд, што ќе резултира со воведување на класична уставна жалба, која би била најефикасен механизам за заштита на слободата на вероисповед.

БОЈАН ПЕТРОВСКИ

АПСТРАКТ

Слободата на вероисповед е една од најважните човекови слободи. Заштитата на човековите слободи и права, пред сè со меѓународно-правни инструменти, чија актуелност добила на значење во 20 и 21 век, во голема мера се занимава и со слободата на вероисповед, како една од суштествените човекови слободи, имајќи предвид дека религиозноста е едно од најважните чувства кај голем број на луѓе. Оваа слобода е гарантирана со најважните меѓународни акти од областа на човековите права, како Декларацијата за заштита на човековите права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права на Организацијата на обединетите нации, и Европската конвенција за човекови права на Советот на Европа. Секако, и националните устави на државите потписнички на овие акти посветиле значајно внимание на оваа слобода.

Овој труд најнапред накратко го анализира местото на слободата на вероисповед во македонскиот уставно-правен систем. Трудот најпрво се занимава со заштитата на оваа слобода во најважните меѓународни акти, а потоа и во македонскиот Устав. Значајно внимание во трудот ќе биде посветено на правните механизми кои македонскиот уставен систем ги нуди за заштита на слободата на вероисповед, а ќе биде анализирана и правната положба на верските заедници во државата.

Клучни зборови: слобода на вероисповед, религија, верски заедници, религиозни групи, македонски уставен систем.

1. СЛОБОДАТА НА ВЕРОИСПОВЕД ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ АКТИ ЗА ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ

По Втората светска војна започнале да се развиваат меѓународните инструменти за заштита на човековите слободи и права. Со основањето на Организацијата на обединетите нации (ООН), заштитата на човековите права почнала да се гарантира на глобално ниво. Како суштествен дел од основните човекови слободи и права се појавила и слободата на вероисповед. Со Повелбата на ООН, акт со која била основана Организацијата, во неколку наврати била спомната еднаквоста, меѓу другото, и по основа на религија.[1]

Со актите чија првенствена цел била заштитата на човековите слободи и права, дополнително се разработува слободата на вероисповед. Универзалната декларација за човековите права на ООН, во членот 18 ја гарантира слободата на мислата, совеста и религијата. Понатаму, овој член утврдува дека секој човек има право да ја промени религијата, како и да ја практикува, самостојно или заедно со други луѓе.[2] Имајќи предвид дека Декларацијата не е правно обврзувачки документ, било потребно да се донесат и такви меѓународни документи. Во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, гарантирана е слободата на вероисповед. Членот 18 од овој акт е посветен и на оваа слобода. Во документот таа е дефинирана како „слобода на мислата, совеста и вероисповеста“. Покрај деталното дефинирање на оваа слобода, актот во став 3 од овој член утврдува дека оваа слобода може да биде ограничена само кога тоа е нужно заради „заштита на јавната безбедност, на редот, на здравјето или на моралот или, пак, на основните права и слободи на други лица“.[3]

Покрај заштитата на глобално ниво, постојат и меѓународни акти за заштита на човековите права на локално ниво. За слободата на вероисповед од суштинско значење е Европската конвенција за човекови права на Советот на Европа, која преку Европскиот суд за човекови права, кого го воспоставила, го обезбедила веројатно најефикасниот меѓународен инструмент за за-

1 Членови 1, 13, 55, 76, Повелба на ОН, 1945.

2 Член 18, Универзална декларација за човековите права, ООН, 1948.

3 Член 18, Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права на човекот и граѓанинот, ООН, 1966.

штита на човековите права. Конвенцијата во членот 9 ја гарантира заштитата на слободата на мислење, совест и вера. Исто така, и Европската конвенција, како и Меѓународниот пакт, утврдува под какви услови се ограничува слободата на вероисповед. И Повелбата за основните права на Европската Унија, ја гарантира слободата на вероисповед на ниво на ЕУ, во членот 10.[4]

2. СЛОБОДАТА НА ВЕРОИСПОВЕД ВО МАКЕДОНСКИОТ УСТАВЕН СИСТЕМ

Покрај со националните правни акти, слободата на вероисповед во македонскиот уставен систем е загарантирана и со меѓународните акти ратификувани од страна на државата. Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Универзалната декларација за човекови права на ООН, како и Европската конвенција за човекови права се дел од тие акти, кои се ратификувани и кои се на сила во македонскиот правен систем. Македонскиот Устав, пак, од друга страна, исто така изрично гарантира заштита на слободата на вероисповед. Повеќе одредби на Уставот имаат суштинско значење за религијата и слободата на вероисповед. Најнапред, важно е да се спомене уставно-правниот статус на религиите во македонскиот уставен систем.

Во македонскиот уставен систем не постои државна религија. Со други зборови, прифатен е принципот на секуларност, односно одвоеност на државата и религијата. Во членот 19, став 3 од Уставот, е етаблиран овој принцип. Во него е наведено дека верските заедници и религиозните групи се одвоени од државата.[5] Овој став со амандманите од Охридскиот рамковен договор од 2001 година бил изменет. Се работи во тоа што пред амандманите, била спомената единствено Македонската православна црква изречно, а со Амандманот VII, во член 19, став 3, биле споменати и Исламската верска заедница, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница. Се смета дека ваквата дефиниција во Уставот значи дека уставотворецот и дал посебен статус на МПЦ, имајќи го предвид фактот дека Православието е најзастапена религија во државата, како и значењето на МПЦ за националното единство. Понатаму, посебно од МПЦ се градирани ИВЗ, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница како засебна група на вероисповеди, а третата група на вероисповеди ја сочинуваат останатите верски заедници и религиозни групи, кои Уставот не ги споменува конкретно.[6]

Покрај оваа уставна одредба, за религијата од суштинска важност се и неколку други одредби. Во овој контекст значајни се гарантирањето на еднаквоста и слободата со член 9, став 1, кој гарантира дека граѓаните се еднакви, меѓу другото, и по верска основа, и член 16, став 1, кој ја гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, што се однесува и на верските манифестации. Членот 19 од Уставот е најважната уставна одредба за слободата на вероисповед. Покрај тоа што во став 3 ја гарантира секуларноста и еднаквоста на различните вероисповеди, овој член ја гарантира оваа слобода, како и изразувањето на сопствената вероисповед, а ставот 3 им дава слобода на верските заедници да основаат верски училишта и добротворни установи согласно закон. Амандманот VIII, кој претставува измена на членот 48 од Уставот, ја гарантира заштитата на идентитетот на заедниците, односно малцинствата, а во став 2 изречно се спомнува и верскиот идентитет на заедниците. Членот 20, став 3, пак, забранува програмите на здруженијата на граѓани и политичките партии да поттикнуваат, меѓу другото, верска омраза.[7]

Кога сме кај ограничувањето на слободите и правата, кое е можно за време на вонредна или воена состојба, согласно член 54 од Уставот, се забранува тоа да биде спроведено диксримина-

4 Член 10, Повелба на основните права на Европската Унија, 200/C 364/01, 2001 год.

5 Член 19 од Уставот на Република Македонија, Службен весник на РМ бр.52/1991.

6 Тања Каракамишева-Јовановска и Александар Спасеновски (Право и Религија, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2020) 158-159.

7 Тања Каракамишева-Јовановска и Александар Спасеновски (Прирачник за правото на верските заедници и за слободата на вероисповед во Република Македонија, Правен Факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2018) 35-37

торски, меѓу другото, и врз основа на слободата на вероисповед. Ставот 4 на овој член предвидува кои права и слободи не можат да бидат ограничени во никој случај, а таква е слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповедта.[8] Покрај уставните одредби кои се однесуваат на религијата, односно на односот меѓу државата и религијата и слободата на вероисповед, постојат и законски одредби кои се однесуваат на оваа проблематика. Најзначаен е Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, донесен во 2007 година.[9]

3. СОДРЖИНА НА СЛОБОДАТА НА ВЕРОИСПОВЕД

Слободата на вероисповед, сфатена во поширока смисла, е составена од неколку елементи кои се однесуваат на верската припадност на граѓаните. Најнапред, таа се однесува на слобода да се избере дали ќе се припаѓа на одредена религија или не. Понатаму, религиозните луѓе се целосно слободни да изберат на која религија ќе ѝ припаѓаат. Покрај изборот на религија, слободата на вероисповед ја содржи уште и слободата да се практикува сопствената вероисповед. Согласно оваа слобода, вероисповедта може да се практикува и самостојно и колективно, јавно или приватно, преку богослужби, поуки, проповеди, верски обреди и ритуали, како што е уредено и со членот 9 од Европската конвенција за човекови права. Заштитата на верските чувства е исто така дел од слободата на вероисповед. Оваа заштита ѝ создава обврска на државата да ги штити верските чувства на граѓаните, од евентуални повреди преку понижување, навреда, богохулење и слично.[10]

Имајќи ја предвид слободата на здружување, пак, во контекст на слободата на вероисповед може да се спомене правото на верските заедници да бидат регистрирани во државата во која постојат, а со самото тоа да можат да остваруваат одредени права. Ваквото регистрирање се прави согласно закон, а во македонскиот правен систем таков е претходно споменатиот Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група. Составен дел од слободата на вероисповед е и спроведувањето на верска настава. Македонскиот Устав ја гарантира слободата на основање верски училишта, а слободата за спроведување на веронаука е директно гарантирана и со член 18 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.

Како изведени права од слободата на вероисповед се споменуваат правото на проселитизам и правото на приговор на совеста. Проселитизмот означува право на припадник на одредена вероисповед без никакво ограничување да ја проповеда и да ја докажува исправноста на сопствената вероисповед пред други лица. Приговорот на совеста пак, означува право на граѓанинот, поради своите верски, филозофски или етички убедувања, да одбие да биде регрутиран и да носи оружје. Овие две изведени права се сметаат за значаен дел на слободата на вероисповед.[11]

8 Ibid, стр. 38.

9 Службен весник на РМ, бр. 113/2007.

10 Ананиев, Јован и др., (Човекови права, ОБСЕ, 2018) 183.

11 Supra note 7, 90-91.

4. МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДАТА НА ВЕРОИСПОВЕД ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ

Еден од основните механизми за заштита на човековите слободи и права, како во секој уставен систем, така и во македонскиот, е редовното судство. Меѓутоа, најеклатантен пример на механизам за заштита на човековите права е уставната жалба, преку која граѓаните, во државите каде постојат уставни судови, можат да обжалуваат конечни и правосилни конкретни правни акти, поради повреда на некои од уставно загарантираните слободи и права. Пред македонскиот Уставен суд не може да биде поднесена класична уставна жалба, туку барање за заштита на неколку човекови права, таксативно наброени во член 110, алинеја 3 од Уставот. Тука спаѓаат, меѓу другите, забраната за дискриминација и слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Тоа значи дека при евентуална верска дискриминација, или повреда на слободата на верското уверување, граѓаните можат да поднесат вакво барање до Уставниот суд. Меѓутоа, Уставниот суд е прилично неефикасен во постапките по ова барање, затоа експертите се согласни дека воведувањето на уставната жалба е неопходно.[12]

Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, како владино тело, е од големо значење за функционирањето на верските заедници и заштитата на слободата на вероисповед. Имајќи го предвид правото на граѓаните да поднесуваат претставки до државните органи, загарантирано со член 24 од Уставот, Комисијата на сопствената веб страница има резервирано еден дел токму за претставки, при што има изработено и формулар за поднесување на претставки до неа.[13] Користејќи го овој инструмент, граѓаните можат да бараат од Комисијата заштита на нивната слобода на вероисповед од евентуалните повреди.

Во македонското Собрание постои и Постојана анкетна комисија за слободите и правата на граѓанинот. Нејзиното основање е предвидено со член 76 од Уставот, и нејзина надлежност е да ја следи заштитата на човековите слободи и права. Граѓаните можат да се обраќаат до неа со дописи, при што комисијата зазема ставови и им одговара. Народниот правобранител е уште еден инструмент за заштита на слободите и правата, вклучително и на слободата на вероисповед. Со поднесување на претставки, граѓаните можат да побараат помош од Народниот правобранител, кој потоа бара од конкретните институции да ја елиминираат евентуалната повреда на слободите и правата.[14] Иако Народниот правобранител не донесува правосилни акти, сепак, неговото влијание е значајно и ефикасно. Комисијата за заштита од дискриминација е уште една институција која има улога во заштитата на човековите слободи и права. Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, при постоење на дискриминација, вклучително и верска, може да се поднесе претставка до Комисијата, која доколку утврди постоење на дискриминација, бара од лицето кое ја извршило дискриминацијата да ја елиминира, а доколку тоа не се случи, поведува прекршочен спор пред редовното судство.[15]

Значаен механизам за заштита на слободата на вероисповед е Европскиот суд за човекови права, пред кој може да се поднесе тужба по исцрпувањето на сите национални правни средства. Имајќи предвид дека слободата на вероисповед е заштитена со Европската конвенција за човекови права, Судот има надлежност и во оваа област. Интересно е што во богатата практика на Судот, од аспект на заштита на слободата на вероисповед, постои и една пресуда против македонската држава.[16]

---

12 Повеќе за потребата од уставна жалба и ефикасноста на Уставниот суд во постапувањето по барањата за заштита на слободите и правата види: Арсов, Јордан Улогата на Уставниот суд на РМ во заштитата на слободата и правата на човекот и граѓанинот повредени со поединечен акт или дејство, 920110, Правен дијалог бр. 3, Институт за човекови права, 2.

13 *https://www.kovz.gov.mk/pocetna/podnesi-pretstavka.nspx*

14 Supra note 7, 219-221.

15 Службен весник, бр. 258/2020.

16 "Orthodox Ohrid Archdiocese (Greek-Orthodox Ohrid Archdiocese of the Peć Patriarchy)"v. „the former Yugoslav Republic of Macedonia", App. no. 3532/07, (ECHR 16 November 2017).

Со оваа пресуда, Судот пресудил против државата, наведувајќи дека таа го повредила правото на здружување во контекст на слободата на вероисповед, со тоа што не ја регистрирала Православната охридска архиепископија (ПОА). Оваа црква функционирала како автономна црква во рамките на Српската православна црква (СПЦ), за територијата на македонската црква, паралелно со Македонската православна црква (МПЦ), како црква која фактички била автокефална. Државата никогаш не ја спроведе оваа пресуда, а веројатно тоа се должи на поддршката во борбата на МПЦ за автокефалност. Постоењето на ПОА беше причинето од црковниот спор меѓу СПЦ и МПЦ, кој беше решен со тоа што МПЦ доби Томос за автокефалност од СПЦ, а ПОА беше интегрирана во МПЦ, со тоа што црковниот клир и верниците на ПОА станаа дел од МПЦ, а со самото тоа се елиминира и потребата од постоење на ПОА.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Слободата на вероисповед е една од клучните човекови слободи во современиот свет. Таа е гарантирана со голем број значајни меѓународни правни акти чија тема е заштитата на човековите слободи и права. Покрај тоа, и националните устави на демократските држави во светот нудат силна гаранција на оваа човекова слобода, имајќи го предвид нејзиното значење во секојдневниот живот на луѓето. Така, и македонскиот Устав нуди гаранција за слободата на вероисповед, а исто така државата е потписничка на повеќе меѓународни правни акти кои ја заштитуваат оваа слобода. Во поглед на уставно-правниот статус на религиите, македонскиот уставен систем е секуларен, со тоа што поголемите верски заедници се изречно наведени во Уставот.

Почитувањето на слободата на вероисповед во македонската држава е на високо ниво. Постојат неколку механизми за заштита на оваа слобода. Покрај редовното судство, од овој аспект значајна улога играат и Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител и Постојаната собраниска анкетна комисија за заштита на човековите слободи и права. И Уставниот суд ги заштитува слободата на мислата, убедувањето и совеста и јавното искажување на мислата, како и забраната за дискриминација, со постапката од член 110, алинеја 3 од Уставот. Иако тоа е значајно за слободата на вероисповед, сепак Уставниот суд е прилично неефикасен во спроведувањето на оваа надлежност, а класична уставна жалба македонскиот уставен систем не познава. Затоа, неопходна е реформа на Уставниот суд, што ќе резултира со воведување на класична уставна жалба, која би била најефикасен механизам за заштита на слободата на вероисповед.

(Авторот е студент на трет циклус - докторски студии по уставно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје).

ДИМЕНЗИИТЕ НА РОДОВАТА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Жените од руралните средини се подложни на повеќекратна дискриминација. Поради системската родова нееднаквост која произлегува од родовата дискриминација, руралните жени имаат ограничен пристап до ресурси, во управувањето со ресурси и во локалната заедница. Потребно е усвојување на родово одговорни политики и документи кои предвидуваат афирмативни и друг тип мерки во земјоделството и нивно доследно спроведување како и трансформирање на традиционалната поделба на родовите улоги во домот и семејството.

ДАНИЕЛА АНТОНОВСКА

АПСТРАКТ

Како резултат на системската родова нееднаквост, руралните жени често доживуваат повеќекратна интерсекциска дискриминација. Работата на жените во руралните области најчесто не е препознаена, иако нивниот придонес во земјоделството е значаен. Жените од руралните средини се исклучени од процесите на локалното планирање, развивањето политики, буџетирањето и консултациите. Недостатокот на установи за згрижување на деца и стари лица во руралните средини, во комбинација со лоша транспортна инфраструктура, дополнително го оневозможуваат вклучувањето на руралните жени во формалната економија.

Овој труд има за цел да ги прикаже различните димензии на родова дискриминација врз жените од руралните средини, факторите кои промовираат системска нееднаквост и импликациите на родовата дискриминација врз жените од руралните средини. Решавањето на системската нееднаквост бара сеопфатен и практичен пристап, промена на општествените норми и ставови во врска со улогата на руралната жена во општеството и примена и промовирање на родово одговорни и трансформативни политики во руралниот и земјоделскиот развој.

Клучни зборови: рурални жени, дискриминација, родова нееднаквост, норми, породилно отсуство.

1. РОДОВА ДИСКРИМИНАЦИЈА – ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ

Родовата нееднаквост е важна општествена тема и таа е присутна во повеќе сектори меѓу кои и во земјоделскиот сектор и во руралните средини. Земјоделството традиционално се смета за сектор во кој доминираат мажите. Но, како сектор кој е двигател на развојот на руралната економија, треба да обезбеди препознатливост на улогата на жените од руралните средини.

Родовата нееднаквост е резултат на родовата дискриминација која се дефинира како „секоја исклученост, дистинкција или рестрикција по основ на пол што влијае или има за цел да го попречи или поништи признавањето, уживањето и остварувањето на човековите права и основни слободи на жените во политичка, економска, социјална, културна, граѓанска и /или која било друга сфера.“[1] Голем број жени и девојки од руралните средини ширум светот доживуваат повеќекратна интерсекциска дискриминација во своите животи. Структурните бариери, вклучително и дискриминаторските норми, ја одржуваат статус кво состојбата на нееднаквост и ги продлабочуваат родовите јазови во развојните резултати.

Родовите нееднаквости кај жените и девојките од руралните средини се видливи на индивидуално ниво, на ниво на домаќинство, на општествено ниво како и во различни фази од животниот циклус. Родовата дискриминација е евидентна во пристапот до стратешките родови потреби поврзани со потребата долгорочно да се промени животниот статус преку право на земјиште и имот, контрола на ресурси и управување, пристап до кредити и финансиски услуги, зголемено учество во носењето одлуки на различни нивоа, но и во пристапот до практичните родови потреби како што се водоснабдувањето, храната, транспортот и слично.

2. СОЦИО-КУЛТУРНАТА ДИМЕНЗИЈА НА РОДОВАТА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Дискриминаторските општествени норми и родовите стереотипи го ограничуваат напредокот на жените во сите сфери. Според глобалниот извештај за Социјални институции и родов индекс за 2023 година, половина од населението на глобално ниво или 56%, смета дека кога мајката работи за плата, нејзините деца страдаат. Од жените често се очекува да преземат најголем дел од неплатената грижа и домашната работа, ограничувајќи го времето достапно за образование,

1 Родова дискриминација, European Institute for Gender Equality *https://eige.europa.eu/publications-resources/thesaurus/terms/1090?language_content_entity=mk*

обука и платено вработување. На глобално ниво, жените поминуваат 2,5 часа повеќе време во неплатена работа и домашна работа, споредено со мажите. Податоците говорат дека жените поминуваат просечно 4,73 часа дневно во неплатена работа, додека, пак, мажите 1,84 часа дневно.[2]

Во Република Северна Македонија руралните средини зафаќаат 87% од целата површина на земјата и во нив живее 38,4%од населението. Учеството на жените од руралните средини изнесува 37,5% во вкупниот број на жени во државата. Според податоците на Државниот завод за статистика од 2021 година, 55,1 % од жените во РСМ се економски неактивни. Од вкупниот процент на неактивни жени на пазарот на труд, најголемиот дел од нив, односно 58 % живеат во руралните средини.[3]

Во 2021 година, најголем број на неплатени семејни работници се жени од руралните средини, вкупно 18.634. Дополнително, 59% од неактивните жени на возраст од 20-64 години се неактивни на пазарот на труд поради извршување на обврски, наспроти 2,3% од мажите.[4] Како најчести причини се наведени ангажманот во домот, грижата за децата, грижата за старите лица и домашните обврски.

Жените во Северна Македонија во просек работат 11,06 часови дневно, додека, пак, мажите 9,68 часови дневно. Мажите работат продуктивна работа која резултира со парична вредност, за разлика од жените од руралните средини, кои работат репродуктивна работа што е поврзана со приватната сфера и вклучува сè што луѓето прават за себе, за своето семејство, за децата, за постарите лица. Податоците говорат дека речиси половина од времето што жените од руралните средини го посветуваат на работа отпаѓа на неплатената репродуктивна работа (41,7%).[5]

Дискриминаторските норми го ограничуваат влијанието на жените за донесување одлуки за земјоделската активност, како во домаќинството, така и во локалната заедница. Само 10% од жените носат одлуки за активности поврзани со земјиштето, додека, пак, само 5% од жените од руралните средини се активни членки на групи или здруженија, односно учествуваат во јавниот живот во заедницата. Како резултат на дискриминаторските норми, самодовербата кај жените од руралните средини е намалена. Така, во однос на пристапот до финансии за водење на женско претприемништво, 58,6 % од жените се сметаат себеси за неподобни за кредитите што ги нудат штедилниците, додека, пак, 47,6% од жените се сметаат за неподобни за кредитите што ги нудат банките.[6]

Социо-културните и институционалните фактори често го ограничуваат пристапот на жените до сопственост и наследување на земјиште и имот. Иако Законот за наследување ја промовира родовата еднаквост, сепак во пракса сè уште преовладуваат традиционалните норми и практики на наследување, односно обичајното право преовладува над законското наследно право. Од женските деца кои се во брак надвор од домовите на родителите, се очекува да се откажат од својот дел од наследството и на тој начин при наследството и преносот на имотот предност се дава на мажите. Сепак, споредено со изминатите години, се добива впечаток дека наследните традиции полека се менуваат. Податоците од 2013 година покажуваат дека 83,4 % од имотите се во сопственост на мажи, додека, пак, 16,6% од имотите се во сопственост на жени. Во 2019 година има зголемување во однос на сопственоста на имот кај жените, така, 27,27% од жените се сопственици или косопственици на имот. Треба да се забележи дека има територијални разлики

---

2 Gender Equality in times of crisis, SIGI 2023 Global Report OECD *https://www.oecd.org/stories/gender/social-norms-and-gender-discrimination/sigi/*

3 Жените и мажите во Северна Македонија 2023 (Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, 2023) *https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/ZeniteMazite_2023.pdf*

4 Ibid

5 Распределба на работното време на жените и мажите во земјоделскиот сектор во однос на платена и неплатена работа, Факултет за земјоделски науки и храна, Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје (2019) *http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/proekti/unwfznh/wp72020/infografik1_mk.pdf*

6 „Мерење на нивото на зајакнување на жените во земјоделството во РСМ со примена на експериментален економски метод" Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје (UN Women, 2019) *http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/proekti/unwfznh/wp72020/policy_briev_fasf_un_women_.pdf*

во однос на сопственоста. Највисок процент на жени-сопственички на имот има во Скопје - 34%, а најнизок процент на сопственост на имот имаат жените од Полошкиот регион – 13,96%. Тоа се објаснува со соодносот урбан - рурален дел. Конкретно, во руралните области жените поседуваат само 12% од земјоделското земјиште и 5% на средства (куќи и станови).[7]

Немањето имот и сопственост на свое име кај руралните жени предизвикува натамошни пречки во аплицирање за кредити за развој на бизнис и самовработување, аплицирање на одредени програми и користење на стимулации, пристап на финансиските пазари поради отсуство на гаранција и отсуство на потребен почетен капитал. Сето наведено резултира со висока миграција, пред сè, од страна на младите жени од руралните средини кои таму не ја гледаат својата иднина. Најчеста е миграцијата село - град, но многу од нив често мигрираат и надвор од државата.

3. РОДОВА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ПРИСТАПОТ ДО УСЛУГИ И СЕРВИСИ

Во однос на пристапот и достапноста до основните услуги од здравствената и социјалната сфера, населението од руралните средини посебно од планинските села се соочува со лимитиран пристап и достапност до здравстени услуги. Во низинските села има доктор на располагање, иако некогаш таа достапност се мери во часови во текот на денот. Во планинските села ни тоа не е случај. *Анализата на перспективите на жените во руралните и земјоделските средини* укажува дека 44,4% од населението живее на повеќе од 10 км. оддалеченост од општа амбуланта, а слична е ситуацијата и со оддалеченоста од педијатар бидејќи 53,5% од населението живее на растојание 5-10 км. или над 10 км. Во однос на достапноста на гинеколошка ординација, 55,6% од испитаниците одговориле дека живеат на растојание од 10 км.

Треба да се нагласи дека, покрај тоа што има покриеност на државата до извесен степен со капацитети за згрижување на деца, сепак, во голем дел од руралните општини нема доволен број на детски градинки. Така, 46,8% од вкупниот број на анкетирани во *Анализата,* живеат на растојание од 5-10 км. или над 10 км. од градинка.[8] Ова значи дека жените често пати мораат да најдат алтернативни можности за згрижување на децата или да го напуштат пазарот на трудот и да останат дома да ги чуваат децата. Потребно е обезбедување на доволно згрижувачки капацитети што понатаму ќе резултира со поголема интеграција на жените од руралните средини на пазарот на трудот и воедно ќе придонесе за воспоставување на подобра рамнотежа меѓу приватниот и професионалниот живот.

Во однос на постоењето на капацитети за згрижување на стари лица, сè уште постои недостаток, како на старечки домови, така и на дневни услуги и дневни центри. Но, сè уште постојат и силни социјални норми кои ги одвраќаат потенцијалните корисници и нивните блиски од користењето на услугите на старечките домови.

Покрај недоволната здравствена и социјална инфраструктура, рурални области се соочуваат и со недоволно развиена патна инфраструктура, која посебно недостасува во планинските рурални области. Имено, основните транспортни услуги не се достапни или се тешко достапни за 22% од населението во руралните области.[9]

---

7 Остварување на индикаторот 5.А.2 на Целите за одржлив развој во земјите од Западен Балкан и пошироко партнерство за родова рамноправност во сопственост и контрола врз земјиште (ФАО, ГИЗ, 2020) ***https://openknowledge.fao.org/server/api/core/bitstreams/bf7d6efa-f33c-4802-8d16-2a24a0282059/content***

8 Наташа А.,Гордана Н., Кристина Х.Анализа на перспективите на жените од руралните средини (Национален Совет за Родова Рамноправност, 2019) ***https://sdc.com.mk/wp-content/uploads/2020/03/Analiza-2019-10.06-MK.pdf***

9 Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021-2027 ***https://www.mzsv.gov.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8_%D0%B8_%D0%B8%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8_%D0%BE%D0%B4_%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD_%D0%BA%D0%B0%D1%80%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B5%D1%80/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%B8_%D0%B4%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8_.aspx***

4. РОДОВА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ОБЛАСТА НА ПРАВОТО И ПЛАТЕНОТО ПОРОДИЛНО ОТСУСТВО

Креаторите на политиките ширум светот се фокусираат на спроведување на закони и политики кои помагаат да се балансира приватниот и професионалниот живот. Република Северна Македонија ги усогласува своите политики со меѓународните стандарди, обезбедувајќи им на вработените жени платено отсуство за време на бременост и породување. Сепак, жените регистрирани како индивидуални земјоделки немаат пристап до платено породилно и родителско отсуство. Законот за работни односи предвидува вработената жена за време на бременост, раѓање и мајчинство да има право на платено отсуство во траење од 9 месеци и/или 15 месеци, доколку се работи за повеќе деца.[10] Во Законот за здравствено осигурување, пак, се наведени категориите на осигурени лица во кои што, покрај другите осигуреници, спаѓаат и индивидуалните земјоделци. Законот за здравствено осигурување предвидува одредени услови кои треба да се исполнат за добивање на правото на породилно отсуство. Но, во член 14 од Законот, кој го пропишува правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради овие причини, во листата на осигуреници изземена е категоријата индивидуални земјоделци.[11] Така што индивидуалните земјоделки, иако плаќаат здравствено и социјално осигурување, немаат право на платен надоместок за време на отсуство од работа поради наведените причини (бременост, раѓање и мајчинство). На овој начин е направена системска дискриминација врз индивидуалните земјоделки.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во 2023 година утврди индиректна, продолжена, интерсекциска дискриминација врз категоријата рурални жени - индивидуални земјоделки.[12] Во меѓувреме, во 2023 година, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се усвои Програмата за поддршка за социјалната сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност.[13] Согласно Програмата, предвидена е поддршка во износ од 81.000 денари за деветмесечен надоместок за мајчинство. Годинава, поддршката се зголеми на 100.000 денари за период од 9 месеци.[14] Усвојувањето на оваа програма, иако претставува чекор напред кон решавање на овој долгогодишен проблем на индивидуалните земјоделки, сепак, е само привремено решение кое зависи од волјата на ресорните министерства и клучните луѓе, а она што е потребно е системско решение на ова прашање.

5. РЕЛЕВАНТНИ МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ

Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW)[15] беше усвоена од страна на Генералното собрание на ООН во 1979 година и стапи на сила во 1981 година. Република Северна Македонија ја ратификуваше Конвенцијата во 1994 година. Со ратификацијата, земјите-членки се обврзани да ја елиминираат дискриминацијата врз жените преку правни, политички и програмски мерки. Членот 14 од Конвенцијата се однесува на руралните жени и пропишува дека тие треба да ги уживаат сите права во сите области. ЦЕДАВ бара од државите-членки да ја земат предвид значајната улога што руралните жени ја имаат во економски-

10 Закон за работни односи, Службен весник на РМ, Бр. 11-1348/2, 2015 год.

11 Закон за здравствено осигурување, пречистен текст, Службен весник на РСМ, бр.209/23

12 Претставка бр. 08-119 (08-574) од 03.03.2023г. Комисија за спречување и заштита од дискриминација, *https://kszd.mk/wp-content/uploads/2023/03/08-119-%D0%BE%D0%B4-03.03.23-%D1%83%D1%82%D0%B2%D1%80%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%B4%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-08-574.pdf*

13 Програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 год. Службен весник на РСМ, бр. 31 од 10.2.2023 година

14 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Соопштенија (07.03.2024г.) *https://www.mzsv.gov.mk/Events.aspx?IdRoot=1&IdLanguage=1&News=3390*

15 Convention on the elimination on all forms of Discrimination against women (CEDAW), *https://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/cedaw.htm*

от опстанок на своите семејства, вклучително и нивната работа во немонетизираните сектори на економијата. Конвенцијата бара од државите членки да ги преземаат сите соодветни мерки и да обезбедат учество на руралните жени во изработката и спроведувањето на развојното планирање; да им обезбеди пристап до соодветни здравствени установи, пристап до земјоделски кредити и заеми, како и адекватни услови за живеење. Во 2018 година, Комитетот задолжен за следење на имплементацијата на Конвенцијата за Република Северна Македонија, искажа загриженост во врска со можностите жените да наследуваат земја, нискиот процент на учество на жените во финансиските инструменти и непостоењето на специфични мерки за надминување на последиците од климатските промени кои негативно влијаат врз жените.[16]

Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2027[17], за прв пат ги вклучи областите земјоделството и заштитата на животната средина и справувањето со климатските промени. Во рамки на идентификуваните приоритети по области, во областа земјоделство се наведени следните приоритети: зајакнување на жените во управување со земјоделски имот и земјиште, градење на самодовербата и капацитети во донесување одлуки и зајакнување на знаењата за аплицирање за програмите за финансиска поддршка. Во рамки на две специфични цели во Стратегијата, предвидено е унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики од кои како резултат се очекува зголемен број жени носителки на стопанства, сопственички на имот, намалена неплатена работа и зголемен број на сервиси за деца и стари лица. Исто така, предвидено е креирање на родово одговорни политики за справување со климатските промени, што би резултирало со зголемен број жени заштитени од климатски промени и зголем број субвенционирани жени во земјоделството од општините/владата.[18]

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027 година,[19] во поглавјето Политики и мерки за одржлив развој на шумарството, предвидува дополнителни бодови во рангирањето за жените и разгледување на можноста за поголеми средства за жени сопственички на шуми. Исто така, поради голем број на земјоделски стопанства, приоритет во пристап до советодавни услуги, меѓу другото, ќе бидат им биде даден на жени земјоделки.

Во Законот за земјоделство и рурален развој, родот, односно полот, е еден од критериумите за избор на корисници (чл. 91). Законот (чл. 89) пропишува дека жените и младите мора да се застапени со најмалку 50% во ЛАГ-овите.[20] Како специфична мерка воведена за првпат во 2017 година е Мерката 115 за поддршка на активен женски член во земјоделското домаќинство, која најпрвин изнесуваше неповратни 180.000 денари, а потоа поддршката се зголеми на 360.000 денари.[21] Во рамки на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој ИПАРД 1 и ИПАРД 2, воведени се мерки во кои жените земјоделки добиваат повеќе поени при рангирањето.

И покрај креирањето на специфични мерки и стимулации, голем проблем претставува недоволното познавање на значењето на мерките, неправењето разлики меѓу националната програма и ИПАРД програмата и немањето доволно капацитети за аплицирање. Ова упатувана констатацијата дека на руралните жени им се потребни специфични обуки за ИПАРД фондовите, поголема достапност до информации, друг тип специфично креирани обуки, како обуки за економско јакнење и претприемништво.

16 Емељ Т., Ана С. Мултидимензионална анализа за сиромаштијата во Северна Македонија (НФФ, 2022)

17 Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2027, Службен весник на РСМ, бр.170,јули 2022.

18 Ibid

19 Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021-2027

20 Закон за земјоделство и рурален развој, Службен весник на РСМ, бр.152/19, 244/19,275/19, 110/21.

21 Мерката 115 поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство *https://sovetodavna.mk/grantovi-subvencii/ruralen-razvoj/merka-115/*

ЗАКЛУЧОК

Евидентно е дека жените од руралните средини, како во глобални рамки, така и во национални рамки, се подложни на повеќекратна дискриминација. Поради системската родова нееднаквост која произлегува од родовата дискриминација, руралните жени имаат ограничен пристап до ресурси, ограничено учество во управувањето со ресурси и ограничено учество во локалната заедница. Потребно е усвојување на родово одговорни политики и документи кои предвидуваат афирмативни и друг тип мерки во земјоделството и нивно доследно спроведување како и трансформирање на традиционалната поделба на родовите улоги во домот и семејството. Принципот на еднаков пристап и еднаков третман во користењето на човековите права треба да се применува за сите лица еднакво. Затоа е потребно системско решение кое ќе овозможи еднакво право на мајчинско, татковско и родителско отсуство за индивидуалните земјоделки.

(Авторката е магистер по родови студии со 23-годишно искуство во домашни и меѓународни невладини организации и претседателка на НВО Еквалитико-Скопје).

ЗАСТАРЕНОСТА НА ПОБАРУВАЊАТА И НАДОМЕСТОКОТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНАТА ШТЕТА

Врз основа на согледувањата направени во овој труд, може да се изведе заклучок дека, практиката од спроведувањето на Европската конвенција за човекови права не ја проблематизира суштинската концепција на институтот застареност, предвидена во националните закони, ниту нејзината цел. Меѓутоа се бара од националните правни системи да обезбедат инструменти, кои ќе овозможат соодветна предвидливост, легитимност и сразмерност во примената на институтот застареност, од аспект на заштитата на конвенциските права. Во оваа смисла не смее да биде ограничено правото на пристап до суд и да биде доведено во прашање суштинското право на поединецот да побара заштита на своите граѓански права, пред судот и да добие одлука во врска со своето барање.

ВЕРА КОЦО

АПСТРАКТ

Целта на овој труд е да се претстави институтот застареност, регулиран во глава четири, оддел четири, во одредбите на членовите 349 – 382 од Законот за облигациони односи, од аспект на застареност на побарувањата за надомест на штета, посебно за побарувањата поврзани со надомест на нематеријалната штета. Во таа смисла да се оценат и некои дилеми или отворат прашања поврзани со работата на судовите, кои имаат значајна улога во разрешувањето на суштински прашања од доменот на застареноста на побарувањата, уште повеќе што тие не внимаваат на застареноста на побарувањата *ex officio* (по службена должност), туку само по приговор на должникот, односно штетникот, во конкретен спор за побарување кое што произлегува од предизвикана штета на оштетеното физичко или правно лице.

Во оваа смисла посебно се значајни прашањата околу течењето на роковите, особено сметањето на субјективниот и објективниот рок, застојот и прекинот на застарувањето, а со тоа и должината на рокот, што може да предизвика застарување на побарувањето. Во суштина, застареноста значи престанување на правото да се бара присилно исполнување на обврската. Суптилниот приговор за застареност на побарувањето, како право на должникот да се повика на застареност на побарувањето на доверителот, одговара на обврската на доверителот да се грижи за навремено исполнување на своето побарување, со цел да го сочува правото на правна заштита на своето побарување, за кое, се претпоставува, има правен и економски интерес.

Истовремено, на кратко е разгледана застареноста од аспект на конвенциската пракса и легитимната цел на ограничувањето на правото на пристап до судот преку обврската за почитување на основните конвенциски начела.

Клучни зборови: приговор за застареност, престанок на правото, надомест на штета, субјективен рок, објективен рок, нематеријална штета, објективна концепција.

1. ЗАСТАРЕНОСТ - ПОИМ И ЦЕЛ

Законот за облигациони односи го дефинира поимот на застареноста како престанување на правото да се бара присилно исполнување на обврската. Истовремено, определува дека застареноста настапува кога ќе истече времето определено со закон, во кое доверителот можел да бара исполнување на обврската. Меѓутоа, настапувањето на застареноста, само по себе не е причина за гаснење на облигацијата, бидејќи со настапување на застареноста, само се губи правото да се бара присилно исполнување на обврската, под услов должникот да се повикал на неа.[1] Ова значи дека доверителот и понатаму го има своето право во материјална смисла, освен правото на судска заштита на таквото тужбено барање.

Ваквата законска определба, секако има за цел да влијае на доверителите за навремено поднесување тужба за своите побарувања, како и заштита на должниците од неразумно долгите рокови за заштита од основаните или неоснованите претензии на доверителите, од една страна, и обезбедување на правна сигурност во однос на неизвесноста и постоењето на одредени права. Од друга страна, покрај заштита на интересите на странките, застареноста има одраз и во заштитата на јавниот интерес преку нејзиниот придонес за навремено разрешување на споровите, кои што ја оптоваруваат работата на судовите. Воедно, водењето на долгите судски постапки не е во интерес на утврдување на вистинитоста на фактите, потребни за донесување на правилна одлука, кои што поради поминување на долг временски период, се комплицираат и тешко се разјаснуваат и докажуваат.

1 Член 349 од Законот за облигационите односи, Службен весник на РСМ, бр. 18/2001, 78/2001; 4/2002; 59/2002; 5/2003; 84/2008; 81/2009; 161/2009; 23/2013; 123/2013; 215/2021; 154/2023; 220/2023.

1.1. ИСТАКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ЗАСТАРЕНОСТА НА ПОБАРУВАЊАТА

Со истакнување на приговор за застареност на побарувањето на доверителот од страна на должникот, во конкретен граѓански спор, судот има обврска да го утврди времето кога застареноста започнала да тече, односно да го утврди времето од кога за доверителот настанало правото да бара исполнување на обврската, а тоа е првиот ден по денот кога доверителот се стекнал со право да бара исполнување на обврската.[2] За настапување на застареноста, покрај утврдување на почетниот ден за исполнување на обврската, истовремено е важно и истекувањето на последниот ден, од со закон определеното време за исполнување на обврската, кое, доколку не е испочитувано од страна на доверителот, доведува до настапување на застареноста .[3]

Имајќи предвид дека судот не внимава на застареноста по службена должност, се поставува прашањето - до кога должникот има право на поднесување на ваков приговор, доколку биде поведен спор против него? Бидејќи приговорот за застареност е материјално-правен приговор, должникот може успешно да го истакнува во текот на постапката пред првостепениот суд. Доколку должникот не истакнал таков приговор, судот немал потреба ниту можност да оценува дали настапила застареност на побарувањето. При ваква состојба не би можело да се истакнува приговор на застареност на побарувањето во жалбата,[4] ниту во ревизијата, бидејќи не се работи за погрешна примена на материјалното право, кое што пониските судови немале можност да го оценат и правилно применат.[5]

Во оваа смисла ставот на Врховниот суд на Босна и Херцеговина, изразен во подолу наведената пресуда, укажува на причината за неможност да се приговара на застареност на побарувањето во ревизијата, за која немало приговор во постапката пред пониските судови.

Истовремено, може да се согледа идентичноста на одредбите на македонскиот Закон за облигациони односи со одредбите на истоимените закони во соседните држави, кои што содржат исти законски решенија во однос на општото правило за застареност на побарувањата (Србија, Хрватска , Црна Гора).[6] Ова, секако, е резултат на Законот за облигациони односи, кој што се применуваше во поранешната држава и по нејзиниот распад, а законската регулатива од оваа област, во новите држави, претрпе незначителни измени. Поради тоа и проблемите во судската практика поврзани со примената на овој Закон се многу слични.

Од аспект на судската практика, заслужува внимание и прашањето за можноста на поднесување деклараторна тужба, во врска со утврдување на непостоење на некое побарување, поради негова застареност. Во суштина, ваквата тужба со декларативен и кондемнаторен дел, предизвикала спротивставени ставови и во практиката на македонските судови при донесување на одлуки по вакви тужбени барања.

Со цел воедначување на судската практика и обезбедување на единство во примената на законите, Врховниот суд на Република Северна Македонија, усвоил правно мислење во кое оценил дека, согласно член 177, став 1 од Законот за парнична постапка, со деклараторна тужба може да се бара само утврдување на постоење или непостоење на право или правен однос, а не и утврдување на постоење елементи на еден правен однос од аспект на губење на судска заштита за присилно исполнување на обврска, поради одминување на законски предвиденото време, што, всушност, е барање за утврдување на факт кој не може да биде предмет на деклараторна тужба.[7]

---

2 Ibid, член 350 ст.1

3 Ibid, член 351

4 Член 341 ст.2 – Закон за парничната постапка, Службен весник на РМ, бр. 79/2005, 110/2008; 83/2009; 116/2010; 124/2015.

5 Пресуда на Врховен суд на БИХ, бр. 134/87, од 19.11.1987 год. објавена во билтен бр.2/88-99.

6 Члан 360, Закон о облигационим односима „Службени лист СФРЈ", бр. 29/1978, 39/1985, 45/1989, 57/1989, 31/1993, 18/2020. Clan 214 iz Zakon o obveznim odnosima 35/05, 41/08, 125/11, 78/15, 29/18, 126/21, 114/22, 156/22, 155/23. Clan 369 iz Zakon o obligacionim odnosima, Sl. list CG", br. 47/2008, 4/2011, 22/2017.

7 Правно мислење на Врховен суд на РСМ од 25.02 2020 година,

Во правната доктрина е разгледувано ова прашање од многу правни теоретичари, кои имаат изразено различни ставови во однос на можноста за поднесување на декларaторна тужба, во парнична постапка за утврдување на застареноста на побарувањата. Ова прашање било разгледувано и пред Уставниот суд на Босна и Херцеговина, кој изразил став, дека поради заштита на правото на правично судење, тужителот има право во парнична постапка да утврдува престанок на правото на доверителот, да бара исполнување на долгот,[8] односно престанок на правото на доверителот да бара исполнување на обврската. Таквата одлука, меѓу другото, се темели на фактот дека тужителот има правен интерес да бара утврдување на застареноста, поради обезбедување на неговата правна сигурност во однос на конкретното побарување.

Потребата од позитивна или негативна декларaторна тужба, односно утврдување на постоење на правото на должникот или непостоење на правото на доверителот поради застареност, произлегува од неизвесноста на доверителот за побарување на застарена обврска. Од овие причини, некои теоретичари сметаат дека декларaторната тужба има превентивен карактер од аспект на правна сигурност за должникот поради однесувањето на доверителот, иако настапила застареност на неговото побарување.[9]

1.2. ВРЕМЕ ПОТРЕБНО ЗА ЗАСТАРЕНОСТ

Застареноста настапува со изминување на роковите одредени со закон за нејзино настапување. Времето, односно роковите за настапување на застареноста на побарувањата, се особено значајни од аспект на пресметување на започнувањето на течење на застареноста, прекинувањето или нејзиниот застој, што, секако, има влијание на должината на рокот за настапување на застареноста во различни случаи. Во Законот за облигациони односи се уредени роковите за застареност на поединечни видови побарувања, како посебни рокови, но првенствено е нормиран општиот рок на застареност, кој изнесува пет години, доколку со закон не е определен некој друг рок на застареност.[10]

Од аспект на должината на времето потребно за настапување на застареноста, значајни се императивните норми содржани во Законот за облигациони односи, кои предвидуваат забрана на промената на рокот на застареноста, со некоја правна работа, со цел да се определи подолго или пократко време на застареност, од она време што е определено со закон, ниту може со правна работа да се определи дека застареноста нема да тече за некое време.[11] Во оваа насока е предвидена и неможност на должникот да се откаже од застареноста пред да измине времето определено за застареност.[12] Но, доколку должникот исполни застарена обврска, нема право да бара да му се врати она што го дал, дури и ако не знаел дека обврската е застарена .[13]

1.3. ЗАСТОЈ И ПРЕКИН НА ЗАСТАРЕНОСТА

Застојот на застареноста претставува настапување на околности кои што доведуваат до привремено одложување на почетокот на застарувањето или одложување на натамошното течење на веќе отпочнатите рокови. Околностите што доведуваат до застој на застарувањето се предвидени во Законот за облигациони односи, како од аспект на определени субјекти (брачни другари, родители и деца за време траење на родителското право, штитеник и старател, како и органот за старателство, за време на траење на старателството, и лица кои живеат во вонбрачна заедница, но и лица на воена должност за време на мобилизација, вработените лица во туѓо домаќинство спрема работодавецот, додека трае работниот однос), меѓу кои застарувањето не тече. Истовремено е предвиден застој на течењето на роковите за застареност поради објективни

8 Šolaja , I. 'Zastarelost zahteva za naknadu štete'. (2018) Anali Pravnog fakulteta Univerzitet u Zenici 21

9 Brozović, J. „Mogućnosti podnošenja tužbe na utvrđenje zastare u domaćem i poredbenom pravu", Zbornik radova Pravnog fakulteta u Zagrebu, 5/2016, 695.

10 Supra note 1. Член 360

11 Ibid, член 353 ст.1 и 2

12 Ibid, член 354

13 Ibid, член 356

причини (несовладливи пречки), кои што го спречиле доверителот да бара по судски пат исполнување на обврската.[14]

По престанувањето на законските причини за застој на застареноста на побарувањето, рокот за застареност почнува да тече, доколку рокот за застареност не започнал, додека кај рокот за застареност кој започнал да тече пред настанување на причината за застој, продолжува да тече, а времето што претходно изминало се смета во рокот за застареност определен со закон.[15]

Прекинувањето на застареноста значи престанување на понатамошното течење на рокот за застареност, поради преземање на одредени дејствија од страна на доверителот или должникот. Застарувањето се прекинува со признавање на долгот од страна на должникот, со давање на непосредна изјава од негова страна, но и на друг посреден начин, како што е плаќање на дел од долгот, плаќање на камата , давање на обезбедување и слично.[16]

Најчесто застареноста се прекинува со поднесување на тужба од страна на доверителот или со преземање на некое друго дејствие против должникот пред суд или друг надлежен орган, поради утврдување, обезбедување или остварување на побарувањето.[17] Но, не настапува прекинување ако доверителот писмено или усно го повика должникот да ја исполни обврската.[18] Ова значи дека само обраќањето до суд или друг надлежен орган, може да предизвика прекинување на застареноста. Доколку, пак, доверителот се откаже од преземените дејствија, се смета дека не настапило прекинување на застареноста. Идентична е состојбата доколку преземените дејствија од страна на доверителот бидат одбиени или отфрлени од страна на судот или ако дојде до поништување на издадената или преземената мерка за извршување или обезбедување.[19]

Во оваа насока, според мислењето на Врховниот суд на Република Северна Македонија, претходно поднесената тужба не претставува дејствие со кое се прекинува рокот на застареност, во услови кога тужбата се сметала за повлечена поради недоаѓање на тужителот на главна расправа.[20]

Поднесувањето на тужба до судот, доведува до прекинување на застареноста на побарувањето, но го овозможува прекинувањето и во случај таа да биде отфрлена поради ненадлежност на судот или друга несуштинска причина, доколку доверителот повторно поднесе тужба во рок од три месеци по правосилноста на таа одлука до надлежниот суд, поради што се смета дека застареноста е прекината со првата тужба.[21]

За разлика од застојот на застареноста, кај прекинувањето, таа почнува да тече одново, а времето што претходно изминало не се смета во рокот на застареност. Во случај на признание од страна на должникот, застареноста почнува да тече одново по признанието, како и во сите други ситуации кога дошло до прекинување на застареноста.[22]

2. ЗАСТАРЕНОСТ НА ПОБАРУВАЊАТА ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Побарувањата за надомест на штета, вклучително и нематеријалната штета застаруваат во субјективниот рок од три години од денот на дознавањето за штетата и сторителот, но најдоцна во рок од пет години од настанување на штетата.

---

14 Ibid, член 372

15 Ibid, член 373,ст. 1 и 2.

16 Ibid, член 376 ст.1 и 2.

17 Ibid, член 377.

18 Ibid, член 380.

19 Ibid, член 378.

20 Сентенца на Врховен суд на РСМ Рев. 1 Бр.4/2001 од 17.07.2013 година.

21 Supra note 1. Член 379.

22 Ibid, член 381.

Законот за облигациони односи, генерално, ги уредува роковите за застареност на побарувањата за надомест на штета, но истовремено, суштински, го разграничува застарувањето на побарувањата кои произлегуваат од деликтната, вондоговорна одговорност за штета, преку определување на субјективниот и на објективниот рок, наспроти застареноста на побарувањата за надомест на штета настаната од повреда на договорна обврска, која застарува за времето определено за застареност на таа обврска.[23] Ова значи дека, покрај општиот рок за застареност на побарувањата од пет години, се применуваат и други рокови за застареност предвидени со закон, што се карактеристични за надомест на штета за побарувања кои произлегуваат од повреда на договорни обврски, предвидени во Законот за облигациони односи, кај таканаречените именувани договори.

Ваквата нормираност на роковите за надомест на штета *de facto* е идентична со регулативата предвидена во Законот за облигациони односи од 1978 година, кој беше во примена до донесување на македонскиот Закон за облигациони односи, во февруари 2001 година, кој што ја задржа таквата регулатива.

Следствено на ваквата законска нормираност, може да се каже дека постои одредена стабилност во регулативата на роковите за застареност на побарувањата, кои произлегуваат од деликтна штета. Ова важи и за побарувањата за надомест на штета причинета со кривично дело, за кои побарувања се задржани старите рокови на застареност, односно оние предвидени за кривичното гонење, што значи подолг рок за застареност на побарувањата за надомест на штета спрема одговорното лице. Прекинот на застареност на кривичното гонење или застојот на застареноста на кривичното гонење, истовремено повлекуваат и прекинување или застој на застарувањето на барањето за надомест на штета.[24]

Ваков став изразил Врховниот суд на Република Северна Македонија во донесената сентенца дека *„со поведувањето на кривичната постапка, настапува прекин на застареноста за кривично гонење, но и за барањето за надомест на штета, прекин кој трае до правосилноста од што произлегува и барањето за надомест на штета. За оштетениот рокот за на пресудата со која обвинетиот е огласен за виновен и осуден за кривично дело, застареност почнува да тече одново по приемот на правосилната кривична пресуда*".[25]

2.1. ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПРАВА И ЗАСТАРЕНОСТА

Законската основа за заштита на личните права на физичките и правните лица е предвидена уште во основните одредби на Законот за облигациони односи, со уредување на начелото за забрана на предизвикување на штета, на личните права на секое физичко и правно лице, покрај заштитата на имотните права. Притоа, ги дефинира личните права на физичките лица, како: правото на живот, телесното и душевното здравје, честа, угледот, достоинството, личното име, приватноста на личниот и семеен живот, слободата, интелектуалното творештво и други лични права. Истовремено, ги определува и правата на правните лица, кои што ги имаат сите наведени лични права, освен оние поврзани за биолошката суштина на физичките лица, а тие се: правото на добар глас и углед, назив, односно фирма, деловна тајна, слобода на претприемништво и други лични права на овие лица.[26]

Сериозноста на опсегот кон личните права, како на физичките така и на правните лица, се согледува не само преку набројаните лични права, туку во отворената законска рамка за опфат и на други права кои што можат да настанат и да имаат потреба од соодветна законска заштита, со оглед на развојот на општествените односи во целост, но и преку креативноста на судската практика, која што може да даде свој придонес од овој аспект.

---

23 Supra note 1. Член 365 ст.1,2 и 3.

24 Ibid, член 366.

25 Сентенца по предметот на Врховен суд на РСМ, Рев. Бр.836/2012 од 23.07.2013 година.

26 Supra note 1. Член 9 и 9-а.

Дефинирајќи го општиот поим на штетата, како намалување на нечиј имот, изразен во обична штета (*damnum emergens*) и спречување на негово зголемување или испуштена корист (*lucrum cessans*), Законот ја опфаќа и повредата на личните права, односно нематеријална штета.[27]

Законот за облигационите односи, покрај општиот рок за застареност на побарувањата, предвидува и посебни рокови за застареност за одредени видови на побарувања. Така, за побарувањата за надомест на штета (материјална и нематеријална) кај деликтната штета, значајни се - субјективниот рок за застареност, три години од денот кога оштетениот дознал за штетата и за лицето кое што ја сторило штетата, и - објективниот рок, пет години од кога настанала штетата, како краен рок за остварување на овие побарувања.

Во однос на почетокот на течење на субјективниот рок, законодавецот се определил за моментот на дознавање за штетата од страна на оштетеното лице, а не и за самата можност за дознавање, што значи дознавањето се однесува на самата штета, а не на штетното дејствие и последиците, кои што не мора да настанале истовремено. Определувањето на субјективниот рок, особено кај нематеријалната штета, може да предизвика одредени дилеми во праксата на судовите, бидејќи сегашниот Закон за облигациони односи ја предвидува повредата на личните права, како нематеријална штета, а не последиците кои што можат да настапат, како: физичка или психичка болка, страв или нагрденост како последица на одредена повреда, што беше одраз на субјективниот концепт на нематеријалната штета, предвиден во Законот за облигациони односи од 2001 година.

Со усвојувањето на објективната концепција за нематеријалната штета, која што се внесе со измените на Законот за облигационите односи од 2008 година,[28]и дефинирањето на личните права, всушност, самата нивна повреда претставува штета, а не нанесувањето на друга физичка или душевна болка или страв, (според старата концепција). Поради оваа законска измена, може да се заклучи дека дознавањето за штетното дејствие и штетата се поклопуваат, односно оштетениот за нив дознава истовремено, додека за последиците или опсегот на штетата, дознава одвоено од тој момент. [29]

Следствено на изнесеното, започнувањето на субјективниот рок за застареност на побарувањето на нематеријална штета, предизвикана со повреда на личното право на телесно и душевно здравје, вообичаено се поврзува со моментот на довршување на лекувањето на оштетениот, односно со моментот кога тој го согледува опсегот на настанатата штета и последиците што ги претрпел или кои во иднина ќе ги трпи како резултат на повредата. Но, мора да се има во предвид дека секогаш не е лесно да се утврди кога се стабилизирало здравјето на оштетениот, односно кога престанало неговото лекување. Поради тоа, во вакви случаи е потребно и вештачење од страна на стручно лице, кое што може да даде стручен наод и мислење во врска со завршувањето на лекувањето на оштетениот, односно да се согледа обемот на последиците од настанатата штета.

Додека објективниот рок е врзан за моментот на настанување на штетата од страна на штетникот, а не за моментот на извршување на штетното дејствие, што, пак, значи дека дознавањето за штетата може да биде истовремено со нејзиното настанување, но останува одвоено прашањето за опсегот на самата штета. Прашањето за застареност на побарувањето за надомест на нематеријална штета, од аспект на објективниот рок, кој што изнесува пет години од денот на настанување на штетата, е доста проблематично, бидејќи во некои случаи штетата може да настапи по правосилно завршената постапка за надомест на штета. Ова се случува кога дошло до влошување на здравствената состојба на оштетениот, односно откако поминал подолг временски период од настанување на штетата, што наметнува проблем поврзан со докажување на причинската врска меѓу штетата и штетното дејствие.

---

27 Ibid, член 142.

28 Службен весник на РМ, бр. 84/2008 од 11 јули 2008 година.

29 M. Bukovac Puvača, G. Mihelčić, M. Marochini Zrinski, Zastara - stare nedoumice i nova pitanja (2022) Zbornik Pravnog fakulteta Sveučilišta u Rijeci, 43/3, 559-580

2.2. НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

Очигледната тенденција на законската регулатива во македонскиот закон за облигациони односи, од аспект на надоместокот на нематеријалната штета, се движи во смисла на поцелосен опфат за надоместување, како во однос на нематеријалното надоместување (морална сатисфакција), така и материјалното (материјална сатисфакција), во случаите предвидени со закон.[30]

Концептот за надомест на нематеријалната штета, во сегашната законска регулатива, се рефлектира на сите правни субјекти (физички и правни лица) во случаи на повреда на нивните лични права, кои што се дефинирани во Законот за облигациони односи, со цел за нивна заштита.

Од аспект на моралната сатисфакција во случај на повреда на личните права, на барање на оштетениот судот може да нареди, на трошок на причинителот на штетата, објавување на пресудата, односно исправката, повлекување на изјавата со која е сторена повредата или нешто друго, со што може да се оствари целта која се постигнува со справедливиот паричен надоместок[31]

Објективната концепција за надомест на нематеријалната штета ја опфаќа целокупноста на настанатата повреда, не само од аспект на интензитетот на предизвиканите последици кај оштетениот, туку и од аспект на сите квалификаторни околности кои можат да бидат од влијание при одредувањето на големината на нематеријалната штета, а со тоа и на висината на надоместокот. Имено, поранешното дефинирање на нематеријалната штета - како нанесување на друго лице физичка или психичка болка или страв, како самостојни основи, сега се опфатени во целокупноста на повредата на некое лично право, како и во однос на нејзиниот интензитет. Ова значи дека во случај на повреда на некое лично право, судот ја цени тежината на повредата и околностите на случајот, со цел да ја утврди оправданоста на справедливиот паричен надоместок, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство. При тоа, судот е должен да води сметка за обемот и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв, како и за целта за која служи справедливиот паричен надоместок, односно тој да не биде во спротивност со стремежите кои што не се споиви со неговата природа и општествена цел.[32]

Во однос на повредата на личните права на правните лица, согласно објективниот концепт, идентично како кај физичките лица, во фокусот на интерес е самата повреда, како што е повредата на правото на углед и другите лични права, за кои што судот може да досуди справедлив паричен надоместок доколку најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство.[33]

Покрај оваа генерална определба во Законот за облигационите односи, допуштена е примена и на друг закон, во одделни случаи, доколку со него е поинаку уредено прашањето за надоместување на справедливиот паричен надоместок.

Со измените на Законот за облигационите односи, во 2008 година, проширен е кругот на лицата кои што можат да добијат справедлив паричен надоместок, во случај на смрт или тежок инвалидитет на блиско лице, па покрај членовите на неговото потесно и пошироко семејство (брачен и вонбрачен другар, деца, родители, браќа и сестри), таков надоместок, според законската измена, можат да добијат дедовците, бабите и внуците, под услов меѓу нив да постоела потрајна животна заедница. Право на ваков надоместок имаат и родителите, во случај на загуба на зачнатото, а неродено дете.[34]

Справедливиот паричен надоместок за нематеријална штета, во посебни случаи, кога со измама, принуда или злоупотреба на некој однос на потчинетост или зависност е извршено кривично

30 Supra note 1. Член 187- а.

31 Ibid, член 188.

32 Ibid, член 189 ст.1 и 2.

33 Ibid, член 189,ст.3.

34 Ibid, член 190 ст.1, 2 и 3.

дело против половата слобода и половиот морал,[35] оправдано го задржа своето место и по споменатите измени на Законот за облигационите односи.

Нематеријалната штета, која според редовниот тек на работите, се манифестира и извесно е дека ќе трае и во иднина, претставува една штета, за која судот на барање на оштетениот, ќе досуди справедлив паричен надоместок, бидејќи таа штета е причинета и во моментот на одлучување е очигледно дека негативните последици ќе траат и во иднина.[36] Значи, не се работи за некаква една неизвесна штета, чие што настанување не е сигурно дека ќе се манифестира, но доколку таква штета, сепак, настане подоцна и произлегува од штетното дејствие, таа може да се побарува со ново тужбено барање.

Истовремено, измените на Законот за облигациони односи го уредија и пристигнувањето на справедливиот паричен надоместок, така што обврската за негова исплата, почнува со денот на донесувањето на првостепената пресуда, со која што е определена висината на таквиот надоместок.[37]

3. ЗАСТАРЕНОСТА ОД АСПЕКТ НА ПОВРЕДА НА КОНВЕНЦИСКОТО ПРАВО НА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

Институтот застареност, разгледуван од аспект на губење на правото на правна заштита на побарувањето за надомест на штета во националното облигационо право, добива друга вредносна димензија кога се разгледува од аголот на заштитата на човековите права предвидени со Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (ЕКЧП). Во оваа смисла, Европскиот суд за човекови права не ја отфрла потребата и целта за законско уредување на застареноста, туку ја разгледува од аспект на нејзиното влијание врз ограничувањето на предвидените конвенциски права.

Најчесто, застареноста како ограничување на правото на судска заштита, од аспект на конвенциските права, е разгледувана во врска со правото на правично судење и пристап до суд, гарантирани со Конвенцијата.[38] Правото на правично судење подразбира на секој човек да му биде овозможено, независно и непристрасно, на правилен начин и во разумен рок, испитување на неговиот предмет пред независен суд основан со закон. Ова значи право на пристап на поединецот до судот, со цел да може да побара заштита на своите граѓански права. Во оваа смисла државата е должна да обезбеди инструменти кои што се предвидливи, достапни и делотворни од аспект на пристап до судот. Остварувањето на ова право може да биде поврзано со предвидените рокови за застареност од страна на државата кои што не смеат неоправдано да го ограничат или намалат пристапот до судот. Ова не значи дека државите не смеат да ограничат одредени права во рамките на својата слободна процена, туку мора да внимаваат на постигнување на правична рамнотежа меѓу јавниот и приватниот интерес, со цел да се сочува пропорционалноста меѓу нив, без наметнување на прекумерен товар на поединецот. Во оваа смисла, особено е важно уредувањето на роковите за застареност од аспект на започнување на нивното течење, а со тоа и нивната должина, која го дефинира крајниот рок за остварување на правото, односно настапувањето на застареноста. Гледано од овој агол, не е битно само правото на покренување на судска постапка, туку и правото на добивање на судска одлука во врска со поведениот спор. Од аспект на повреда на правото од ЕКЧП на правично судење, најважно е дали правото на подносителот на пристап до судот било неправилно ограничено со одлуката на судот - да не се впушта во основаноста на тужбеното барање поради негова застареност.

Според практиката на Европскиот суд за човекови права, застареноста како ограничување на правото на правна заштита, не се доведува во прашање сè додека е задоволен принципот

35 Ibid, член 191.

36 Ibid, член 192.

37 Ibid, член 192-а.

38 Член 6 од Европската конвенција за човекови права ЕТС 5/1950.

на предвидливост, легитимност, пропорционалност и делотворност. Во врска со ова прашање, Европскиот суд се произнел во предметот *Баничевиќ против Хрватска,* со став дека законските рокови за застареност имаат своја цел во осигурувањето на правната извесност за заштита на тужените од застарени тужбени барања на кои тешко можат да се спротивстават и да ја спречат неправдата, која што би можела да настане ако судот треба да одлучува за настани кои се случиле во минатото и врз основа на докази, кои поради поминување на долг временски период, станале неверодостојни и нецелосни.[39]

Предвидливоста на роковите за застареност на тужбените барања, особено е значајна во практиката на ЕСЧП, со оглед на меродавното законодавство и конкретните околности, односно дали примената на законските рокови може да се смета за предвидлива од страна на апликантите. Во оваа смисла, во предметот *Грегуриќ против Хрватска,* утврдена е повреда на чл. 6, ст.1 од Конвенцијата , бидејќи ограничувањето не било предвидливо, ниту сразмерно од аспект на пристап до судот.

Имено, апликантот имал поднесено декларатorна тужба до судот, со цел да утврди постоење на работен однос на неопределено време, но домашните судови, тужбеното барање го прогласиле за недозволено, поради пропуштање на рокот за поднесување на такво барање до работодавецот, согласно хрватскиот Закон за работни односи.

Европскиот суд за човекови права оценил дека од страна на домашните судови не било постапувано согласно воспоставената судска пракса во врска со декларатorните тужбени барања, согласно одредбата од Законот за парнична постапка, која го регулира правото на поднесување на декларатorна тужба, за која не е предвиден рок за нејзино поднесување, туку само постоење на правен интерес. Бидејќи судот не постапил во наведената смисла, оценето е дека примената на домашното право не била предвидлива за подносителот на тужбеното барање, кој очекувал да се одлучи за основаноста на неговото барање, во смисла на постоечката судска пракса , поради што е констатирана и повреда на начелото на правна сигурност и оневозможување на пристап до судот, право што е гарантирано со чл. 6, ст. 1 од Конвенцијата.[40]

3.1. РЕФЛЕКСИЈАТА НА КОНВЕНЦИСКАТА ПРАКТИКА ВРЗ ЗАСТАРЕНОСТА

Тргнувајќи од фокусот на овој труд во однос на застареноста и надоместокот на нематеријалната штета, беше разгледувано правото на обештетување на оштетените лица, во зависност од меродавните законски рокови за остварување на побарувањата по судски пат и нивното влијание во однос на правото на правна заштита. Од аспект на роковите за застареност на побарувањата за надомест на нематеријалната штета, vis-à-vis конвенциската заштита, особено на правото на пристап до судот, застареноста е разгледувана од аспект на начелата на предвидливост, легитимност и сразмерност, поврзани со ограничувањето на остварување на правото на надомест на штета поради застареноста, третирана во практиката пред националните судови.

За разбирање на овие начела од суштинска вредност се ставовите на Европскиот суд, изразени во предметите: *Moor и други против Швајцарија* и *Esim против Турција.* Во првиот предмет е оценето дека латентната состојба на болеста „азбестоза" може да трае многу подолго од предвидените рокови за застареност, според швајцарскиот закон, поради што подоцна поднесените барања за надомест на нематеријална штета однапред биле застарени, иако апликантот не можел да знае дека боледува од таа болест, поради која и починал во текот на постапката, па таа била довршена од страна на неговата сопруга и ќерка. Ваквото ограничување, Европскиот суд го оценил како несразмерно, поради што било ограничено и правото на пристап до судот поради неправилното пресметување на роковите за застареност во однос на можноста за дознавање за штетата од страна на оштетениот.[41] Во вториот предмет, исто така, оштетениот не знаел за нанесената штета, бидејќи подоцна по истекување, како на субјективниот, така и на објективниот рок, според турскиот закон, разбрал дека има куршум во левата регија на главата, што е оценето

39 Mihelčić, G. Zastara u svjetlu konvencijske zaštite (2020). Hrvatski časopis za osiguranje 3/2020.

40 Gregurić v. Hrvatske, App.no. 45611/13, (ECHR 15 March 2018).

41 Moor and Others v. Switzerland, App.no.52067/10 and 41072/11 (ECHR Section II. 11 March 2014).

како неразумно да се очекува дека можел да поднесе навремено барање за надомест на нематеријална штета.[42]

Во секој случај, мора да се внимава на заштитата на посебно осетливите вредности, особено на психо-физичкиот интегритет на оштетениот и неговото телесно и душевно здравје. При тоа, кога е во прашање застареноста, од една страна, и ограничувањето на пристап до судот, од друга, треба да се избегнува претераниот формализам или претераната флексибилност во оценатa на застареноста како можност за ограничување на гарантираните конвенциски права.

Во македонскиот Закон за облигационите односи постои посебен рок на застареност за побарувања за надомест на штета, која произлегува од кривични дела за кои барањето за надомест на штета е врзано за рокот на застареност на кривичното гонење, што значи подолг рок на застареност. Барањето за надомест на штета спрема одговорното лице, предизвикана со кривично дело, застарува кога ќе измине времето определено за застареност на кривичното гонење. Притоа, прекинот на застарувањето на кривичното гонење повлекува со себе и прекин на застарувањето на барањето за надомест на штета.[43]

Во врска со овој квалифициран вид на застареност, како што се нарекува во правната теорија, од значење за надоместот на нематеријалната штета предизвикана со вршење на кривично дело, често доаѓа до застареност на побарувањата, поради пропуштање на рокот за поднесување на тужба во граѓанска постапка. Ова се случува, особено кога е најавено отштетно побарување во кривичната постапка, но судот одлучил да не решава за тоа барање и го упатил оштетениот да поведе граѓанска постапка.

Имено во предметот *Борис Стојановски против Република Македонија,*[44] утврдено е дека се водела кривична постапка, во која оштетениот најавил отштетно побарување, но судот не одлучил за него. Оштетениот, иако бил советуван да поднесе отштетно побарување во граѓанска постапка, не го сторил тоа, чекајќи го исходот од кривичната постапка, која што завршила со прекинување, поради настапување на апсолутна застареност на кривичното гонење.

Рефлексијата на конвенциската пракса се огледува во објективните ставови на Европскиот суд, кој смета дека со поднесување на отштетно побарување пред кривичниот суд, оштетениот во погоре наведениот предмет, се стекнал со својство на странка во таа постапка, поради што требало да се одлучува по неговото барање, уште повеќе што и во случај да повел граѓанска постапка, судот во неа е должен да го чека исходот од кривичната постапка. Во оваа смисла, ЕСЧП укажува на нецелисходноста на одлуката на домашниот суд, бидејќи апликантот и не можел да поведе граѓанска постапка по четири години од неговото најавување на побарувањето за нематеријална штета настаната од здобиените повреди во нападот врз него и по поминување на 10 години од нанесената повреда, поради што е констатирана повреда на член 6 став 1 од Европската конвенција.

Во врска со овој предмет, интересен е ставот на претставникот на Владата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права, искажан на седницата од 28 март 2018 година, кога се препорачува на Врховниот суд на Република Македонија да ја разгледа можноста за донесување на мислење или начелен став, по примерот на Република Бугарија, во врска со предметот *Атанасова против Бугарија*. Според тоа мислење, се укажува дека кривичните судови и во случаи на застареност, амнестија или смрт на обвинетиот, треба да продолжат со постапката и мериторно да одлучат по евентуално имотно-правно барање, најавено од оштетениот во текот на истата кривична постапка.[45]

---

42 Eşim v. Turkey, App.no. 59601/09 (ECHR 17 December 2013).

43 Supra note 1. Член 366 ст. 1 и 2.

44 Stojanovski v. Macedonia, App. 41916/04 (ECHR 06 May 2010).

45 Записник од 14-тата седница на Меѓуресорската комисија, за извршување на одлуките на ЕСЧП, 28.03.2018 год.

Во предметот *Атанасова против Бугарија*[46], како и во погоре наведениот предмет *Стојановски против Македонија*, утврдена е повреда на правото на пристап до судот на подносителката, како оштетена во кривичната постапка, поведена поради сообраќајната незгода, во која настапила застареност на кривичното гонење. Во поглед на нејзиното барање за надомест на нематеријална штета, бугарскиот суд не одлучил, туку ја упатил да поведе граѓанска постапка. Во тој предмет Европскиот суд истакнува една од претпоставките за делотворна заштита на правото на фер судење, вклучително и правото на пристап до судот. Во суштина, потенцирано е начелото на делотворност, според кое судот има обврска да одлучува по барањето на подносителот во одреден предмет, со цел за реализација на делотворноста од предвидената и побарана судска заштита.

ЗАКЛУЧОК

Застареноста на некое побарување во граѓанско-судска постапка, може да се утврдува само по приговор на туженият во текот на првостепената постапка, или *vice versa,* во спротивно судот нема обврска по службена должност да ја утврдува застареноста, што дозволува расправа за основаноста на тужбеното барање. Ова значи дека побарувањата за надомест на материјална и нематеријална штета, кои произлегуваат од повредата на личните права, како на физичките, така и на правните лица, мора да бидат побарани во рамките на предвидените законски рокови, во зависност од предизвиканата конкретна штета и причината за нејзиното настанување. Каузалитетот на последицата од причината го условува и рокот, кој што, поради истекување, може да доведе до застареност на побарувањето, односно го одредува времето за успешен исход на побарувањето за надомест на штета, доколку е запазен предвидениот законски рок (субјективниот, објективниот или привилегираниот рок предвиден за надомест на штета предизвикана од кривично дело).

Од аспект на заштитата предвидена со Европската конвенција за човекови права, посебно правото на правично судење, застареноста не смее да претставува негово ограничување. Конвенциската практика не се занимава со настанувањето на штетата, нејзината големина или содржина, туку со оправданоста или неоправданоста на причините кои што влијаеле на државата-договорничка, во конкретен случај, да постапува спротивно од предвидената и гарантирана заштита на правата, содржани во ЕКЧП.

Врз основа на согледувањата направени во овој труд, може да се изведе заклучок дека, практиката од спроведувањето на Европската конвенција за човекови права не ја проблематизира суштинската концепција на институтот застареност, предвидена во националните закони, ниту нејзината цел. Меѓутоа се бара од националните правни системи да обезбедат инструменти, кои што ќе овозможат соодветна предвидливост, легитимност и сразмерност во примената на институтот застареност од аспект на заштитата на конвенциските права. Во оваа смисла не смее да биде ограничено правото на пристап до судот и да биде доведено во прашање суштинското право на поединецот да побара заштита на своите граѓански права, пред судот и да добие судска одлука во врска со своето барање.

Од аспект на праксата на Европската конвенција за човекови права во однос на институтот застареност и правото на надомест за сторена повреда на личните права, може да се заклучи дека непочитувањето на основните начела на предвидливост, легитимност и сразмерност од страна на националните судови, се причина за повреда на правата, регулирани со Конвенцијата, меѓу кои е правото на правично судење – пристап до судот – фер постапка, регулирано во чл.6, ст.1 од Конвенцијата.

(Авторката е судијка на Врховниот суд во пензија).

46 Atanasova v. Bulgaria, App.no. 72001/01 (ECHR Section V, 2 October 2008).

ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛИЦАТА СО ОДЗЕМЕНА ДЕЛОВНА СПОСОБНОСТ ВО СЕНКА НА СИСТЕМОТ ЗА СТАРАТЕЛСТВО ВРЗ ВОЗРАСНИ ЛИЦА

Во Република Северна Македонија, во Законот за вонпарнична постапка, неопходна е реформа на концептот за деловна способност и за нејзиното одземање, а во Законот за семејството неопходно е реформирање на системот за старателство. Во позитивната регулатива старателите првенствено се фокусираат на заштитата на личните права на нивните штитеници, но таа улога треба да се преобрази во овластување на штитениците да донесуваат самостојни одлуки, со поддршка на старателите, со обезбедување навремени информации и давање приоритет на желбите и мислењата на штитеникот, колку што е можно повеќе.

ЕЛЕНА ИГНОВСКА – МАТЕА КОЦЕВСКА

АПСТРАКТ

Во текстов авторите обработуваат тема која се наоѓа во пресекот меѓу граѓанското право и човековите права. Правната регулатива на деловната способност и на системот за старателство е витална, но маргинализирана тема во македонската јуриспруденција и јурисдикција. Во позитивната правна регулатива единствено концептот на деловна способност го уредува нејзиното ограничување и одземање, не познавајќи варијации на менталната способност и на конкретизацијата на опсегот на правата и обврските. Како резултат на тоа лицата кои се целосно или делумно лишени од деловна способност се спречени да уживаат остварување на фундаменталните човекови права, поради што авторите заклучуваат дека во македонскиот правен систем тие се наоѓаат во состојба на „граѓанска смрт". Старателскиот систем, пак, е поставен на патерналистички сфаќања, и соодветно на тоа, препознава единствено одлуки донесени од старателот, во име и за сметка на лицето под старателство (substitute decision-making), но не и поддржано донесување одлуки со лицето кое е под старателство (supported decision-making). Поради засегнатоста на човековите права и достоинство, промените во оваа област треба да уживаат приоритет во реформирањето на македонското право.

Клучни зборови: деловна способност, старателство, „граѓанска смрт", граѓанско право, човекови права

1. КОНЦЕПТОТ НА ДЕЛОВНА СПОСОБНОСТ ВО РАМКИ НА СТАРАТЕЛСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Концептот на деловна способност претпоставува можност лицето да биде признаено како субјект на права и обврски во правниот промет. Таа можност се стекнува со полнолетството (со наполнети 18 години). Поседувањето на ова право претставува предуслов за уживање бројни, лични и имотни права. Деловно способното лице може самостојно да ја изразува сопствената, правно релевантна волја во правните односи во кои стапува, може самото да се грижи за остварувањето на своите лични и имотни права, а доколку биде лишено од деловната способност, за остварување на неговите права и интереси е задолжен неговиот законски застапник - старателот.

Во Република Северна Македонија единствено правно средство за заштита на ранливите - возрасни лица - претставува постапката за одземање или за ограничување на деловната способност, која, во правото, е посебна област во вонпарничната постапка. Оваа, по својата природа итна постапка, е регулирана во Законот за вонпарнична постапка[1] со посебни правила, во согласност со чувствителноста на нејзиниот предмет. Основи за лишување на полнолетно лице од деловна способност може да бидат душевно заболување, слабоумност, употреба на алкохол или други нервни отрови, наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, поради што лицето не е во состојба да се грижи за себе и за заштита на своите права и интереси.[2] Бидејќи основите за одземање или за ограничување на деловната способност се променлива категорија и можат, во даден момент, да престанат да постојат, одземената, односно ограничената деловна способност може да биде вратена со нова одлука на Судот.[3] Во овој контекст интересно е тоа што засегнатото лице не е овластено само да ја покрене постапката за одземање на својата деловна способност, но има активна правна легитимација за иницирањена постапката за враќање на одземената, односно ограничената деловна способност.[4] Сепак, додека постојат и траат причините поради кои целосно или делумно на некое лице му е одземена деловната способност, полнолетното лице влегува во системот на старателство врз возрасни лица.

1 Службен весник на Република Македонија 80/1992.

2 Член 34, став 1 од Закон за вонпарнична постапка, Службен весник на Република Македонија 79/2005, 09/2008.

3 Ibid, член 34, став 2.

4 Ibid, член 36 и член 52.

Институтот 'старателство врз возрасни лица', во македонското право, се дефинира како организирана општествена заштита на полнолетните лица, на кои им е одземена или ограничена деловната способност,[5] но покрај законска обврска, тој треба да ја отелотворува привилегираната должност да се обезбеди благосостојба, достоинство и права на оние, кои, поради возраст, болест или попреченост[6], не можат целосно да се застапуваат себеси. Што се однесува до социјалната заштита на старите лица, пропишано е дека членовите на семејството се одговорни да се грижат за своите постари членови, така што семејството е примарен негувател, а само споредно, доколку семејството не може да ја обезбеди претпоставената грижа, старите лица имаат право на социјална заштита,[7] како и право на здравствена заштита, согласно со „Законот за социјална сигурност за старите лица".[8]

Одредбите што го регулираат системот на старателство се императивни и во голема мера ја исклучуваат автономијата на лицата вклучени во него. Центарот за социјална работа, како орган на старателство, непосредно или посредно ги презема сите дејствијата и ги донесува сите одлуки поврзани со старателството. Конкретно, овластувањата и должностите на старателот зависат од причините поради кои лицето е лишено (целосно или делумно) од деловната способност. Старателот треба да се обиде да му помогне на возрасното лице под старателство, доколку е можно, да ги надмине таквите причини (пречки), додека крајна цел е да му овозможи способност за самостојна грижа за себе.[9] Старателот на полнолетно лице лишено од деловна способност може да ги преземе сите неопходни мерки што влегуваат во рамки на редовното управување со имотот, додека за секое прашање кое излегува од оваа рамка (на пример, продажба, купување, донирање имот итн.), потребно е посебно одобрение од Центарот за социјална работа.[10] Старателот на полнолетно лице со ограничена деловна способност има потесни овластувања и должности, затоа што ова лице е способно да остварува сопствени приходи и соодветно да управува со нив, освен во случаите кога е неопходно посебно одобрение од Центарот.[11]

Старателот се грижи за здравјето и донесува одлуки за медицинските потреби на лицето под старателство, односно потпишува изјава за прифаќање или одбивање конкретна медицинска интервенција, за сметка на лицето под старателство, а во случај на колизија на нивните интереси, изјавата ја потпишува Центарот за социјална работа.[12] Понатаму, тој го застапува лицето лишено од деловна способност во сите судски и управни постапки кои се однесуваат на него и кои ги засегаат неговите права и интереси. Ако лицето под старателство поседува недвижен имот, старателот самостојно управува со него, во рамки на дадените овластувања, со дополнителна согласност од Центарот, за дејствија надвор од рамките на редовното управување.[13] Договорите, во име и за сметка на деловно неспособното лице, ги склучува неговиот старател. Во сферата на брачното право, одредбите се уште построги, па согласно тоа, лицата со манифестна форма на ментално заболување, заостанат умствен развој или неспособност за расудување, не можат да склучат брак, дури ни со согласност на старателот.[14]

Овие дискриминирачки норми се јавуваат во повеќе области од граѓанското законодавство, но особено преовладуваат во делот на родителското право, согласно кое, лицата лишени од деловна способност не можат самостојно да поведуваат постапки за утврдување и оспорување на татковството и мајчинството, ниту пак да ги остваруваат основните права и обврски како

5 Член 124, став 1 од Законот за семејството, Службен весник на Република Македонија 80/1992.

6 Ibid, член 176 став 1.

7 Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, Национална стратегија за стари лица 2010-2020, јуни, 2010, 15-19.

8 Службен весник на Република Северна Македонија, 104/19.

9 Член 167 од Законот за семејството, Службен весник на Република Македонија 80/1992.

10 Ibid, член 142.

11 Мицковиќ Дејан, Ристов Ангел, Семејно Право, Стоби Трејд, Скопје, 2015, 293.

12 Член 15, став 1 и став 3 од Закон за заштита на правата на пациентите, Службен весник на РМ 82/08.

13 Член 142 став 2 од Законот за семејството, Службен весник на Република Македонија 80/1992.

14 Ibid, член 18 став 1.

родители. Работата оди до таму што дури не се ни бара нивна согласност за давање на нивните деца на посвојување.[15]

Поради ваквиот правен хендикеп лицата лишени од деловна способност не можат да учествуваат во правниот живот, како резултат на што се наоѓаат во состојба на „граѓанска смрт". Имајќи ја предвид супериорната улога на старателот и на Центарот за социјална работа - како старателски орган во процесот на донесување одлуки за правата и интересите на лицето под старателство, очигледно е дека нашиот правен систем единствено познава одлуки донесени од старателот, во име и за сметка на лицето што е под старателство (substitute decision-making), а не и поддржано донесување одлуки во договор со лицето што е под старателство (supported decision-making).

2. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА АВТОНОМИЈАТА СО ВОВЕДУВАЊЕ НОВ ПРАВЕН КОНЦЕПТ – ПОДДРЖАНО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ (SUPPORTED DECISION-MAKING)

Во македонската јавна сфера нема тековни дебати, најавени реформи или друг вид ангажмани за обновување на одредбите на старателското право. Нема ниту обиди за усогласување на националниот правен систем со ратификуваната Конвенција за правата на лицата со попреченост и покрај препораките на Комитетот за правата на лицата со попреченост на ООН, во смисла на замена за режимот – одлучување на старателот во име и за сметка на лицето под старателство (substitute decision-making) за – поддржано одлучување со лицето под старателство (supported decision-making), кое ја почитува личната автономија и преференциите на личноста,[16] што може да се забележи во Извештајот кај одговорите на државата на прашањата поврзани со првичниот извештај на Република Северна Македонија за спроведување на Конвенцијата.[17]

„Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (CRPD), од 2008 година, поставува темели во процесот на признавање и заштита на правата на лицата со попреченост низ целиот свет. Преку заеднички напори на невладините организации, групите за попреченост и владите, Конвенцијата има за цел да обезбеди целосно и еднакво уживање на човековите права и основни слободи за лицата со попреченост, нагласувајќи го почитувањето на нивното вродено достоинство. Формулацијата на нејзините одредби, фокусирана на еднаквото признавање пред законот, поттикна дискусии за поддржаното донесување одлуки, како средство за овозможување на поединците со попреченост подеднакво да учествуваат во правниот промет. Овој концепт на поддржано одлучување ја истакна несоодветноста на механизмот на донесување одлуки од старателот, за лицето под старателство, повикувајќи на ревизија и реформа на законите за старателство.[18]

Поддржаното донесување одлуки е еден од најновите клучни поими во полето на попреченост. Овој концепт е алтернатива на старателството, согласно кој, наместо старателот да донесува одлука за лицето со попреченост, со негова помош лицето да донесува сопствени одлуки. Сржта на поддржаното одлучување е дека лицата со попреченост имаат пристап до помош во донесувањето одлуки, за да се овозможи нивно рамноправно учество во општествените односи. Ваквото поддржано одлучување им е неопходно за да можат да склучуваат договори, да се венчаваат, да гласаат и да се вклучуваат во други правни односи. Лицата со интелектуална или со развојна попреченост, психо-социјална попреченост, деменција, Алцхајмерова болест, стекна-

15 Ibid, член 55, член 56, став 3, член 57, член 64 став 3, член 74, член 94 и член 103, став 3.

16 Committee on the Rights of Persons with Disabilities, Concluding Observations on the Initial Report of the Former Yugoslav Republic of Macedonia, 29. Oct. 2018.

17 Informal coalition and group of authors, Summary Report (Summary Report) of the State Responses to the Questions related to the initial Report of the Republic of Macedonia in the implementation of the Convention on the Rights of Persons with Disability, July 2018.

18 Генерално собрание на ООН, Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (CRPD), 2008 година, член 12.

та мозочна повреда или со други попреченост, кои потенцијално влијаат на сознанието, може особено да имаат потреба од таква поддршка, или пак, од насоки/директиви кои ги дале пред сериозното настапување на попреченоста (advanced directives).

Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и нејзините генерални коментари нудат насоки за реализирање на поддржаното одлучување на лицата со попреченост, нагласувајќи ги човековите права и индивидуалната автономија. Вклучувањето на засегнатите страни, особено од самите лица и од нивните организации, е клучно во обликувањето на оваа сочувствителна политика. Иако не постои универзален модел, овој концепт на одлучување вклучува давање приоритет на волјата на поединците, обезбедување слобода на избор и пристап до јасни информации, флексибилност во обезбедувањето поддршка, заштитни мерки од несоодветно влијание и општествен пристап. Поддржаното носење одлуки може да се спроведе во различни форми, формални и неформални, и треба да биде предмет на редовна ревизија од независни тела, онака како што е нагласено од Комитетот за правата на лицата со попреченост.[19]

Во Република Северна Македонија неопходна е реформа на концептот за деловна способност и нејзино одземање во Законот за вонпарнична постапка, а во Законот за семејството неопходно е реформирање на системот за старателство. Во позитивната регулатива старателите првенствено се фокусираат на заштитата на личните права на нивните штитеници, но таа улога треба да се преобрази во овластување на штитениците да донесуваат самостојни одлуки, со поддршка на старателите, со обезбедување навремени информации и давање приоритет на желбите и мислењата на штитеникот, колку што е можно повеќе. За таа цел неопходни се сеопфатни податоци во оваа област, бидејќи неконзистентноста на дефинициите и толкувањата, ограниченото истражување и несоодветното вклучување на лицата со попреченост во процесите на донесување одлуки, го попречуваат целокупниот општествен напредок.[20]

ЗАКЛУЧОК

За жал, во Република Северна Македонија системот на старателство врз возрасни лица, не го отсликува сочуствителниот концепт врз основа на кој е заснован. Со цел подобрување на постојната регулатива и преземање мерки против дискриминацијата на лицата со попреченост, државата, во 2011 година, ја ратификуваше Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост[21] и воспостави Национално координативно тело и Мониторинг тим за негова имплементација, но и понатаму останува загриженоста за нејзиното целосно имплементирање. Државата има развиено Национална стратегија за правата на лицата со попреченост, за периодот 2023-2030 година, заедно со Акцискиот план за 2023-2026 година,[22] чија цел е да ги подобри условите за лицата со попреченост, преку справување со дискриминацијата, зајакнување на независноста, автономијата и промовирањето на поголема вклученост во системот. Во 2020 година беше донесен и новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, кој имаше за цел да ги заштити лицата со попреченост од дискриминација, но и оваа реформа остана без значителен успех. Покрај тоа, фактот што Хашката конвенција за меѓународна заштита на возрасните, од 2000 година, не е ниту потпишана, ниту ратификувана, покажува дека напорите на институциите во оваа област се претежно насочени кон задоволување на минимумот критериуми за спроведување на реформите во рамки на процесот на евроинтеграциите на земјата, но резултатите покажуваат дека тие напори , во суштина, биле летаргични.

---

19 *https://supporteddecisions.org/about-supported-decision-making/.* [05.03.2024]

20 European Network of National Human Rights Institutions, Implementing supported decision-making, Developments across Europe and the role of National Human Rights Institutions, 8 June 2020.

21 Informal coalition and group of authors, Summary Report (Summary Report) of the State Responses to the Questions related to the initial Report of the Republic of Macedonia in the implementation of the Convention on the Rights of Persons with Disability, July 2018, страна 21.

22 Генерално собрание на ООН, Конвенција за правата на лицата со попреченост (CRPD), 2008 година.

Имајќи го предвид сето погоре истакнато, може да се заклучи дека македонскиот правен систем е сè уште многу патерналистички, кога станува збор за односот меѓу ранливите возрасни лица и лицата назначени од државата да ги штитат нивните интереси. Затоа, принципот на претпоставениот „најдобар интерес“ доминира над принципот „автономија на волјата“. Соодветно на тоа, системот препознава само одлучување за сметка на лицето под старателство, наместо поддржано носење одлуки со него. Овој правен концепт, во иднина, треба да се промени и да добие третман на приоритет.

Негирањето на деловната способност на лицата со попреченост претставува значителна опасност за основните човекови права и слободи. Тоа го поткопува нивниот правен субјективитет и води до практични и психолошки последици, лишувајќи ги од основните права и овековечувајќи ја општествената стигма. Реформирањето на законите од оваа област е од клучно значење за одржувањето на принципите на еднаквост и за човековото достоинство. Придвижувањето кон формална еднаквост, со воздржување од таквите негирања, е чекор напред, но постигнувањето суштинска еднаквост бара да се препознае меѓузависноста на поединците и да се обезбеди соодветна поддршка. За оваа цел неопходни се значителни законски и општествени промени, за да се обезбеди значајно и охрабрувачко вклучување на лицата со попреченост во процесот на донесување одлуки, а воедно и во остварувањето на основните човекови права и слободи.

(Авторката, д-р Елена Игновска, е професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

Авторката, м-р Матеа Коцевска, е демонстратор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје).

КВАЛИТЕТОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВЛОЖУВАЊЕТО ВО НАУКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ПРЕДИЗВИЦИ И НЕДОСТАТОЦИ

Квалитетот на образовниот систем, особено на високото образование, зборува за стремежот на која било држава да вложува во својата иднина и во своите поколенија. Се добива впечаток дека во изминативе триесетина години во Република Северна Македонија се забележува уназадување во квалитетот на високото образование и дека речиси не постои интерес за издвојување финансиски средства од Буџетот со цел вложување во науката. Квалитетот во високото образование и вложувањето во науката се кумулативни и меѓусебно зависни. Не може да постои наука без високо образование, но исто така не можеме да очекуваме квалитет во високото образование, без посветеност и вложувања од државата во остварувањето на научните цели

ВЕСНА СТЕФАНОВСКА

АПСТРАКТ

Образованието, заедно со здравството и правосудството, се сметаат за постулати на кои се базира која било демократска држава. Квалитетот на образовниот систем, особено на високото образование, зборува за стремежот на државата да вложува во својата иднина и во своите поколенија.

Се добива впечаток дека во изминативе триесетина години во Република Северна Македонија се забележува уназадување во квалитетот на високото образование и дека речиси не постои интерес за издвојување финансиски средства од Буџетот со цел вложување во науката. Квалитетот на високото образование и вложувањето во науката се кумулативни и меѓусебно зависни. Не може да постои наука без високо образование, но исто така не може да се очекува квалитет во високото образование без посветеност и вложувања од државата во остварување на научните цели.

Овој труд ќе ги анализира причините и факторите кои придонесуваат за овој негативен тренд и ќе се обиде да предложи кои чекори можат да се преземат со цел - подобрување на состојбите во високото образование.

Клучни зборови: високо образование, наука, универзитети, квалитет, истражувања.

ВОВЕД

Неспорна е максимата дека развојот на која било држава зависи од степенот на развојот на науката во неа. Но, неспорно е и дека за научно-истражувачка работа потребни се финансиски средства, а државата е таа која е должна да ги обезбеди тие средства. Научните достигнувања и научно-истражувачките проекти имаат несомнено значаен ефект врз сите сегменти од државната апаратура.

Сепак, науката во Република Северна Македонија е тема којашто во медиумите најчесто е актуелна само во време кога се врши подготовка на Предлог - буџетот за следната година, каде повторно се констатира стагнација или намалувања на финансиските средства од вкупниот Буџет и правење компарации со претходната година во која и тогаш процентот кој се одвојувал за наука бил на очајно ниско ниво.

Овој труд се обидува да направи осврт на квалитетот на високото образование во државава и на вложувањето во науката, односно кои причини доведуваат до намалување на квалитетот на високото образование и што треба да се преземе со цел високото образование да се реформира во вистинска смисла на зборот. Покрај идентификувањето на конкретните проблеми коишто се воочливи во високото образование, во трудов се прават и компарации со соседните држави во однос на рангирањето на универзитетите од нашава држава и соседството, но и колку се издвојува за науката кај нас и на ниво на Европска Унија.

1. АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Образованието во Република Северна Македонија е организирано според Меѓународната стандардна класификација на образованието, креирана од УНЕСКО, и претставува инструмент за проценка и обликување на статистичките податоци од областа на образованието, како на национално, така и на меѓународно ниво.

Од осамостојувањето на нашава држава, па досега, високото образование, од аспект на законска регулатива, претрпе бројни измени, кои, за жал, не го подобрија неговиот квалитет и не придонесоа за реафирмирање на универзитетската автономија, за поголема финансиска само-

стојност на универзитетите, на академскиот кадар, и секако, на студентите како идни академски граѓани, кои, со стекнатото знаење треба да бидат конкурентни на пазарот на труд.

Доколку се направи ретроспектива на тридеценскиот развој на високото образование недвосмислено можат да се идентификуваат повеќе причини за намалување на квалитетот на високото образование, и тоа: (1) премногу универзитети и факултети во споредба со бројот на жители; (2) премалку вложување во науката; (3) несоодветни студиски програми; (4) несоодветен наставен кадар - кој ја нема потребната експертиза за одредени факултети; (5) намалување на бројот на студенти, како и сè поизразената желба за студирање во странство.

Во моментов, според Регистарот на високообразовните установи[1] кој го води Министерството за образование и наука, системот за високо образование се состои од 18 универзитети, 165 факултети, два верски факултета, една јавно-научна установа, 5 приватно-научни установи, три високи стручни школи, три странски високообразовни установи и 8 институти. Со оглед на бројот на жители, кој според последниот попис[2], изнесува 1.836.713 и во услови на намалување на наталитетот, а со тоа и на бројот на студенти, легитимно е да се постави прашањето: Каков квалитет нудат сите овие универзитети и факултети? Со овие дилеми потребно е да се занимава Агенцијата за квалитет во високото образование[3], чии цели се насочени кон одржување на системот на обезбедување, оценување, развој и унапредување на високото образование, како и одржување на стандардите за квалитет и подобрување на квалитетот на високообразовните установи и нивните студиски програми.

Задоволителен квалитет во високото образование може да се постигне и да се одржува доколку државава сериозно се позанимава со горенаведените причини кои значително придонесуваат за намалување на квалитетот. Тука повторно се поставува прашањето: Дали на државава и на стопанството им се потребни толку млади луѓе со завршено високо образование, чија диплома секогаш не е конкурентна на пазарот на трудот, или, можеби треба да се размислува и за реформи во средното образование кои повеќе би биле насочени кон создавање квалификуван и стручен кадар кој може да биде конкурентен на пазарот на трудот.

2. СТАНДАРДИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Квалитетот во високото образование претставува еден од клучните приоритети кои државата треба да ги постави со цел унапредување на високото образование. Тенденцијата на унапредување во високото образование е постојано актуелна, но таа треба да се заснова на стандарди и принципи кои ќе го јакнат квалитетот во високото образование, истовремено идентификувајќи ги предизвиците и давајќи конкретни мерки и насоки за нивно надминување.

Стандардите за подобрување на квалитетот во високото образование не значат често менување на законската регулатива, без сериозна анализа на потребите на македонското високо образование, без утврдени финансиски импликации и детерминирана волја да се направат промени кои ќе водат кон подобро и поквалитетно високо образование и стандарди кои ќе можат да се имплементираат во практика и да покажат вистински резултати.

Европските стандарди и упатства претставуваат група стандарди и упатства за внатрешно и надворешно обезбедување на квалитетот во високото образование. Овие стандарди акцентот го стават на обезбедувањето на квалитетот поврзан со учењето и подучувањето во високото обра-

1 https://mon.gov.mk/download/?f=Registar%20na%20visokoobrazovni%20ustanovi.xls Горенаведената статистика не кореспондира со бројот на универзитети и факултети, објавен од Државниот завод за статистика, во делот: Запишани студенти на високите стручни школи и факултетите во Република Северна Македонија во академската 2022/2023 г. *https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=29*

2 *https://popis2021.stat.gov.mk/*

3 Подетално за Агенцијата за квалитет во високото образование, види на: *https://www.akvo.mk/about.php*

зование, вклучувајќи ја и средината за учење и релевантните врски со истражувачката работа и иновациите.[4] Во таа насока неопходно е да се потенцира дека високообразовните институции имаат примарна одговорност за квалитетот на образованието и неговото обезбедување. Ова воедно значи и обврска за високообразовните институции да ја гарантираат компетентноста на својот академски кадар и да ги ревидираат своите студиски програми, а сè со цел - проверка дали тие ги остваруваат целите и дали одговараат на потребите на студентите. Доколку е потребно, а практиката и спроведените истражувања во Република Северна Македонија тоа го потврдуваат, неопходна е промена на пристапот во учењето и подучувањето, со цел тој систем да биде повеќе насочен кон студентите и да ги подготви за нивно конкурирање на пазарот на трудот.

Студиските програми ја претставуваат сржта на високото образование и поради тоа тие мора да обезбедат не само академско знаење и вештини, туку и да придонесат за личен развој на студентите, со цел полесно насочување кон идна кариера или кон понатамошно усовршување. Промените на светско ниво, пандемијата предизвикана од Ковид-19, како и иновациите покажуваат дека се неопходни промени и во студиските програми, со цел студентите да стекнат знаења и вештини кои практично ќе можат да ги применат, и секако, да бидат конкурентни на пазарот на трудот, не само во нашава држава, туку и на глобално ниво. Од таа причина мора да се истакне дека промените во студиските програми и нивното прилагодување на светските текови бараат вложување финансиски средства во образованието, во науката и во иновациите.

Моменталната состојба во македонското високо образование покажува дека горенаведениве стандарди недоволно се почитуваат и не се применуваат во целост, и дека тоа влијае на намалувањето на квалитетот во високото образование. Тоа индиректно се одразува и на рангирањето на македонските универзитети, на светско ниво. Еден од критериумите за квалитет во високото образование претставува и рангирањето на универзитетите. Како најзначајни и релевантни извори на рангирање на универзитетите претставуваат Academic Ranking of World Univerzities и QS World University Rankings. Според Academic Ranking of World Univerzities, позната како Шангајската листа за рангирање на универзитетите, се земаат предвид овие шест индикатори[5] според кои се рангираат универзитетите и на тој начин се мери квалитетот на образованието. Тие индикатори вклучуваат: (1) поранешни студенти коишто освоиле Нобелова награда или други значајни достигнувања, (2) награди освоени во различни области - вклучувајќи хемија, физика, медицина, економија и слично, (3) цитирани истражувачи кои со своите трудови оставиле белег во полето во кое пишувале според листите објавени од Tompson Reuters, (4) објавени трудови од областа на природните науки, (5) трудови коишто се индексирани во светски признаени дата - бази, и на крај, (6) постигнатите резултати поделени со еквивалентен академски кадар кој работи со целосно работно време.

Втората листа за рангирање на универзитетите, QS World University Rankings, во својата Методологија исто така предвидува шест индикатори според кои се мери и се дефинира рангирањето на универзитетите, на светско ниво.[6] Индикаторите се однесуваат на: (1) академска репутација - односно препознаени и светски универзитети; (2) репутација на академскиот кадар; (3) посветеност за обезбедување висок квалитет во учењето и подучувањето; (4) цитирање на трудовите подготвени од професори или студенти во познати дата - бази; (5) промоција на универзитетите во странство; (6) успехот на универзитетите да привлечат странски студенти за студирање.

Ниту еден универзитет од Република Северна Македонија не се најде на листата на најдобро рангирани 1.000 универзитети од Шангајската листа, ниту од QS World University Rankings. Затоа пак, универзитетите од соседните држави се најдоа на овие две најпознати листи за рангирање на светски универзитети. Според Шангајската листа за рангирање на универзитетите најдо-

4 Стандарди и упатства за обезбедување квалитет во Европскиот простор за високо образование (ЕСГ, 2015), 4

5 Shanghai Ranking's Academic Ranking of World Universities Methodology 2023, https://www.shanghairanking.com/methodology/arwu/2023

6 Bridgestock, Laura. (2021). World University Ranking Methodologies Compared, ***https://www.topuniversities.com/university-rankings-articles/world-university-rankings/world-university-ranking-methodologies-compared***

бро рангиран универзитет од соседството е Универзитетот во Белград, додека според QS World University Rankings, најдобро рангиран е Универзитетот во Љубљана.

Приказ на универзитетите од соседството, рангирани според Academic Ranking of World Univerzities[7] *и QS World University Rankings, за 2023 година*[8]

Academic Ranking of World Universities		QS World University Rankings	
Универзитет	**Позиција**	**Универзитет**	**Позиција**
Универзитет во Белград	301- 400	Универзитет во Љубљана	601-605
Универзитет во Загреб	401- 500	Универзитет во Марибор Универзитет во Загреб	801-1000
Универзитет во Љубљана	601-700	Универзитет во Белград Универзитет во Риека Универзитет Јосип Јурај Штросмајер, од Осијек	1001-1200
Универзитет во Нови Сад	901-1000	Универзитет во Сараево	1201-1400

За да можат да се одржуваат и да се гарантираат овие стандарди кај состојбите во високото образование потребно е високообразованите институции постојано да се стремат кон подигање на квалитетот на наставата, на компетентноста на наставно-научниот кадар, но и кон подобрување на студентскиот стандард и развивање и унапредување на научно-истражувачката дејност. Имајќи ги предвид актуелниве состојби во високото образование во Република Северна Македонија, недвосмислено се добива впечаток дека се потребни темелни промени, со цел повторно воспоставување стандарди кои ќе придонесат за зголемување на квалитетот во високото образование.

3. НАУКАТА КАКО КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА ПОКВАЛИТЕТНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Научно-истражувачката дејност ги опфаќа фундаменталните и применетите истражувања чии резултати содржат изворност и се насочени кон проширување и унапредување на дејноста и на вкупните знаења. Во Република Северна Македонија таа е уредена со Законот за научно истражувачка дејност.[9] При нормирањето, законодавецот предвидел дека научно-истражувачка дејност се заснова на начелата на: слобода и автономност на истражувањето и творештвото, поврзаност со образовниот систем, етичност, транспарентност во работата и дисеминација на резултатите, примена на меѓународните стандарди врз квалитетот во науката, неповредливост и заштита на личноста на човекот, разновидност на мислења, методи, теории и доктрини, примена на европските стандарди за регрутирање истражувачи, конкурентност и еднаквост на можностите, заштита на интелектуалната сопственост и применливост на резултатите.[10]

За да можат да се почитуваат и применуваат горенаведениве начела, неопходно е регулирање на финансирањето и вложувањето во науката и во научните цели. Од една страна, финансирањето овозможува континуирано унапредување на научно-истражувачката дејност и заемна повр-

7 *https://www.shanghairanking.com/rankings/arwu/2023*

8 *https://www.topuniversities.com/world-university-rankings/2023?region=Europe*

9 Службен весник на РСМ, бр.46/2008, 103/2008; 24/2011; 80/2012; 24/2013; 147/2013; 41/2014; 145/2015; 154/2015; 30/2016; 53/2016; 257/2020; 163/2021

10 Ibid, член 3

заност меѓу науката и образованието, но, од друга страна, ја јакне меѓународната соработка во трансферот на знаења, истражувања, користењето на резултатите од истражувањата, доведува до рамномерен регионален развој и зголемување на продуктивноста на трудот и на националната конкурентска способност во глобалниот простор. Дополнително, научните истражувања коишто се вршат во високообразовните установи имаат за цел подигање на квалитетот на образованието, со тоа што обезбедуваат услови за вршење научно истражувачката дејност.

Доколку го погледнеме Извештајот на Европската Унија за 2023 година, кој се однесува на Северна Македонија, може да се констатира дека е постигнат одреден напредок во однос на зајакнувањето на капацитетите за истражување и иновации на јавниот и приватниот сектор. Една од препораките на Европската комисија е да се зголемат инвестициите во истражувањата, во согласност со приоритетите на европската истражувачка област. Имено, не само што постои потреба од зголемување на буџетот за наука, туку и дополнително, инвестициите во истражувањето и иновациите сè уште се ниски и изнесуваат 0,38 % од БДП, а учеството на приватниот сектор во севкупните истражувања е уште пониско и изнесува 0,1 % од БДП.[11] Овие препораки се реални, доколку се има предвид дека Европската Унија обезбедува значителна поддршка за наука, истражување и иновации.

Во 2022 година Европската Унија потрошила 352 милиони евра за истражување и развој, односно 6.34% повеќе од претходната година (331 милион евра), односно 48.52% повеќе од 2012 година (237 милиони евра). Според Предлог-буџетот на Европската Унија за 2024 година Европската комисија планира да издвои 13.6 милијарди евра за истражувања и иновации, а 12,8 милијарди се предвидени за програмата Хоризонт Европа. Ова, всушност, значи 400 милиони евра повеќе за истражувачки програми од претходната 2023 година.[12]

Доколку се направи ретроспектива на издвојувањата на финансиските средства од Буџетот на Републикава за наука, може да се констатира тренд на намалување на средствата што се издвојуваат за таа намена. Иако во 2024 година буџетот на Министерството за образование и наука е поголем од минатата година, сепак средствата за наука, наместо да се зголемуваат, тие пропорционално стагнираат, или сè повеќе се намалуваат. Доколку се има предвид дека еден од приоритетите на Министерството за образование и наука, за периодот 2024-2026 година е зголемено вложување и развој на науката, истражувањето и иновациите, овие аспирации не соодветствуваат со статистиката, односно со финансиските средства кои се одвојуваат за наука. Оттука, тешко и невозможно е да се зборува за процентот на финансиски средства кои се одвојуваат од ЕУ, во споредба со бруто-домашниот производ и оние средства кои се издвојуваат во нашава држава.

Во прилог на овие констатации е и фактот дека годишно се зголемува бројот на истражувачки организации, а финансиските средства за наука од Буџетот стагнираат или се намалуваат. Истражувачките организации не можат да функционираат и да ја извршуваат својата дејност без финансиски средства за спроведување на научно-истражувачките проекти. За споредба, според податоците достапни на веб страницата на Државниот завод за статистика, во 2007 година постоеле 53, додека, во 2016 година бројката на научно-истражувачки организации изнесувала 124.[13]

11 Извештај на Европската Комисија за Северна Македонија СВД (2023) 693, *https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657*

12 *https://sciencebusiness.net/news/EU-budget/commission-puts-forward-eu136b-research-budget-2024-eu128b-horizon-europe*

13 *https://www.stat.gov.mk/IndikatoriTS.aspx?id=5*

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Неопходно е високото образование во нашава држава да претрпи сериозни законски, организациски и финансиски промени. Тие промени треба да бидат применливи и да дадат резултати. Во спротивно, законите ќе претставуваат само „мртво слово на хартија“. Законската регулатива, која го засега високото образование, потребно е да се менува, со активна вклученост на академскиот кадар и на студентите. Првите се најинволвирани во презентирањето на потребите на универзитетите, додека пак, вторите треба да бидат конкурентни на пазарот на трудот, односно во стопанството и да поседуваат вештини со кои стекнатите знаења ќе ги имплементираат на работните места.

Квантитетот, односно зголемениот број универзитети и факултети не значи секогаш и добар квалитет, туку напротив, може да влијае на намалувањето на квалитетот на високото образование. Ова оди во насока на конкретната ситуација во нашава држава, каде изминативе години бележиме зголемување на бројот на универзитети и факултети, а стагнација или намалување на бројот на студенти. Со цел одржување на квалитетот во високото образование, потребно е да се следи исполнувањето на критериумите од моментот на акредитација на студентските програми, а тоа треба да биде примарна задача на Одборот за евалуација во високото образование. Студиските програми треба постојано да се анализираат и да се менуваат во согласност со потребите на стопанството, при што поголем акцент да се стави на практичната настава и на стекнувањето на горенаведените вештини.

Научно-истражувачката работа е нераскинлив дел од академската професија, на која, за жал, речиси воопшто не и се посветува внимание. Издвојувањето финансиски средства за наука значи вложување во иднината на студентите, континуиран развој на академскиот кадар, како и придобивки на државата од реализирањето научни проекти и подготовка на научни трудови од сите области. За таа цел потребно е да се оствари поврзаност на науката со стопанството, со цел и понатаму да не се наоѓаме во т.н. магловита трансформација низ која поминува научно-истражувачката дејност во нашава држава сите изминати декади од осамостојувањето.[14] Таа и таква трансформација се однесува на оние општества коишто немаат однапред дефинирани насоки на движење и кои често ги менуваат стратегиските определби во клучните сектори на општеството. Неопходно е научно-истражувачката дејност да се трансформира во јасно определен правец, а за тоа е потребно државава да покаже волја и да издвои доволно финансиски средства.

(Авторката е доктор на правни науки од областа на меѓународно право и Програмски координатор во Институтот за човекови права).

14 Митко Камчевски, Науката во Р. Македонија: состојби и перспективи. (Фондација Фридрих Еберт, 1998).

ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ДИГИТАЛНИОТ СВЕТ

Република Северна Македонија го има усогласено своето законодавство со меѓународните документи кои се однесуваат на заштитата на личните податоци. Сепак, статистиката евидентира претставки за сторени повреди на личните податоци, посебно за повреди на социјалните мрежи. Покрај тоа, очигледно е и дека постои темна бројка на сторени повреди кои граѓаните воопшто не ги пријавуваат. Поаѓајќи од тоа, РСМ треба да преземе активности за подобрување на заштитата на личните податоци, особено во дигиталната сфера.

МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКА

АПСТРАКТ

Во времево во кое живееме сведоци сме на зголемена размена на личните податоци меѓу различни органи и институции, а тоа ги преминува и границите на државите. За да се надмине ваквата состојба неопходно е да се обезбеди сигурност на целокупниот систем, да се подигне свеста на интернет корисниците за многубројните опасности кои виртуелно „се прикрадуваат“, да се спречат хакерските напади и злоупотреби, и слично.

Овој труд има за цел да ги разгледа и да ги проучи предизвиците за заштита на личните податоци, во контекст на дигиталниот свет. Тој прави обид да разјасни како технолошкиот напредок и дигиталната трансформација влијаат врз приватноста и безбедноста на личните податоци. Трудов се заснова на комбиниран пристап, вклучувајќи анализа на соодветната стручна литература и на статистичките податоци, како и примена на нормативниот метод. Резултатите ја нагласуваат потребата од зголемување на заштитата на личните податоци во дигитален контекст, со фокус на неопходноста за баланс меѓу иновациите и човековите права.

Во заклучокот ќе бидат наведени предлози за подобрување на заштитата на личните податоци во дигиталниот свет.

Клучни зборови: заштита на лични податоци, дигитален свет, приватност, технологија, иновации.

ВОВЕД

Развојот на дигиталните технологии во современово општество отвори широк спектар на нови можности за истражување, за размена на информации, обединување и протести на слободните граѓани. Овие активности ги вклучуваат универзално заштитените човекови права, создаваат нови форми на изразување и учество, без разлика на потеклото, статусот или другите разлики меѓу луѓето. Иако дигитализацијата на секојдневните активности и комуникации има позитивни страни, таа истовремено отвора и врати за злоупотреба и за потенцијално прекршување на основните човекови слободи и права.

Голем број интернет корисници имаат познавања за интернетот, за начините на преземање и објавување на содржините, но не им е секогаш јасно што од нивните активности спаѓа во доменот на заштита, ниту во кои случаи може да се зборува за прекршување на правата. Ваквата ситуација може да резултира со прекршување на човековите права на интернет.

Пред корисниците на интернет се поставуваат различни прашања поврзани со заштитата на личните податоци во дигиталната сфера, па граѓаните се поставени пред предизвик дали активностите на Фејсбук или споделувањето на Твитер се сметаат за лични податоци.

Напредокот на информатичката технологија, иако носи големи предности, истовремено може да предизвика негативни последици и дестабилизација во општеството, особено ако се злоупотребува или ако погрешно се користи . Оваа амбивалентност на технолошкиот напредок поставува сериозни предизвици во врска со заштитата на личните податоци и на човековите права во дигиталниот свет.

1. ПОИМ ЗА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Личен податок е секоја информација што се однесува на веќе идентификувано физичко лице или на физичко лице што во иднина може да биде идентификувано (субјект на лични податоци). Физичкото лице што може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, врз основа на идентификатори, како што се: име и презиме, матичен број, податоци за локација, идентификатор преку интернет или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за физичкиот, физиолошкиот, генетскиот, менталниот, економскиот, културниот или социјалниот идентитет на тоа лице.

2. ПРАВО НА ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Во современово општество поимот заштита на личните податоци произлегува од основното право на приватност. Ова право на приватен избор обезбедува контрола над информациите за нас, што вклучува контрола дали другите можат да дознаат за нашите патувања, купувања, место на живеење, комуникации и слично. Заштитата на приватноста стана особено значајна за автономниот начин на живот за секој човек, а со појавата на интернетот нејзината ранливост се зголеми и стана поочигледна. Поимот заштита на личните податоци денес претставува силно враќање на значењето на правото на приватност во светот на дигиталната комуникација.

Со напредокот на технологијата забележуваме зголемен проток на податоци, при што значаен дел од нив се класифицираат како лични податоци, односно како податоци што асоцираат на одредена личност која може да биде идентификувана. Заштитата на податоците се однесува на контролирањето и регулирањето на процесите на обработка на податоците, вклучувајќи нивно собирање, употреба и чување, со цел да се заштити приватноста на индивидуите во дигиталниот простор. Оваа област на заштита на податоците е насочена кон обезбедување справедлив и безбеден третман на личните податоци во спроведувањето на начелата на заштитата на приватноста во светот на напредните технологии.

Во современово општество на личните податоци им се пристапува како кон вреден ресурс врз основа на кој компаниите остваруваат профит, а државите вршат контрола врз граѓаните. Поради тоа, зачувувањето и одржувањето на приватноста во дигиталната сфера се соочува со дополнителни предизвици.[1]

Кога е загрозена приватноста?

Приватноста е загрозена во случај кога личните податоци не се соодветно заштитени или се злоупотребени.

Во продолжение се дадени неколку ситуации во кои може да биде загрозена приватноста:

- **Неовластен пристап** – има кога непријателски или неовластени лица добиваат пристап до нечии лични податоци, без согласност или дозвола;
- **Протекување на податоците** – има кога податоците може да бидат непредвидливо откриени преку хакерски напади, несреќни случувања или кај недоволно заштитени мрежни системи;
- **Злоупотреба на податоци** – има кај податоците што биле прибрани за една цел, а се користат за различни, понекогаш незаконски цели;
- **Недостиг на контрола** – има кај личните податоци кои се собираат, користат или складираат без доволно мерки за обезбедување и контрола на приватноста на сопствениците на податоците.

За да се заштити приватноста важно е да се применуваат соодветни технички, правни и етички мерки за обезбедување и управување со личните податоци. Државите, компаниите и институциите се одговорни за обезбедување соодветна заштита на податоците и за спроведување мерки за превенција на можни негативни случувања.

Кога има повреда на личните податоци?

Повреда на личните податоци се случува кога информациите што се однесуваат на одредена личност се собираат, користат, обработуваат или откриваат на начин што ја загрозува неговата приватност и безбедност. На дневна основа околу нас има многу примери за повреда на личните податоци, па во продолжение се дадени неколку сценарија:

- **Хакерски напади и протекување на податоците** – има кога напаѓачите, преку различни методи, можат да добијат недозволен пристап до системи и бази на податоци, што води до протекување на огромни количества лични информации;

1 Вовед во дигиталните права, (Share Fondacija, 2021), 4.

- **Крадење идентитет** – или злоупотреба на лични податоци има кога се сака да се создаде лажен идентитет или да се изврши финансиска измама;
- **Злоупотреба од страна на компании** – има кога некои компании можат да собираат и користат лични податоци, без согласност на корисниците, прекршувајќи ги нивната приватност и права;
- **Фишинг напади** – има кога преку измамнички е-пораки, веб-страници или други облици на комуникација напаѓачите се обидуваат да добијат лични податоци како кориснички имиња, лозинки, банкарски детали и друго;
- **Недоволна заштита на податоците на мобилни апликации** – има кога некои апликации можат да собираат лични информации без доволна заштита, изложувајќи ги податоците на ризик од неовластен пристап.

Ова се само неколку примери од кои произлегува дека повредата на личните податоци прераснува во глобален проблем. Заштитата на личните податоци станува сè посериозна тема, па затоа се преземаат мерки кои подразбираат промени во законодавството и подигнување на свеста за безбедноста на податоците кај јавноста, а сè со цел да се обезбеди заштита на личните податоци во дигиталниот простор.

Регулативите во областа на заштитата на податоците не само што го штитат индивидуалното право на приватност, туку и создаваат опкружување во кое луѓето можат да се движат со постојана сигурност, а истовремено и ги подобруваат стандардите за заштита на човековите права и слободи. Ако не биле преземени мерки за заштита на личните податоци, ризикот од злоупотреба на податоците би бил значително поголем. Доколку кражбата на броевите на банкарските картички или следењето на разговорите на социјалните мрежи се нерегулирани, резултатот би бил - свет во кој ќе владее страв и во кој сите би биле помалку слободни.

Несомнено, правото на приватност е поврзано со правото на заштита на личните податоци, имајќи го предвид фактот дека со развојот на новите технологии заштитата на личните податоци станува дигитална. За поврзаноста на овие две права говори и судската практика на Европскиот суд за човекови права. Меѓународната регулатива за заштита на правото на приватност и правото на заштита на личните податоци е подигната на ниво на комунитарното право на Европската Унија.

3. ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Законот за заштита на личните податоци, којшто во нашава држава беше донесен во 2005 година, ја „одигра“ својата улога во времето во кое беше донесен, со што ги постави и темелите на заштитата на личните податоци.[2]

Европскиот парламент и Советот на Европската Унија, на 27 април 2016 година, ја донесоа Регулативата (ЕУ) 2016/679 за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и движењето на тие податоци.[3] Со неа се укина Директивата 95/46/ЕК. Со донесувањето на новата регулатива почнаа реформските процеси во областа на заштитата на личните податоци. Во РСМ оваа регулатива е соодветно транспонирана во новиот Закон за заштита на личните податоци, кој се применува од 24 февруари 2020 година.[4]

Со Законот за заштита на личните податоци се уредува заштитата на личните податоци и правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката на личните податоци, правата на субјектот на лични податоци, положбата на контролорот и обработувачот, преносот на личните податоци во други држави, основањето,

2 Закон за заштита на личните податоци, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08, 124/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/18.

3 General Data Protection Regulation – GDPR, достапна на: https://gdpr-info.eu/

4 Закон за заштита на личните податоци, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21.

статусот и надлежностите на Агенцијата за заштита на личните податоци, посебните операции за обработка на личните податоци, правните средства и одговорноста при обработката на личните податоците, супервизијата над заштита на личните податоци, како и прекршоците и прекршочната постапка во оваа област. Овој закон се применува со целосно или делумно автоматизирана и друга обработка на личните податоци коишто се дел од постојната збирка на лични податоци или на податоците кои се наменети да бидат дел од збирката на лични податоци.

Во Законот за заштита на лични податоци се уредени седум начела за обработка на личните податоци: законитост, правичност и транспарентност; ограничување на целите; минимален обем на податоци; точност; ограничување на рокот за чување; интегритет и доверливост и отчетност.[5]

Заштита на личните податоци му се гарантира на секое физичко лице, без дискриминација заснована врз неговата националност, раса, боја на кожа, верски уверувања, етничка припадност, пол, јазик, политички или други верувања, материјална положба, потекло по раѓање, образование, социјално потекло, државјанство, место или вид на престој или кои било други лични карактеристики.

3.1. ПРАВА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

За да се овозможи заштита на личните податоци неопходно е да бидат почитувани правата на субјектите кои се гарантирани со Законот за заштита на личните податоци. Тоа се следниве права:

1. **Транспарентност** - *што подразбира транспарентни информации, комуникација и начини на остварување на правата на субјектот на личните податоци.*
2. **Информации и пристап до лични податоци** - што се однесува на:
   - информации кои се доставуваат при собирање лични податоци од субјектот на личните податоци,
   - информации кои се доставуваат кога личните податоци не се добиени од субјектот на личните податоци,
   - правото на пристап на субјектот до личните податоци.
3. **Исправка и бришење** - што вклучува:
   - право на исправка,
   - право на бришење („право да се биде заборавен“),
   - право на ограничување на обработката,
   - обврска за известување при исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката и
   - право на преносливост на податоците.
4. **Право на приговор и автоматизирано донесување на поединечни одлуки**:
   - право на приговор,
   - автоматско донесување поединечни одлуки, вклучувајќи и профилирање.
5. **Ограничувања**

Законот предвидува можност да се ограничат обемот на обврските и правата на обработувачот и на контролорот со цел да се обезбеди: национална безбедност; одбрана; јавна безбедност; превенција, истрага, откривање или гонење на сторителите на кривични дела или извршување на изречените казнени санкции, вклучувајќи превенција и спречување закани за јавната безбедност; како и други важни цели од општ јавен интерес за РСМ и друго.

---

5 Миловски, К. (2023) Водич за јавните комунални претпријатија, Имплементација на Законот за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија и осврт на општата регулатива на ЕУ за заштита на личните податоци (GDPR), стр. 4

4. ПОВРЕДИ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО РСМ, НИЗ БРОЈКИ

Во продолжение е дадена анализа на податоците за поднесени претставки за повреда на правото на заштита на личните податоци на социјалните мрежи, според објавените извештаи од Агенцијата за заштита на личните податоци.

Во 2023 година се поднесени 212 претставки за повреда на личните податоци на социјалните мрежи.[6] Во 2022 година бројот на поднесени претставки изнесува 232.[7] Во 2021 година 247[8], а во 2020 година тој број изнесува 246.[9] Во 2019 година се поднесени 216 претставки за повреда на личните податоци на социјалните мрежи.[10]

Во табелата што следи е даден приказ на вкупно поднесените претставки за повреда на личните податоци на социјалните мрежи и поднесените претставки против социјалните мрежи на кои е сторена повредата - во периодот од 2023 до 2019 година.

Година	Претставки	Facebook	Instagram	YouTube, TikTok, Twitter, Snapchat
2023	212	Најмногу претставки	Голем дел од претставките	Останати
2022	232	116	103	18
2021	247	126	103	18
2020	246	147	60	39
2019	216	151	59	13

Табела бр. 1: *Поднесени претставки за повреда на личните податоци на социјалните мрежи, во периодот 2023 – 2019 година*

Извор: *Годишни извештаи на Агенцијата за заштита на личните податоци*

Во анализираниот период, според причината за пријавување, најчести се претставките од граѓани кои се однесуваат на лажни профили, на пробиени, односно хакирани профили, објавување туѓи фотографии, видео и аудио снимки на туѓи профили на социјални медиуми, злоупотребени лични податоци, злоупотребена е-маил адреса, како и претставки кои се однесуваат за навреда, клевета и уцена преку интернет.

6 *https://azlp.mk/wp-content/uploads/2024/03/GODISEN_IZVESTAJ_AZLP_2023-MK.pdf*

7 *https://azlp.mk/wp-content/uploads/2023/03/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-%D0%B7%D0%B0-2022-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0.pdf*

8 *https://azlp.mk/wp-content/uploads/2022/12/2021-azlp-godisen_izvestaj_za_2021_-_pdf.pdf*

9 *https://azlp.mk/wp-content/uploads/2022/12/pdf-azlp-godisen_izvestaj_za_2020_mk-1.pdf*

10 *https://azlp.mk/wp-content/uploads/2022/12/godisen_izvestaj_dzlp_2019.pdf*

ЗАКЛУЧОК

Промените во односите меѓу технолошкиот напредок и дигиталната трансформација силно влијаат врз човековите права, а посебно врз правото на приватност и заштита на личните податоци. Еден од националните предизвици за сите држави во современово општество е заштита на човековите права, кои често се кршат во дигиталната сфера како резултат на тоа што работата, комуникациите, бизнисите и секојдневните активности се одвиваат во дигитална форма. Начинот на кој државите одговараат на овој предизвик има големо влијание врз животот на корисниците на информатичката технологија. Во согласност со меѓународните и домашните стандарди за заштита на човековите права, државите се должни да ги заштитуваат човековите права. Тоа подразбира соодветна примена и усогласување на националното со меѓународното законодавство.

Република Северна Македонија го има усогласено своето законодавство со меѓународните документи кои се однесуваат на заштитата на личните податоци. Сепак, статистиката евидентира претставки за сторени повреди на личните податоци, посебно за повреди на социјалните мрежи. Покрај тоа очигледно е и дека постои темна бројка на сторени повреди кои граѓаните воопшто не ги пријавуваат. Поаѓајќи од тоа, РСМ треба да преземе активности за подобрување на заштитата на личните податоци, особено во дигиталната сфера.

Во таа насока неопходно е:

- подигање на свеста на граѓаните за правото на приватност, за заштита на личните податоци и можните прекршувања во дигиталната ера;
- соодветна едукација за заштита на личните податоци во дигиталниот свет на сите нивоа на општеството и на сите возрасни категории;
- дебати кои здружуваат повеќе заинтересирани страни и се однесуваат на заштита на личните податоци и на правото на приватност во дигиталниот контекст и
- примена на механизмите за заштита на човековите права во дигиталниот свет и слично.

(Авторката е вонреден професор на Факултетот за правни науки, Меѓународен славјански Универзитет Свети Николе, РСМ).

АМНЕСТИЈАТА КАКО ИНСТИТУТ НА СОВРЕМЕНОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО

Амнестијата станува актуелна тема во нашата држава при секоја нејзина примена и таа наидува на бурни реакции кај јавноста, од причина што, неретко, претставува политичка алатка која не се користи за нејзината правилна цел, туку, напротив - ја потенцира тенката линија која постои меѓу политиката и правото. Од нејзината досегашна имплементација во македонското казнено законодавство може да се констатира дека таа претставува забележителен неуспех при владеењето на правото во државава, бидејќи секоја одлука за нејзино донесување претставува предмет на политички договор и е пример за мешање на власта во судството кое се бори да биде независно.

АНГЕЛА АЛТИПАРМАКОВСКА СТОЈАНОСКА

АПСТРАКТ

Амнестијата е правен акт кој се применува ретко и во исклучителни ситуации. Причината за тоа, секако, треба да се бара во содржината на овој институт, бидејќи амнестијата е акт со кој дејството на судската пресуда во поглед на изречената казнена санкција целосно или делумно се менува или во целост се исклучува можноста за казнено гонење на сторителот на казненото дело. На овој начин, со нејзината примена се дерогира примената на казнениот закон на одредена земја (што не е добро и што треба да претставува исклучок) и токму поради тоа, амнестијата не смее да биде и не е широко применувана во сите современи казнено-правни системи. По правило, нејзината примена се сведува на ретки исклучоци за кои се смета дека нема да го попречуваат остварувањето на заштитната функција на казненото законодавство, како ни на остварувањето на начелото на праведност и еднаквост на сите граѓани пред законот.

Клучни зборови: амнестија, аболиција, помилување, казнена санкција, ius puniendi

ВОВЕД

Казнените санкции се со закон предвидени мерки кои судот им ги изрекува на сторителите на казнени дела во законски спроведена постапка, со цел спречување на криминалитетот, а поради заштита на најважните општествени вредности од повреди или загрозувања.

Иако е општоприфатено начелото - кривичната санкција да се извршува спрема секој сторител на казнено дело, во казнено-правната теорија, судската практика и законодавството, постојат одредени околности поради кои нема изрекување или извршување на казнена санкција спрема сторителот на казненото дело. Овие околности, поради чие постоење државата го губи своето право на казнување (право на изрекување и право на извршување на казната – *ius puniendi*) се нарекуваат основи на гаснење на казнената санкција.[1] Тоа се јавно-правни институти, утврдени како општ интерес, за чие постоење судот мора да води сметка по службена должност, без разлика дали самиот сторител на казненото дело се повикал на нејзиното постоење или не.[2] Од овие околности кои доведуваат до исклучување на правото на државата при примената на казнената санкција, посебно се издвојува амнестијата.

1. ПОЈАВАТА НА АМНЕСТИЈАТА КАКО ИНСТИТУТ ВО КАЗНЕНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Уште со појавата на казненото право, државата го задржала правото на милост кон сторителот на казненото дело, изразено низ овластувањето понекогаш против него да не се покренува казнено гонење или на веќе осудениот казната да му биде простена или ублажена. Откажувањето од државното право на казнување (*ius puniendi*) некогаш било привилегија на монарсите, кои го претставувале суверенитетот на државата.

Со појавата на парламентарните системи, двојниот суверенитет меѓу граѓаните, претставени во парламентот и шефот на државата како суверен, довела до развивање врз таквата практика на два општоприфатени казнено-правни институти – амнестијата и помилувањето.[3]

1 Лазаревић, Љ. (2006), Коментар Кривичног законика Републике Србије, Београд. 309-315

2 Чејовић, Б. (2002), Кривично право, Општи део, Београд. 587

3 Камбовски, В. (2006), Казнено право, Општ дел, Скопје. 793

2. АМНЕСТИЈАТА НИЗ ИСТОРИЈАТА НА КАЗНЕНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

Давањето амнестија не претставува новост во меѓународно-правната практика. Првите форми на модерната амнестија, кои обично биле применувани во случај на меѓународни вооружени конфликти, се појавуваат уште со Договорот од Вестфалија, од 1648 година, со кој се стави крај на Триесетгодишната војна во Европа.[4] Но, практиката на амнестирање сторители на злосторства против човештвото започна не долго по Првата светска војна, токму кога самиот поим „злосторства против човештвото" беше за прв пат употребен.[5] Кратко по оваа војна, во 1923 година, беше потпишан Договорот од Лозана меѓу Соединетите сили и Турција, со кој беше дадена амнестија за сите Турци по националност, одговорни за масакрот над Ерменците во 1915 година.[6] Кривично гонење беше избегнато и по Алжирската војна, кога Франција и Алжир, со Евианската спогодба, од 18 март 1962 година, одлучија да ги амнестираат лицата кои извршиле тешки повреди на човековите права за време на војната. Слична ситуација постоела и по завршувањето на војната во Бангладеш, каде во 1971 година Индија и Бангладеш се согласиле да не ги осудат Пакистанците обвинети за геноцид и злосторства против човештвото, во замена за политичко признавање на Бангладеш од страна на Пакистан.[7]

Државната практика да се амнестираат notorни криминалци со цел да се стави крај на војна, понатаму ќе се прошири и кај внатрешните конфликти, како граѓанските војни, востанијата и други внатрешни политички безредија. Олеснително решение за овие ситуации беше усвојувањето на дополнителниот Протокол II на Женевските конвенции, од 12 август 1949 година, кој се однесува на заштитата на жртвите на немеѓународен вооружен конфликт, а кој го поддржува давањето амнестија на крајот од конфликтот.

3. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ АМНЕСТИЈА И НЕЈЗИНА КВАЛИФИКАЦИЈА

Поимот амнестија (англиски amnesty, француски amnistie, германски Begnadigung, руски амнистија, италијански amnistia) етимолошки потекнува од грчкиот јазик, од зборот amnestia – заборав, предавање во заборав.[8] Овој казнено-правен поим, во најширокатa смисла на зборот подразбира предавање во заборав на стореното казнено дело и вината на сторителот на тоа казнено дело, односно простување на казната која таа вина ја повлекува.

Амнестијата, обично, се дава по повод важни датуми и настани во државата, а најчесто по повод државни, народни, а некаде и верски празници. Исто така, се дава од криминално-политички причини, но и од чисто политички причини, по големи несреќи, немири, војни и општествени конфликти од поголем обем, со цел повторно воспоставување општествен мир и правен поредок, па во таквите ситуации амнестијата е средство за пацифизирање на населението и преуредување на општеството.[9]

Во правната литература, од одредени автори, со оглед на нејзината примена и значење, амнестијата се класифицира на:

- амнестија во потесна смисла - кога актот на амнестија се однесува на простување на казната која е изречена со правосилна судска одлука;
- амнестија во поширока смисла или аболиција – кога амнестијата се однесува на ослободување од казнено гонење и казнување на сторител на казнено дело, па казнената постапка

4 Schlunck, A. (2000), Amnesty versus Accountability: Third Party Intervention Dealing with Gross Human Rights Violation in internal and international conflicts, Berlin Verlag Arno Spitz, Berlin, 25

5 Bassiouni M.C., (1992) Crimes against Humanity in International Criminal Law, 116

6 Schwelb, E. (1946) "Crimes against humanity",23 British Yearbook of International Law, 182

7 Supra note 5. 230

8 Вујаклија, М. (1980), Лексикон страних речи и израза, Београд. 39

9 Куртовић, А. (2003), Помиловање и амнестија, Загреб. 139-144

против некое лице за сторено казнено дело воопшто не се води или започнатата постапка се прекинува.[10]

4. ЦЕЛ И ОПРАВДАНОСТ НА ПРИМЕНАТА НА АМНЕСТИЈАТА

Во правната теорија се истакнуваат повеќе причини кои ја оправдуваат примената на институтот амнестија, меѓу кои за поважни се сметаат следните:

а) со примената на институтот амнестија се овозможува онаа казнено-правна работа за која е со правосилна судска пресуда дефинитивно и конечно решено, да биде дополнително изменета во случај да постојат оправдани причини за тоа. Измената на конкретна судска одлука може да биде само во корист на осуденото лице, но не и на негова штета. Поради ваквото дејство, голем број правни теоретичари сметаат дека амнестијата во одредена смисла претставува „начин, средство, сигурносен вентил", кој во даден момент се појавува како праведно, оправдано, целисходно и единствено решение, кога со други правни средства не може да се реши одредена казнено-правна ситуација.[11]

По пат на амнестија може да се измени ситуацијата на осудените лица доколку: се измениле општествените, политичките или економските прилики, така што изречените казни на сторителите на казнени дела не се повеќе соодветни или кога е изменета казнената политика во однос на одредени казнени дела или во однос на одредени сторители на такви казнени дела, но и во ситуација кога постојат други оправдани причини од општествен, државен или политички аспект.[12]

б) со примената на институтот амнестија најлесно и најбезболно можат да се исправат судските грешки или судските заблуди до кои може евентуално да се дојде и во најсовршена казнена постапка;

в) амнестијата е акт на политичка мудрост која ги следи општествените и политичките промени;

г) амнестијата претставува своевиден поттик за осудените сторители на казнени дела добро да се однесуваат во казнено-поправните установи и на тој начин да ја „заслужат" оваа погодност;

д) примената на амнестијата, често, ја оправдуваат и посебни државни причини и политички интереси кои имаат за цел смирување на политичките тензии и поделби.

И покрај неспорните факти дека овој институт го познаваат сите современи казнено-правни системи, постојат приговори во поглед на примената на овој акт, меѓу кои се истакнуваат:

- амнестијата претставува злоупотреба на начелото на законитост;
- амнестијата претставува неоправдано мешање на вонсудските органи во правосудството. На овој начин законодавното тело ги менува и дерогира правосилните судски одлуки, а притоа не се даваат ниту објаснување, ниту причините поради кои тоа е извршено;
- со примената на амнестијата слабее заштитната, односно гарантната функција на казненото право;
- со нејзината примена се прекршува начелото на праведност, бидејќи таа води кон неоправдано простување на казната на одредени сторители на казнени дела;
- со амнестијата се нарушува принципот на еднаквост на сите граѓани пред законот, бидејќи со неа одредени сторители на казнени дела се стават во нееднаква правна положба која

10 Јовашевић, Д. (2006), *Лексикон кривичног права*, Београд. 286-287

11 Група автори (1995), *Коментар Кривичног закона СР Југославије,* Београд, 396-397

12 Supra note 10. 169-170

може да доведе до арбитрерност, самоволие, па дури и злоупотреба во поглед на примената и опсегот на овој институт;

- не постојат однапред утврдени критериуми за давање амнестија, па така постојат лица кои давањето амнестија на други лица ќе го сфатат како неправда нанесена од државата;
- со нејзината примена слабее генералното превентивно дејство на примената на казнените санкции.[13]

5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА АМНЕСТИЈАТА

Значителен број на правни теоретичари посебно го стават акцентот на три важни, основни карактеристики на амнестијата. Тоа се:

- амнестијата е општ акт, кој се дава во форма на закон, а кој го донесува највисокото претставничко тело во државата, на начин и во постапка иста како за секој друг закон;
- амнестијата се однесува на индивидуално неодредени лица;
- содржината на амнестијата се состои во:
- ослободување од казненото гонење,
- ослободување од казната (целосно или делумно)
- замена на изречената казна со поблага,
- бришење на пресудата
- укинување на одредени правни последици од пресудата.

Определувањето на лицата на кои се однесува институтот амнестија може да се изврши на повеќе начини, и тоа:

- во законот за амнестија можат да бидат таксативно наведени казнените дела (позитивна клаузула) чии сторители се ослободуваат од кривично гонење и казнување или од издржување на изречената казна целосно или делумно,
- може да се одреди дејството на амнестијата кон лицата со определување на видовите и висините на изречените казни,
- со земање предвид одредено казнено дело и износите кои се определени за казната која може да биде изречена за тоа казнено дело.[14]

6. ПРАВНА РЕГУЛАЦИЈА НА АМНЕСТИЈАТА

Правната регулација на амнестијата е вградена во Уставот на Република Северна Македонија, Кривичниот законик и меѓународните конвенции.

Амнестијата претставува општ акт на законодавниот орган во секоја држава која го предвидува овој правен институт. Со оглед на тоа, Кривичниот законик на Република Северна Македонија ја пропишува формата во која амнестијата се дава, а тоа е стриктно формата на закон. Така, во членот 113 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, наведено е дека:

„На лицата кои се опфатени со акт за амнестија им се дава ослободување од гонење, потполно или делумно ослободување од извршување на казната, им се заменува изречената казна со поблага казна, им се определува бришење на осудата или им се укинува определена правна последица од осудата“.

13 Лилић, С. (2000), *Амнестија – појам и правна природа*, Београд. 45-52

14 Supra note 10. 287-288

Амнестијата претставува општ акт кој има една важна карактеристика, а тоа е дека во моментот на донесувањето на Законот за амнестија не може да се знае кои лица, односно кои поименично определени сторители на казнени дела ќе бидат опфатени со погодностите од нејзината примена.

Со членот 113 од КЗ на РСМ изрично е определена содржината на институтот амнестија, а таа може да биде:

- ослободување на сторителот на казнено дело од казнено гонење или аболиција,
- целосно или делумно ослободување на осуденото лице од извршување на казната,
- замена на изречената казна со поблага казна,
- бришење на осудата
- укинување на одредени правни последици од осудата.

6.1. ПРАВНА РЕГУЛАЦИЈА НА АМНЕСТИЈАТА ВО УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно член 68, став 1, алинеа 18 од Уставот на Република Северна Македонија, амнестија може да се даде само со законски акт што го донесува Собранието на Република Северна Македонија. Оттаму, амнестијата претставува право кое е во ексклузивна надлежност на Собранието на Република Северна Македонија, а кое не може да биде делегирано на друг државен орган.

6.2. ПРАВНАТА РЕГУЛАЦИЈА НА АМНЕСТИЈАТА НИЗ ЗАКОНИТЕ ЗА АМНЕСТИЈА (1991, 1999, 2002, 2003, 2018 И 2023 ГОДИНА)

Од осамостојувањето на Република Македонија, во 1991 година, до денес, донесени се повеќе закони за амнестија, со чие донесување и имплементирање во македонското казнено законодавство може да се види кој е правниот капацитет на државата и кое е нивото на владеењето на правото во неа.

Првиот Закон за амнестија е донесен во 1991 година. Со него биле опфатени 900 осудени лица кои се наоѓале на издржување на затворска казна, како и оние кои сè уште не биле упатени на издржување на казната.

Вториот Закон за амнестија е донесен во 1999 година и со него биле опфатени околу 800 лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела казниви со Кривичниот законик и со друг закон на (тогашната) Република Македонија, на кои од страна на домашен суд им била изречена единствена казна затвор, како и лица осудени со правосилна пресуда од суд на поранешните југословенски републики, кои на денот на влегувањето во сила на овој Закон започнале со издржување на казната во казнено-поправните установи во Република Македонија.

Третиот закон за амнестија е донесен во 2002 година. Тој беше дел од Охридскиот мировен договор. Со член 1 од овој Закон, се ослободуваат од гонење, се запираат кривичните постапки и целосно се ослободуваат од извршување на казната затвор граѓаните на Република Македонија, лица со законски престој, како и лица кои имаат имот или семејство во Република Македонија, за кои постои основано сомневање дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот во 2001 година, заклучно со 26 септември 2001 година. Амнестијата се однесува и на лица кои и пред 1 јануари 2001 година подготвувале или сториле кривични дела во врска со конфликтот 2001 година.

Воедно, одредбите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член не се однесуваат на лицата кои извршиле кривични дела поврзани и во врска со конфликтот во 2001 година, кои се во надлежност и за кои Меѓународниот трибунал за гонење на лица одговорни за тешко кршење на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 година ќе поведе постапка.

Четвртиот Закон за амнестија е донесен во 2003 година (ревидиран во 2004 година), а неговите одредби се однесувале на граѓаните на Република Македонија кои не ја извршиле воената обврска.

Петтиот и шестиот Закон за амнестија се донесени во 2018 година (првиот во декември, а вториот во јануари). Со првиот беше амнестирана група на правосилно осудени лица, со цел за нивна ресоцијализација и растоварување на затворите, а вториот се однесуваше на ослободување од кривично гонење, запирање на поведените кривични постапки и целосно ослободување од казната затвор на лица за кои постоело основано сомневање дека сториле кривично дело поврзано со настаните во Собранието, на 27 април 2017 година.

Последниот од низата закони за амнестија беше донесен во 2023 година, за лица осудени со правосилна пресуда на парична казна за кривични дела од членот 205 „Пренесување заразна болест" и членот 206, „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" од КЗ на РСМ, сторени во текот на пандемијата од Ковид- 19.

ЗАКЛУЧОК

Амнестијата претставува *lex specialis*, каде со волјата на законодавецот се укинува или ограничува државното право на кривично гонење или извршување на казната на неопределен број на лица. Со овој акт може да се даде ослободување од казната која е правосилно изречена или ослободување од кривичното гонење (аболиција).

Амнестијата станува актуелна тема во нашата држава при секоја нејзина примена и таа наидува на бурни реакции кај јавноста, од причина што, неретко, претставува политичка алатка која не се користи за нејзината правилна цел, туку, напротив - ја потенцира тенката линија која постои меѓу политиката и правото. Од нејзината досегашна имплементација во македонското казнено законодавство може да се констатира дека таа претставува забележителен неуспех при владеењето на правото во државава, бидејќи секоја одлука за нејзино донесување претставува предмет на политички договор и е пример за мешање на власта во судството кое се бори да биде независно.

(Авторката е магистер по казнено право на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје).

СПЕЦИЈАЛНА СЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОДАВСТВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО НОВОТО НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

Неопходно е Република Северна Македонија да вложи многу поголеми напори за да изгради современ систем за управување со отпад, согласно принципите на одржлив развој што ќе овозможи минимизација на создавање на отпад и неговото рециклирање и преработка. Не е доволно националното законодавство само формално да се усогласува со законодавство на ЕУ без целосна имплементација во практика.

ЗОРАН ШАПУРИЌ

АПСТРАКТ

Секторот на отпад е важен дел на активностите за заштита на животната средина. Современото поимање на општествениот и економскиот развој, како и на заштитата на животната средина, подразбира одржливо управување со отпад според високи еколошки стандарди. Европската Унија како еден од светските лидери во управувањето со отпад постојано го усовршува своето законодавство кое што е засновано на високи еколошки стандарди. Република Северна Македонија, како земја кандидат за членство во ЕУ, отпочна да го усогласува своето национално законодавство со законодавтсвото на ЕУ во областа на животната средина и во секторот на отпад во 2004 година. Оттогаш ова законодавство постојано се менува и дополнува, за да во 2021 година се донесат низа нови закони кои го регулираат управувањето на оделните видови на отпад. Ова усогласување на националното законодавство, покажува одредени резултати, но изостанува практичната имплементација, каде што не се забележува значителен напредок. Поради тоа, потребни се интезивни напори на сите заинтересирани субјекти да се воспостави систем кој ќе ги користи потенцијалите на отпадот што доведува до намалување на користење на природни ресурси. Во овој труд се елаборира нормативното и практичното усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, во областа на отпадот.

Клучни зборови: национално законодавство, управување со отпад, одржлив развој, животна средина, Европска Унија.

ВОВЕД

Денес, широко е присутна свеста дека квалитетот на животот и квалитетот на здравјето на човекот зависи од квалитетот на животната средина. Отпадот е еден од главните причини за деградација на животната средина и претставува голем еколошки проблеми на глобално, национално и локално ниво. Создавање на отпадот постојано се зголемува, при што само со неговото управување согласно принципите на одржлив развој[1] може да се создадат предуслови за развој на циркуларна, односно кружна економија, како економски систем кој се стреми кон максимално и континуираното искористување на сите потенцијали на отпадот и неговата трансформација од еколошки проблем во значаен економски ресурс. Современото управување со отпад се заснова на хиерархија во управувањето со отпадот и тоа пред сè, на превенција и минимизирање на создавањето на отпадот, повторна употреба на отпадот, рециклирање и други форми на преработка и како последна најмалку поволна опција, по исклучок и во краен случај, соодветно депонирање на отпадот. Притоа, во развојот на системите за управување со отпад во развиените земји можат да се забележат видливи позитивни резултати, додека во најголем број на неразвиените земји постои мал напредок во исполнување на високи стандарди и најголем дел на сите видови на отпад се депонира и тоа многу често во несоодветни депонии. Стандардите и постапките за управување со отпадот добиваат своја форма во правната регулатива.

1. ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

Европската Унија, како еден од светските лидери во областа на животната средина, постојано ги усовршува стандардите и постапките во управувањето со животната средина и во управувањето со отпадот. Овие високи стандарди се утврдуваат во законодавството на ЕУ. Главниот основ за заедничкото законодавство во областа на животната средина е утврден во членовите

1 Шапуриќ, З. Животна Средина, регулативи и политики (Универзитет Американ колеџ Скопје, 2011) 186-189.

11 и 191-193 од Спогодбата за функционирање на Европската Унија,[2] според кои ЕУ е надлежна да делува во сите делови на животната средина, како што се загадувањето на водите, управувањето со отпадот и климатските промени. Исто така, оваа Спогодба предвидува дека барањата за заштита на животната средина мора да бидат интегрирани во сите активности и политики на ЕУ, а особено преку промоција на одржливиот развој. Оваа Спогодба, заедно со Спогодбата за ЕУ,[3] претставува уставна основа на Унијата. Законодавството на ЕУ во управувањето со отпад се усвојува од страна на Европскиот парламент и Советот на ЕУ, во постапка на заедничко одлучување, по претходно задолжително консултирање со Економско социјалниот комитет и Комитетот на регионите. Во постапката за усвојување на законодавството учествуваат и националните парламенти на земјите членки. Ова законодавство е мошне динамично, поради тоа што постојано се утврдуваат повисоки еколошки цели и стандарди. Најзастапени правни акти во оваа област се директивите и регулативите. Директивите се флексибилен правен инструменти со кој земјите-членки се обврзуваат во одредениот рок да ги транспонираат, односно имплементираат утврдените обврски од директивите во своите национални законодавства. Регулативите, пак, имаат директна примена во националните законодавства на земјите-членки. Европското законодавство е силно посветено на стимулирање на циркуларната економија и користење на сите ресурси од отпадот.

Најважен дел од оваа законодавство е Рамковната директива за отпад (ЕУ) 2008/98, позната како Општа директива за отпад.[4] Оваа директива ги утврдува задолжителните стандарди и процедури за постапување со сите видови на отпад. Во неа се утврдуваат основните принципи за управување со отпад од кои најважни се: загадувачот плаќа; проширена одговорност; принцип на следење на сите фази на „животниот циклус" на отпадот; принципот на еколошка одговорност за предизвикани штети; принципот на блискост; принципот на примена на најдобрите достапни технологии и техники; принципот на транспарентност и принципот на претпазливост. Принципот загадувачот плаќа, утврдува дека создавачот на отпадот има финансиска одговорност за создавање на отпадот, што се остварува преку обврска за плаќање на еколошки надоместоци. Проширената одговорност во управувањето со отпадот предвидува дека постои одговорност во сите фази од циклусот на производите, почнувајчи од дизајнирањето и производството, нивниот транспорт, складирањето, употребата, па сè до престанокот на нивната функција, како и одговорност на сите субјекти кои ги користат производите и учествуваат во сите облици на постапување со отпадот од производите. Управувањето со отпадот, според оваа директива, подразбира собирање, транспорт, преработка и рехабилитација на отпад, вклучително и сепарација и мониторинг на севкупното постапување со отпадот.

Рамковната директива, ги дефинира видовите на отпадот, како што се индустрискиот отпад, комуналниот отпад, инертниот отпад, биоразградливиот отпад, отпадот од пакување, отпадните масла и отпадните гуми, отпадот од електронска опрема, како и други видови на отпад. Директивата врши дефинирање на неопасен и опасен отпад и забранува било какво нивно мешање. Оваа директива е дополнета со Директивата (ЕУ) 2018/851,[5] која е многу повеќе насочена кон циркуларната економија и минимизација на создавањето на отпадот и искористување на ресурсите на отпадот. Во неа е пропишано дека земјите-членки, треба да предвидат финансисиска поддршка за одржливо управување со отпад. Понатаму, се утврдува дека за минимизирање на отпадот е потребно одржливо производство што се заснова на употреба на репроматеријали кои се подобни за рециклирање и повторна употреба. Исто така, директивата утврдува и забрана за мешање на отпад од храна и други видови на биоразгардив отпад со останати видови на отпад, со цел да се овозможи поефикасно компостирање и создавање на биомаса, која може да има широк спектар на преработка и натамошна употреба.

2 Consolidated version of the Treaty on the Functioning of the European Union. ***https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A12012E%2FTXT***

3 Consolidated version of the Treaty on European Union. ***https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A12012M%2FTXT***

4 Directive 2008/98/EC of The European Parliament and of the Council of 19 November 2008, on waste and repealing certain directives. ***https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:02008L0098-20180705***

5 Directive (EU) 2018/851 of the European Parliament and the Council, amending Directive 2008/98/EC on waste. ***https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32018L0851***

Означените директиви утврдуваат високи и амбициозни цели, па така, до крајот на 2025 година, на ниво на Унијата треба да биде селектиран и подготвен за повторна употреба и рециклирање најмалку 55% од вкупниот комунален отпад, а до 2030 година, најмалку 60%. Треба да се нагласи дека нивото на остварување на овие цели не е еднакво во земјите-членки и во 2020 година, во Германија 68% од вкупниот комунален отпад е рециклиран, додека во Романија само 11%.[6] Во 2022 година, на ниво на ЕУ се рециклирани 39,2% на овој отпад, додека се уште високи 32,2% на комунален отпад се одложува на депонии. Притоа, законодавството на ЕУ пропишува дека до 2035 година во Унијата најмногу 10% од отпад може да се депонира. Во поглед на целите за рециклирање на севкупното пакување и отпад од пакување (пластика, метал, дрво, хартија, картон, стакло, утврдената цел е до 2025 година да се рециклираат 65%, а до 2030 година 70%. Вредно е да се напомене дека веќе е во подготовка нова Рамковна директива за отпад, која треба да се усвои до 2026 година.

Покрај наведените директиви, можат да се издвојат и неколку други поважни правни акти како дел од законодавството на ЕУ во областа на отпадот, кои го регулираат управувањето со одделни видови на отпад:

- Директива за пакување и отпад од пакување;[7]
- Регулатива за батерии и отпад од батерии;[8]
- Директива за депонии за отпад;[9]
- Директива за отпад од електрична и електронска опрема;[10]
- Директива за согорување на отпад.[11]

Законодавството на ЕУ, го регулира управувањето со различни видови на отпад и постојано ги зголемува обврските за преработка и повторна употреба, со цел да се намали депонирањето и штетните влијанија врз животната средина. Притоа, се утврдуваат амбициозни цели за подготовка за повторна употреба и преработка на одделни видови на отпад, сметано од вкупната тежина: за преносни батерии 73% до крајот на 2031 година, за акумулатори 61%, како и обврска за подготовка за преработка на најмалку 80% од литиумот од батериите и акумулаторите до 2031 година. Исто така, утврдени се и целите за други видови за отпад, како што се отпад од гуми, текстил, возила, електрична и електронска опрема. Овие цели за одделните видови на отпад и претходно не беа целосно исполнети од поголем број на земји-членки на ЕУ, а постојат големи разлики во исполнување на целите меѓу одделни членки. Сепак, може да се забележи постојан напредок, како на ниво на Унијата, така и во земјите-членки. Во секој случај, законодавството на ЕУ и понатаму ги унапредува стандардите за управувањето со отпадот, при што се бележат позитивни резултати, поради што законодавството е многу динамично и подложно на чести дополнувања и промени. Ова законодавство дозволува согорување на отпад заради создавање на енергија, при што се прецизно утврдени максималните лимити за емисија на штетните супстанции, како и обврски за примена на високите технологии и стандарди.

---

6 *https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Waste_statistics#:~:text=4.8%20tonnes%20of%20waste%20were%20generated%20per%20EU%20inhabitant%20in%202020.&text=39.2%20%25%20of%20waste%20were%20recycled,in%20the%20EU%20in%202020.*

7 Directive (EU) 2018/ 852, amending Directive 94/62/EC on packaging and packaging waste, Official Journal of the EU, L 151/141.

8 Regulation (EU), 2023/1542 of the European Parliament and European Council, concerning batteries and waste batteries, amending Directive 2008/98/EC and Regulation (EU) 2019/1020 and repealing Directive 2006/66 EC. Official Journal of EU L 191/1.

9 Directive (EU) 2018/850 amending Directive 1999/ on the landfill of waste. Official Journal of EU L 150/100.

10 Directive 2012/19, EU, on waste electrical and electronic equipment, Official Journal of EU L 197/38.

11 Directive 2000/76/EC on the incineration of waste, Official Journal of the EU L 332.

2. НОВО НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Република Северна Македонија, како земја кандидат за членство во ЕУ, започна да го хармонизира своето законодавство за управување со отпадот во 2004 година, кога е донесен Законот за управување со отпад. Потоа се извршени дури 17 изменувања и дополнувања на Законот. Во 2021 година е донесен сосема нов Закон за управување со отпад, кој е во функција на подобро хармонизирање на националното законодавство со законодавството на ЕУ. Паралелно со ова, во 2021 година се донесени и повеќе други нови посебни закони од областа на отпадот: Закон за управување со пакување и отпад од пакување; Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори; Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема; Закон за управување со дополнителни текови на отпад и Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад. Заради подетално регулирање на отпадот и допрецизирање на законите од оваа област, донесени се вкупно 92 подзаконски акти. Овој број на закони и подзаконски акти ја потврдува комплексноста на управувањето со отпадот. За одредени одредби на законите предвиден е одложен рок на примена за период од една до три години од стапувањето на законот во сила.

Законот за управување со отпадот е основен закон во областа на отпад и тој има супсидијарна примена за сите посебни закони во секторот на отпад, за прашањата кои не се уредени со посебните закони. Со овој Закон се врши усогласување со Директивата 2008/98/ЕС, но не е извршено целосно усогласување со дополнувањата на оваа Директива од 2018. Законот ги уредува начелата и целите за управување со отпадот, стратегиите, плановите и програмите, правата и обврските на правните и физичките лица при управување и постапување со отпад, начинот и условите под кои може да се врши собирање, транспортирање, повторна употреба, третман, складирање, преработка, и отстранување на отпадот, како и финасирање и надзор во управувањето со отпад. Пропишани се основните принципи и начела кои се утврдени во европското законодавство. Со законот се утврдени надоместоци за правните и физичките лица, кои учествуваат во создавањето и управувањето на отпад. Законот забранува мешање на опасен и неопасен отпад, а за прв пат децидно го забранува увозот на отпад заради согорување. Меѓутоа, Законот дозволува согорување на отпадот собран во државата, со почитување на утврдените стандарди. Во практиката сè уште е присутно согорување на отпад во одредени инсталации кои не ги исполнуваат пропишаните стандарди, како што е согорувањето на отпадот во нестандардна инсталација за согорување во депонијата „Дрисла“, при што, иако во намален обем, во последниве пет години сè уште се согоруваат одредени видови на отпад, меѓу кои и медицинскиот отпад, кој што не е подобен за стерилизација, односно за автоклавирање. Како што е напоменато законодавство на ЕУ дозволува согорување на отпад, но согласно строги еколошки стандарди и примена на најдобрите достапни техники, како што е, на пример, достигнување на температура од 1.120 целзиусови степени во период од две секунди, со цел да се избегне или минимизира емисијата на штетните супстанции, особено на фураните и диоксините, кои се штетни за здравјето на човекот. Законот за управување со отпад врши поделба на надлежностите во управувањето со отпадот, па така, за неопасен отпад се надлежни единиците на локалната самоуправа, а за опасен отпад е надлежна централната власт.

Во поглед на хармонизација на законодавството на ЕУ во областа на отпадот, државата има одредени позитивни резултати. Но, се поставува прашањето на практичната имплементација на законодавството. Може да се констатира дека во овој дел постојат огромни проблеми. Имено, во законите во голема мера се пренесени стандардите, како и целите за собирање, рециклирање и повторна употреба на видовите на отпад, но овие цели, и стандарди, засега, ниту приближно не се остваруваат. Исто така, во државата постојат 54 депонии од кои само депонијата „Дрисла“, во околината на Скопје, делумно исполнува одредени стандарди, додека останатите депонии не исполнуваат ниту еден стандард утврден во националното и европското законодавство. Поразителен е фактот што само дел од создадениот отпад се собира организирано, а најголемиот дел на собраниот отпад завршува на депонии, без каков било претходен третман.

Останатите закони во областа на управување со отпадот, регулираат управување со одделни посебни видови на отпад. Закон за управување со дополнителни тековина на отпадот, регулира мерки и активности за спречување или намалување на негативните влијанија од постапување со отпад од текстил, гуми, масла и возила, како и условите што треба да се исполнат при производството и прометот на текстил, гуми, масла и возила. Утврдени се и процедури за собирање, повторна употреба, третман, преработка и отстранување на означените производи и отпад од нив, како и обврски за сите субјекти кои учествуваат во производството и постапувањето со овие производи и отпад. Со овој Закон се утврдени национални цели за собирање на означените видови на отпад и тоа: до 2025 година собирање на најмалку 15 % на отпаден текстил, отпадни масла и отпадни возила и најмалку 40% на отпадни гуми. Исто така, се предвидени мошне амбициозни национални цели за повторна употреба, рециклирање и преработка до 2031 година: 98% од отпаден текстил, отпадни гуми, како и 70% за отпадни масла. Имајќи предвид дека и досега не беа исполенти претходно утврдените цели, потребни се големи напори на сите инволвирани страни за нивно остварување.

И со новиот Закон за управување со пакување и отпад од пакување е извршено усогласување со законодавството на ЕУ, односно со Директивата за пакување и отпад од пакување и нејзините измени. Законот ги разграничува видовите на пакувања: на примарно или продажно пакување, што служи за производи за крајната потрошувачка, на секундарно или групно пакување, во кое се содржани повеќе единици на производи и на транспортно или терцијално пакување. Законот забранува пуштање на пазарот на пластични кеси за носење на стоки во нив, освен по исклучок, на биоразградиви кеси, со плаќање на надомест од страна на крајните корисници во висина од 15 денари, што се наплаќа на местото на продажба. Според извештајот на Европската комисија за 2022 година, значително е намалена употреба на кеси за носење на стока во државата, по донесување на овој закон.[12] Исто така, утврдени се и стандарди за пакувања на производи што се пуштаат на домашниот пазар, кои треба да овозможат рециклирање. Законот утврдува обврски дека најдоцна до крајот на 2030 година минимум 65% од тежината на целиот отпад од пакување ќе се рециклира, а најдоцна до крајот на 2035 година минимум 70%. Притоа, до крајот на 2035 година, за овој отпад е утврдено дека треба да се рециклира најмалку 55% пластика, 30% дрво, 80% железни метали, 60% алуминиум, 75% стакло и 85% картон и хартија. Останува да се види дали овие цели ќе бидат исполнети. Досега предвидените цели утврдени со претходно важечкиот закон не беа остварени, најмногу поради недостиг на интегриран и одржлив систем за управување и на преработувачки капацитети.

Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, предвидува одредби со кои се врши усогласување со европското законодавство. Притоа, се утврдуваат надоместоци кои се плаќаат за електрична и електронска опрема, од страна на производителите и увозниците кои ја пуштаат оваа опрема на пазарот, како и обврски за сите субјекти кои учествуваат во процесот на производство, промет и постапување со оваа опрема и отпадот од неа. Пропишани се мерки за намалување на отпадната електрична и електронска опрема и ограничувања за содржината на опасни материии во опремата, особено за олово, жива, кадмиум, полибромирани бифенили, полибромирани дифенил-етри. Законот забранува секакво согорување на електрична и електронска отпадна опрема. Во современото управување со отпад наведената отпадна опрема е категоризирана како опасен отпад. Утврдени се национални цели за собирање на оваа отпадна опрема и тоа 25 % до 2022 година, 30% до 2023 година, 35% за 2024 година, 40% до 2025 година и 65% до 2028 година. За 2022 година, евидентно е дека овие цели не се исполнети, а мали се изгледите, барем засега, дека и до 2028 година ќе бидат целосно исполнети. Исто така, предвидени се и целите за повторна употреба, преработка и рециклирање на оваа отпадна опрема. Достигањето на овие цели претставува голем иден предизвик.

12 Commission staff working document North Macedonia 2022- Report Accompanying the document Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions 2022 Communication on EU Enlargement policy. ***https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en***

И Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии, предвидува стандарди и обврски кои треба да се исполнат при производството и пуштањето на пазар на батерии и акумулатори, како и задолжителни процедури за постапување со отпадни батерии и акумулатори, за сите субјекти што учествуваат во процесите на продажба, производство и постапување со овој вид на отпад. Предвидени се ограничување на повеќе штетни супстанции во батериите и акумулаторите. Утврдени се национални цели за собирање на отпадни батерии и акумулатори и тоа до 2025 година да се собере минумум 45% од тежината на преносните батерии и акумулатори што се пуштени на пазарот и минимум 85% од тежина на автомобилски и индустриски батерии и акумулатори. И покрај одреден напредок, засега сме сè уште далеку од исполнување и на овие цели.

Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад од 2021 година, е усогласен со Рамковната директива за управување со отпад, во делот во кој се уредува видот на одговорноста на производителите по завршувањето на фазата на консумирање на производите што се пуштени на домашниот пазар. Исто така, се регулирааат обврските за собирање, преработка и рециклирање на тековите на отпад што ги создале производителите со пуштањето на своите производи на пазар, условите, постапката и начинот на организирање заради остварување на проширената одговорност, условите и начинот на финансирање на мерките заради исполнување на проширената одговорност, пред сè на производителот, но и на другите инволвирани субјекти. Законот предвидува суштинско допрецизирање на обврските за сите видови на отпад, како и за евиденција и следење на движењето на производите од моментот на нивното пуштање на пазарот, па сè до престанокот на нивната функција и создавањето на отпад од производите. Создавањето на прецизна евиденција и следење на целиот тек на движење на производите, со цел да се има увид во отпадот што настанува од нив и натамошно движење на отпадот, е многу важен предуслов за одржливото управување со отпадот. Според Законот, производителот мора да се грижи за отпадот што се создава по употребата на производот и самиот или преку колективните постапувачи, да организира систем кој обезбедува најмалку едно место на подрачјето на секоја општина за одделно собирање на отпадните производи. Оваа обврска е исполнета во најголемиот дел општини.

Согласно Планот за управување со отпадот на државата за период 2021 - 2031 година, потврдена е дамнешната определба за регионално управување и изградба на регионални депонии за отпадот, кои треба да прераснат во регионални центри за управување со отпад, при што ќе се депонира само отпадот кој не може да се преработи. Регионалниот систем треба да опфати централен објект за управување со отпад (регионална депонија за отпад), претоварни станици и други објекти и инсталации за управување со отпад. Согласно планот, во Законот за управување со отпад, предвидено е задолжително регионално здружување на единиците на локална самоуправа, а доколку оваа обврска не се реализира, Владата треба да го преземе регионалното управувањето со отпадот. Планот предвидува да се изградат 5 регионални депонии, по една во Скопскиот и Полошкиот плански регион, како и заедничка депонија за Југозападниот и за Пелагонискиот регион, за Вардарскиот и за Југоисточниот регион и заедничка депонија за Североисточниот и Источниот регион. Досега не е почната изградба на ниту една регионална депонија.

Определбата за регионален пристап во управувањето со отпадот датира уште од 2005 година и е утврдена во бројни стратешки и плански документи. Најпрвин, беа предвидени 8 регионални депонии, по една за секој плански регион, за потоа да се предвидат 6 регионални депонии. Со последниот план се предвидени 5 регионални депонии. Причините за големото доцнење со изградбата на регионалните депонии лежат во недостатокот на финансиски средства, незадоволството на локалното население во поглед на локациите за нивна изградба, лошата соработка на единиците на локалната самоуправа, неподготвеноста на државната и локалната администрација, но и недоволната политичка волја и решителност за реализација. Засега, во блиска иднина, реално е да се очекува почеток на изградба само на регионалната депонија во околината на Свети Николе, за потребите на Североисточниот и Источниот регион, чија изградба би требало да започне во 2025 година. Изградбата на регионални депонии треба да доведе до затварање на сите постојни нестандардни депонии, кои претставуваат голема закана за животната средина.

Во однос на усогласувањето на новото националното законодавство за отпад со законодавството на ЕУ, може да се констатира дека се постигнати определени резултати, но како што е понапред наведено, во практичната имплементација и исполнување на стандардите и целите утврдени во законодавство, резултатите се незадоволителни. Во извештаите на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2022[13] и за 2023 година,[14] е потенцирано дека постојат слаби административни и финансиски капацитети за имплементација на законодавството, како и дека е потребно да се забрза процесот за воспоставување на регионален систем за управување со отпадот и затварање на нестандардните депони. Одделното собирање на отпадот, што овозможува рециклирање, е на ниско ниво. Исто така, во овие извештаи е наведено дека се отпочнати активности за имплементација на проширена одговорност на производителите, но резултатите и капацитетите се лимитирани и дека имплементација на законодавството во областа на отпадот останува значен предизвик.

Податоците за отпадот ги потврдуваат наведените констатации, при што мора да се напомене дека поради тоа што не е воведен систем на целосено следење на тековите на отпадот, на недоволно развиениот систем за контрола, како и слабите капацитети за инспекциски надзор на локално и на државно ниво, овие податоци се нецелосни. Според податоците на Државниот завод за статистика,[15] кој се базира на извештаите на единиците на локална самоуправа, вкупната количина на создаден комунален отпад во 2022 година во земјата е 856.766 тони, од што се собрани само околу 70% од овој отпад, односно 605.638 тони. Исто така, 99% од собраниот комунален отпад завршува на депонии, а само 1% од овој отпад се рециклира, што јасно укажува на алармантна состојба. Уште поголем е проблемот со структурата на собран комунален отпад, бидејќи најголем дел на собраниот отпад е мешан отпад, без каква било селекција и отпадот завршува на депониите без каков било третман. Структурата на собран комунален отпад е прикажана во табела број 1.

Што се однесува до отпадот од пакување, состојбата е значително подобра, бидејќи во 2022 година, од вкупно 79.434 тони од овој вид на отпад, рециклирани се 34.580 тони, или 43,5 %. Структурата на отпадот од пакување е презентирана во табела број 2. Најголем процент на рециклирање има кај отпадот од хартија и картон, а најмал кај отпадот од дрво. Се уште нема рециклирање на отпад од композитни материјали (пакувања кои се состојат од повеќеслоева амбалажа, како, на пример, тетрапак). Податоците за отпад од пакување се објавуваат од Државниот завод за статистика врз база на податоците од Министерство за животна средина и просторно планирање кои, пак, се засноваат на извештаите на овластените оператори за отпад од пакување. Во иднина треба да се направат напори за подетална проверка на овие извештаи.

Табела бр. 1 Структура на вкупно собран комунален отпад (605.638 тони) во тони

Вид на отпад	Количество на собран отпад во тони
Хартија	12.178
Стакло	3.754
Пластика	13.063
Метал (железо, челик, алуминиум)	2.302
Органски отпад (храна, лисја и сл.)	40.259

13 Ibid.

14 Commission staff working document North Macedonia 2023 - Report Accompanying the document Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions 2023 Communication on EU Enlargement policy. ***https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2023_en***

15 Државен завод за статистика, (2023) Статистички годишник на Република Северна Македонија, ***https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=897***

Текстил	8.373
Гума	1.487
Измешан отпад	494.693

Табела бр. 2 Количина и структура на отпад од пакување пуштен на пазарот во 2022 година

Вид на отпад	Количество во тони	Количество на рециклиран отпад во тони	% на рециклиран отпад
Вкупно	72.677	34.580	57.17
Стакло	13.171	6.205	47.11
Пластика	20.730	7.587	36.60
Хартија и картон	25.135	25.009	99,50
Метал	3.558	1.374	38,62
Дрво	6.995	1.373	19.74
Композитни материјали	3.125	-	-

ЗАКЛУЧОК

Одржливото управување со отпадот е еден од главните предуслови за современата циркуларна, односно кружна економија, која предвидува стандарди за минимизација на создавањето на отпад, како и максимално користење на потенцијалите на отпадот, што доведува до намалено користење на природните ресурси. Новото национално законодавство за управување со отпадот настојува да се усогласи со законодавството на ЕУ, пренесувајќи ги стандардите и целите на ЕУ. Со оглед на фактот што ЕУ, како еден од светските лидери во заштитата на животната средина, постојано ги унапредува стандардите во сите сектори на животната средина, меѓу кои и во секторот на отпад, евидентна е голема динамичност на оваа законодавство. Поради тоа, потребно е постојано усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ. Ова е и обврска на државата како земја-кандидат за членство во Унијата. Во делот на усогласувањето можат да се забележат одредени резултати. Меѓутоа, во поглед на практичната имплементација, резултатите се прилично лоши. Поразителен е фактот дека 99% од собраниот комунален отпад се депонира.

Во иднина се потребни дополнителни напори за практичната имплементација на законодавството. Во оваа насока е неопходно зголемување на примарната и секундарната селекција на отпадот, следење на сите текови на животниот циклкус на производите и на отпадот од нив, што овозможува целосна проширена одговорност на сите субјекти што учествуваат во создавањето и постапувањето со отпад. Мора да се зголемат рециклирањето и другите видови на преработка на сите видови на отпад, што ќе доведе до економски бенефити. Потребни се интезивни напори и на централната и на локалните власти за конечно воспоставување на регионален систем на управување со отпад и изградба на современи регионални депонии, со што ќе се затворат сите нестандардни депонии. Воспоставувањето на одржливо управување со отпадот е потребно не само заради исполнување на обврските кон ЕУ, туку и заради подобрување на квалитетот на животната средина за сегашните и идните генерации. Ова е голем предизвик во чија реализација, покрај државата и локалните единици, потребно е поголемо вклучување и на приватниот сектор и на науката. Но, улогата на централната власт е круцијална и потребна е нејзина значително поголема решителност.

(Авторот е професор на Универзитет Американ колеџ, Скопје).

ЕКОЦИД – НОВО КРИВИЧНО ДЕЛО ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОШКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ

Иако кон последните измени на Кривичниот законик е инкорпорирано новото кривично дело „екоцид“, сепак сметаме дека се неопходни дополнителни законски измени кои би биле во насока на поголема делотворност и целесообразност на новата инкриминирачка одредба. За таа да не остане само „мртво слово на хартија“, во време кога се соочуваме со сериозни еколошки предизвици, особено со енормна контаминација на атмосферскиот воздух, на државно ниво, есенцијално е да се заостри борбата против еколошкиот криминал и да се делува на планот и на специјалната и на генералната превенција.

АЉОША КАЦАРОВ

АПСТРАКТ

Заштитата и унапредувањето на животната средина е една од темелните вредности на македонскиот уставен поредок. Правото на здрава животна средина е уставно загарантирано право според член 43, став 1 од Уставот на Република Северна Македонија,[1] а од тоа право произлегува обврската (ст.2) на Републиката за обезбедување услови заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина. Републиката дел од таа обврска ја „делегирала" на државните органи чиј домен на работа е казненото право. Всушност, во Кривичниот законик на Република Северна Македонија[2] постои цела посебна глава на кривични дела каде објектот на заштита е животната средина и природата.

Фокусот на овој труд е на новото кривично дело од областа на еколошкиот криминалитет, кривичното дело насловено како „екоцид", каде преку неговата анализа ќе ги истакнеме сите значајни подробности од правно-теоретски аспект. Воедно, ќе ги нагласиме и сите детектирани слабости со кои би можеле да се соочат практичарите, особено во делот на процесуирањето на можните сторители на новото кривично дело.

Клучни зборови: животна средина, екологија, екоцид, кривично дело.

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Несомнено, брзиот развој на технологијата, започнат најпрвин со индустриската револуција, уште во раниот XIX век, па во континуитет со денешната ера на висока дигитализација и силна индустријализација, придонесе и кон брзата девастација на здравата животна средина, а правото на здрава животна средина, како основно и неотуѓиво човеково право, станува сè поголем „луксуз" во секаква смисла на зборот. Испреплетената „улога" на дрвото, како материјал за суровина, од една страна, и растение кое ослободува кислород, од друга страна, на водата како средство за индустриско разладување и како засебен екосистем, на почвата како површина за прехранување и како површина за депонирање на токсичен отпад и слично, ја издигна до крупијална важност свеста за екологијата и нејзината основна идеја за чист воздух, вода и почва. Еколошката свест, пак, во нашето законодавство генерирала квантум на законски решенија кои се токму во насока на заштита и унапредување на здравата животна средина.

Оттука, правото на здрава животна средина подетално е регулирано со повеќе закони, како што се: Законот за животната средина („Службен весник на РСМ", број 53/2005), Законот за квалитетот на амбиенталниот воздух („Службен весник на РСМ", бр. 67/2004), Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на РСМ", бр. 79/2007), Законот за заштита на природата („Службен весник на РСМ", бр. 67/2004), Законот за водите, Законот за управување со отпад („Службен весник на РСМ", бр. 216/2021), Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", бр. 32/2020), Законот за минерални суровини („Службен весник на РСМ", бр. 136/2012), Законот за хемикалии („Службен весник на РСМ", бр. 145/2010) итн. Во сферата на казненото право, односно во КЗ на РСМ („Службен весник на РСМ", бр. 37/1996) постои цела посебна глава на кривични дела каде објект на заштита е животната средина. Така, во Глава XXII, именувана како *„Кривични дела против животната средина и природата",* пропишани се дваесет и осум засебни кривични дела, а нивен најмал заеднички именител е здравата животна средина.

Од аспект на систематизацијата на овие кривични дела, „по својата природа, еколошките казнени дела влегуваат во редот на општо опасните дела, кои значат активирање на извори на однапред неопределена опасност, што раздвижува поширок причинско-последичен процес и

1 Устав на РС Македонија, Службен весник на РСМ бр. 52/1991.

2 Кривичен законик на РСМ, Службен весник на РСМ, бр.37/96, 80/99, 48/01, 4/02, 16/02, 43/03, 19/04, 40/04, 81/05, 50/06, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/2013, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 170/17, 248/18, 36/2023 и 188/2023.

тешко може да се контролира".[3] Во однос, пак, на последицата од овие дела, тие „претставуваат, најчесто, конкретна опасност за животот или здравјето на луѓето или за животинскиот или растителниот свет. Одделни дела се дефинирани како дела на апстрактно загрозување во однос на животот или здравјето на луѓето или животинскиот или растителниот свет, но со конкретна последица во однос на средината".[4]

Со новелата на Кривичниот законик од 7 септември 2023 година[5], меѓу останатото, се интервенираше и во делот на еколошките кривични дела. Некои од кривичните дела добија сосема нов законски текст, како што е примерот со кривичното дело „Загадување на животната средени и природата", од чл. 218. Кај други кривични дела се измени дел од законскиот текст, било во описот на делото, било во квалификаторниот елемент или во определената санкција. Истовремено, се додадоа и нови пет кривични дела, односно: кривичното дело „Екоцид", од чл. 218-б, кривичното дело „Промена на воден режим" од чл. 225-б, кривичното дело „Недозволено работење на постројки" од чл. 231-а, кривичното дело „Загрозување на околината со бучава, вибрации или нејонизирачко зрачење" од чл. 231-б и кривичното дело „Уништување на живеалиште" од чл. 233-а.

Предмет на овој труд е новото кривично дело „екоцид" од чл. 218-б. Целта е, преку казнено-правната теоретска анализа на законскиот текст на кривичното дело во националното законодавство и преку анализа на неговата меѓународно правна рамка да се апострофираат сите предности и слабости со кои се соочуваат или можат да се соочат практичарите во делот на операционализацијата, односно во делот на иницирањето и водењето на кривичното гонење против сторителите на новото кривичното дело и изрекувањето соодветни пресуди.

Во првава тематска целина од трудов се истакнуваат меѓународните извори на поимот екоцид, неговото дефинирање во европската регулатива, како *sui generis* инкриминација во склад со европските политики за зелена агенда, а во втората тематска целина е посветено внимание на позитивното законодавство во РС Македонија (*de lege lata*), каде фокусот е ставен на текстот од член 218-б на КЗ на РСМ. Всушност, со цел расчленување на комплексноста на законското битие на кривичното дело екоцид, приложена е теоретска анализа од апсект на општиот и посебниот дел од кривично-материјалното право.

И на крајот, во делот насловен „Завршни согледувања и предлози", се наведени заклучоците, размислувањата и ставовите во форма на предлози за унапредување на сегашните законски решенија (*de lege ferenda*), а во насока на делотворност на новата одредба.

1. МЕЃУНАРОДНАТА ПРАВНА РАМКА НА ЕКОЦИДОТ

Кога зборуваме за правото на здрава животна средина првенствено мора да нагласиме дека станува збор за меѓународно признато елементарно природно право на човекот (трета генерација на права или т.н. права на солидарност). „Современиот концепт на меѓународна заштита на животната средина е инаугуриран во Декларацијата на Стокхолмската конференција, од 1972 година, од начелото на ограничување на државниот суверенитет и напуштање на исклучителната јурисдикција на државата. Со тоа се поставени основите за усвојување бројни меѓународни конвенции (неколку стотини), меѓу кои и: Конвенцијата за заштита на морињата од загадување, од 1972 година, Монтреалскиот протокол за заштита на озонската обвивка, од 1983 година, Женевските протоколи за заштита на воздухот од загадување, донесени во периодот од 1979 до 1991 година, Конвенцијата од Лугано од 1993 година и други."[6]

3 Камбоски, В. Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија (Матица македонска, 2011) – стр.838.

4 Ibid.

5 Закон за изменување и дополнување на КЗ на РСМ, Службен весник на РСМ бр. 188/2023.

6 Supra note 3.

Во доменот на еколошкиот криминалитет особено релевантни се Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на животната средина по пат на казненото право од 1998 година[7] и Директивата 2008/99/ЕУ, од 2008 година, за заштита на животната средина по пат на казнено право, на ниво на Европската Унија.[8] Европската директива, како една од најзначајните инструменти за криминализација на умисленото и небрежно уништување на животна средина, содржи дефиниции за одредени поими, конкретни кривични дела и ја предвидува кривично-правната одговорност на соучесниците во извршувањето на кривичното дело (помагачи и поттикнувачи), како и на правните лица.

Сепак, и покрај ваквото хармонизирање на правото и унифицираниот пристап во борбата, особено во Европа, еколошкиот криминал е четвртата по големина криминална активност во светот, која расте со стапка од 5% до 7% годишно, според проценката на Интерпол и Програмата на ООН за животна средина.

Ваквата прогресивна тендиција, во комбинација со организираната, транснационална природа на еколошкиот криминал, ги зацврсти напорите на европските држави за унапредување на правната рамка во насока на поголема координираност на национално и меѓународно ниво, како и во насока на поригорозно казнување/санкционирање. Оттука, Европската комисија изготви предлог нова Директива против еколошкиот криминал, која е во согласност со целите и начелата на Европскиот зелен договор од 2020 година. Една од главните причини за новата европска легислатива, според Комисијата, е тоа што постоечката Директива 2008/99/ЕУ е условно застарена, со ограничен опсег и со недостаток за соодветно спроведување во националните законодавства. Предлог-текстот на новата директива е усвоен од Европскиот парламент, на пленарната седница на 27 февруари 2024 година, со рок од две години од моментот на нејзино објавување во Службениот весник на ЕУ, време оставено на земјите-членки за нејзино транспонирање во националните законодавства.[9]

Со новата директива се зголемува бројот на предвидени кривични дела, се определуваат клучните дефиниции, се детализираат одредбите за видот и степенот на санкциите за физичките и правните лица, се категоризираат олеснителните и отежителните околности, се пропишуваат рокови за застареност на кривичното гонење и извршувањето на казната, се воведува институтот на замрзнување и одземање имот и имотна корист стекната како принос од еколошко кривично дело, се предвидува процесна заштита на лица кои пријавуваат еколошки криминал и/или помагаат при неговата истрага, итн.

Токму во делот на новите инкриминации, поточно во член 8 од Предлог-директивата е предвидено кривичното дело кое е предмет на овој труд, односно 'екоцидот' во форма на квалификаторно кривично дело. Иако текстот на директивата не се служи *strictu sensu* со терминот екоцид, содржината на битието е во целост усогласена со поимното дефинирање на екоцидот, како *„дејствие извршено со сознание дека постои значителна веројатност за тешка, или широко распространета или долгорочна штета на животната средина*".[10]

Казнувањето на екоцидот, како тешко дело против животна средина и природата, со најновата европска легислатива за сузбивање на еколошкиот криминал, може да се смета и како директна последица на силните заложби на невладиниот сектор во Европа, особено на холандската *„Стоп за екоцид"* Фондација, која во 2020 година организира независна експертска панел дискусија, каде како заклучоци кои се истакнуваат, меѓу другото, се усвоената формулација на поимот екоцид и потребата од негова интернационална криминализација во надлежност на Меѓународниот кривичен суд со седиште во Хаг, Холандија.[11]

7 Convention on the Protection of the Environment through Criminal Law, 1998: ***https://rm.coe.int/168007f3f4***

8 Council Directive 2008/99/EC of 19 November 2008 on the protection of the environment through criminal law [2008], OJ L 328, p. 28–37: ***https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2008/99/oj***

9 ***https://oeil.secure.europarl.europa.eu/oeil/popups/ficheprocedure.do?reference=2021/0422(COD)&l=en***

10 Proposal for a directive of the European Parliament and of the Council on the protection of the environment through criminal law and replacing Directive 2008/99/EC (COM(2021)0851 – C9-0466/2021 – 2021/0422(COD)), art. 8 (a).

11 ***https://www.stopecocide.earth/expert-drafting-panel***

2. ЕКОЦИДОТ КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО ВО НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

За прв пат во македонското казнено законодавство екоцидот, како кривично дело, се пропишува со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 7 септември 2023 година („Службен весник на РСМ", бр. 188/2023), каде, меѓу другото, со повеќе одредби се интервенираше и во главата XXII, во која се систематизирани кривичните дела против животната средина и природата. Предлагач на таквите измени беше Владата на РСМ, а во образложението на Предлог-законот стои: *„Еден од врвните приоритети на Владата на РСМ е справувањето со еколошкиот криминал. За таа цел најголемиот дел од одредбите содржани во Предлог- законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик се однесуваат на еколошките кривични дела кои се усогласуваат со директивите на ЕУ во оваа област*".[12]

Меѓународни извори со кои се врши усогласување преку ваквата законска измена, согласно со текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на КЗ се Директивата 2008/99/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 19 ноември 2008 година за заштита на животната средина преку кривично право, Директива на Европскиот парламент и на Советот 2005/35/ЕЗ од 7 септември 2005 година за загадување од бродови и за воведување казни за прекршувањата, Директива 2009/123/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 21 октомври 2009 година за измена на Директива 2005/35/ЕЗ за загадување од бродови и за воведување казни за прекршувањата, Директива 2012/18/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2012 година за контрола на опасностите од големи несреќи кои вклучуваат опасни супстанции, за измена и последователно укинување на Директива 96/82/ЕЗ на Советот.

Измената на Кривичниот законик е влезена во сила од 15 септември 2023 година, а официјалниот текст на новото кривично дело од член 218-б, насловено како „екоцид", интегрално гласи:

„Тој што спротивно на закон, со намера да предизвика штета на животната средина ќе преземе дејствие или ќе пропушти да преземе дејствие поради кое ќе настане сериозна или широкораспространета или долготрајна штета на животната средина, ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор."[13]

Во овој дел ќе го анализираме кривичното дело од аспект на општиот и посебниот дел на кривично-материјалното право.

Објект на заштита на ова кривично дело претставува здравата животна средина (чист воздух, вода и почва), што, впрочем, е карактеристика на сите таканаречени „еколошки кривични дела". Како сторител (активен субјект) на ова кривично дело може да се јави секое лице (*delicta comunia*). Законот не пропишува исполнување посебно својство на сторителот, но наспроти тоа законодавецот искористил генерална клаузула за можен сторител на делото преку инкорпорирање на зборовите *„Тој што"*.

Ова кривично дело може да биде извршено и преку дејствија на сторување – осмисливи дејствија (*delicta ommisiva*), сторителот нешто да стори, да преземе, да направи, да активира, да сруши и слично (пример, намерно ќе го отвори вентилот за испуштање високо-контаминирана индустриска отпадна вода во природна река), како и преку несторување – комисивни дејствија (*delicta commisiva*), кај кои сторителот пропуштил да стори нешто, што инаку бил должен да го

12 Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, заведен под архивски бр. 08-4275/1 од 04.09.2023 год. стр.4 – достапен на: ***https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=6ada76c2-fde8-4610-863c-34f94f68d391***

13 Член 218-б од Кривичниот законик на РСМ, Службен весник на РСМ, бр.37/96, 80/99, 48/01, 4/02, 16/02, 43/03, 19/04, 40/04, 81/05, 50/06, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/2013, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 170/17, 248/18, 36/2023 и 188/2023.

стори (пример, намерно ќе пропушти да го затвори вентилот за испуштање високо-контаминирана индустриска отпадна вода во природна река).

Кога се работи за субјективното битие на делото станува збор за умислено кривично дело, што значи сторителот треба да дејствува со свест и волја (исполнување на интелектуалната и волева компонента на умислата), односно сторителот умислено презема дејствија или пропушта да преземе дејствие поради кое ќе настане сериозна или широкораспространета или долготрајна штета на животната средина.

Објективниот услов за инкриминација е настанувањето сериозна или широкораспространета или долготрајна штета на животната средина. Дефиниција за тоа што законодавецот подразбира под сериозна, широкораспространета и долготрајна штета на животната средина, нема.

Во член 122 од КЗ на РСМ[14], каде се наведени значењата на изразите, не постои поимно определување, ниту за сериозна, ниту за широкораспостранета, ниту за долготрајна штета на животната средина. Тоа значи дека проблемот, како фактичко прашање, треба да се решава од случај до случај.

Санкцијата што ја предвидел законодавецот е алтернативно поставена на изрекувањето временско определена казна од најмалку десет години затвор и на изрекувањето временски неопределена казна доживотен затвор. Со тоа ова дело го прави најтешко кривично дело во категоријата еколошки кривични дела. Дотолку повеќе што не е предвидена можност ниту за делотворно каење на сторителот, а со тоа ниту факултативна можност на судот за ослободување од казна, доколку се спречи настанувањето на штетната последица или се отстранат последиците.[15] Кривично-правна одговорност за правните лица не е предвидена.

Од казнено-процесен аспект кривично гонење се презема само по службена должност. По спроведувањето истрага и одобрувањето на обвинителен акт од советот за оцена на акт, следува редовна казнена постапка пред советот составен од двајца судии - професионалци и тројца судии - поротници.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Од содржината на првата и втората тематска целина може да се заклучи дека постои делумна усогласеност на македонското законодавство со релевантните директиви на Европската Унија за заштита на животната средина преку кривичното право.

Иако во последните законски измени на Кривичниот законик е инкорпорирано новото кривично дело „екоцид“ сепак сметаме дека се неопходни дополнителни законски измени кои би биле во насока на поголема делотворност и целесообразност на новата инкриминирачка одредба. Всушност, за таа да не би останала „мртво слово на хартија“, во време кога се соочуваме со сериозни еколошки предизвици, особено со енормна контаминација на атмосферскиот воздух, на државно ниво, есенцијално е да се заостри борбата против еколошкиот криминалитет и да се делува на планот и на специјалната и на генералната превенција.

Првенствено, сметаме дека е корисно да се извршат измени во поимникот на изразите во Кривичниот законик, каде ќе бидат вметнати дефиниции за елементите на новото кривично дело од кои зависи неговата примена, како што е сериозната, широкораспространета и долготрајната штета. Третирањето на овие поими, како фактичко прашање кое треба да се решава од случај до случај, остава простор за екстензивно толкување, субјективност и селективност во кривичното процесуирање. Во спротивно, кога би имале јасна, концизна и недвосмислена дефиниција за тоа што значи сериозна, широко распространета и долготрајна штета, значајно би се намалила мож-

14 Ibid, член 122.

15 Ibid, член 234-а.

носта за разноличност во толкувањето на оваа казнена одредба, што би значело и намалување на можноста за селективна правда.

Како појдовни точки во дефинирањето на поимите може да се земат веќе изготвените дефиниции од страна на независната експертска група, организирана од невладината, холандска *„Стоп за екоцид"* Фондација, која во 2020 година изготвила предлог-амандмани на Римскиот статут, како основачки акт на Меѓународниот кривичен суд. Така, под терминот 'сериозна штета' се подразбира *„штета која вклучува многу сериозни негативни импликации, нарушувања или повреди на кој било елемент на животната средина, вклучувајќи сериозни влијанија врз човечкиот живот или природните, културните или економските ресурси*. Под терминот 'широкораспространета штета' се подразбира *„штета која се протега надвор од ограничената географска област, која ги преминува државните граници или се однесува на цел екосистем или на голем број видови (*флора и/или фауна*), или на голем број луѓе*. Под терминот долготрајна штета се подразбира *„штета која е неповратна или која не може да се надомести преку природно обновување во разумен временски период*."[16]

Понатаму, заради целосна хармонизација со постоечката Директива за заштита на животната средина преку кривичното право[17], сметаме дека е неопходно да биде предвидена кривично-правна одговорност и на правните лица за кривичното дело „екоцид". Особено што интенцијата за казнување на правните лица, за сите еколошки кривични дела, е задржана и со новата европска директива, што укажува на фактот дека на еколошкиот криминал не може одвоено да се гледа во зависност од желбата на луѓето за што поголем профит, дури и за сметка на здравата животна средина.

На крај, од кривично-процесен аспект, предлагаме гонењето на сторителите за ова кривично дело, како најтешко кривично дело од групата еколошки кривични дела, да биде во надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција - Скопје, доколку е сторено од организирана група. За тоа ќе биде потребна законска измена на член 32, ст.1, алинеја 6 од Законот за јавното обвинителство[18], во насока на дополнување на веќе одредениот квантум кривични дела за кои е надлежно да постапува ова обвинителство, од Глава XXII од Кривичниот законик. насловена како „Кривични дела против животната средина и природата". Ваквото законско решение би било во правец на веќе постоечката тенденција на законодавецот, за тешки кривични дела, особено сторени од организирана група, да биде надлежно за постапување Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, кое, по правило на нештата, би требало да располага со поголеми и подобри ресурси од останатите јавни обвинителства кои постапуваат пред судови со основна и проширена надлежност.

(Авторот е адвокат, магистер по правни науки од областа на казненото право; Адвокатско друштво Наков и Бошков – Штип).

16 Stop Ecocide Foundation, Independent expert panel for the legal definition of Ecocide, Commentary and core text (2021), 5. *https://www.stopecocide.earth/expert-drafting-panel*

17 Directive 2008/99/EC of the European Parliament and of the Council on the protection of the environment through criminal law [2008], OJ L 328, art.6.

18 Закон за јавното обвинителство, Службен весник на РСМ, бр. 42/2020.

МАКЕДОНСКОТО НОВИНАРСТВО: СОСТОЈБИ, ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ

Поголем дел од медиумите, во борбата за гледаност и читаност го спуштија нивото на својата професионалност и ги напуштија етичките стандарди. На тој начин го навредуваат здравиот разум на мнозинството од нивните консументи, па тие, внимавајќи на своето достоинство и разум, престануваат да ги читаат и гледаат. Така ќе биде сè додека не се сфати дека новинарството и медиумите мораат да внимаваат на својата дводимензионална општествена функција: имаат права и законска заштита, но имаат и обврски и законска одговорност, посебно кога станува збор за заштитата на човековите права. А едно од најзначајните човекови права е да ја добијат вистинската информација за да може секој поединец, но и пошироко - семејство, групација, фирма, организација да ги планира и донесува своите одлуки.

МАНЧО МИТЕВСКИ

АПСТРАКТ

Основната функција на медиумите и новинарите е навремено, точно и одговорно, што во суштина значи професионално информирање за сè она што се случува, односно граѓаните да ја добијат вистинската информација, бидејќи тоа е едно од најзначајните човекови права од кое зависат постапките и одлуките на секој поединец, но и пошироко - семејство, групација, фирма, организација...

Македонското новинарство и медиуми се во сериозна криза. Кризата допира дури до нивната супстанција, загрозувајќи ја нивната одговорна општествена функција. Не се мисли само на финансиската, туку и на криза на уредувачката политика, професионалните стандарди, политичката и етичката култура, поврзаноста со политички и бизнис центри на моќ... Во содржините на некои медиуми поради најразлични причини се употребуваат стереотипи и предрасуди и сериозно се прекршуваат човекови права на поединци, но и на цели социјални и други групации... Најголеми застранувања, прекршувања и класична политичко-материјална корупција, протекционизам и клиентелизам има во сферата на политичкото новинарство, а тоа значи и во кршењето на политичките права и убедувања на поединци, но и на политички партии и други интересовни и идеолошки групации.

Целта на овој труд е да ги проанализира актуелните состојби во македонското новинарство и да упати на единственото решение од ваквата ситуација: професионализам, политичка и професионална култура на медиумите и новинарите.

Клучни зборови: медиуми, новинари, новинарство, (не)доверба, професионализам.

ВОВЕД

Поминаа едни од најдраматичните парламентарни и претседателски избори, не според околностите и амбиентот во кои беа спроведени, бидејќи изборите како чин, во основа, беа фер и демократски, туку според резултатите, тектонските промени на политичко-институционалната сцена и новата политичка стварност што тие ќе ги донесат со себе за иднината на општеството, државата и граѓаните на Република Северна Македонија. За ваквиот епилог, кој никој не може да го спори, многу значајна, ако не и одлучувачка улога одигра, пред сè, класичните електронски и пишани медиуми кои граѓанството, односно народот претежно ги следи, но и порталите и социјалните мрежи. Речиси сите овие медиуми, со мали, но чесни исклучоци, беа определени за една политичка опција, за опозициската и за смена на власта.

Тие, практично, и ја завршија работата, секако со нејзина обилна помош, логистика, насоки, анкети, па веројатно и пари и други погодности, на главната опозициска партија, која својата изборна кампања ја почна по поразите, на крајот на 2016 и во 2020 година, а најзначајни алатки и беа нејзините медиумски и новинарски симпатизери и клиенти. А нивната работа се состоеше од две основни и добитни компоненти: прво, фингирање перцепција кај граѓаните за катастрофални политики на власта во водењето на државата, гарнирани, второ, со лажни вести. Патем, во јавноста беа презентирани информации за постоење и дејствување на групи за создавање перцепција кај јавноста и за креирање на лажни вести, со имиња на извршители кај поранешната опозициска партија, сега на власт, кои не беа убедливо демантирани. Тука треба да се додадат и неколку странски фактори кои поттикнуваа и финансираа некои свои интереси, повторно преку некои од македонските партии и медиуми.

Оваа манипулативна стратегија, за жал, целосно успеа, што се виде и од изборните резултати, но на секој кој размислува со своја глава му е јасно дека, како што ништо не може да биде идеално добро, ништо не може да биде ни катастрофално лошо. Секако, за големиот пораз голем самопридонес имаше и власта во македонскиот дел, поради неконсеквентноста во реализацијата на ветените приоритети и цели, поради одење по линијата на најмал отпор и од поодамна помирување со изборниот пораз, но и поради некритичката и беспоговорна попустливост пред криминализираната разгаленост, уцените и самоволието на коалицискиот партнер од албанскиот кампус.

СВЕТСКИ ПРОЦЕСИ, НОВИНАРИТЕ/МЕДИУМИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

За да се сфатат некои процеси во нашето општество, мора тие да се поврзат со некои пошироки регионални, континентални, па и глобални светски процеси кои се рефлектираат и кај нас, секако, измиксирани заедно со нашите општествени и политички специфики. Современиот свет го карактеризираат два глобални процеса кои се директно спротивставени еден на друг. Присутни се и повеќе други процеси кои се движат, се испреплетуваат или, едноставно, се претопуваат во нив. Судирот од овие процеси потоа се рефлектира и на локално ниво - во државите - во некои повеќе, во некои помалку, но никоја држава не е заобиколена без да ги почувствува или да не предизвикаат соодветни рефлексии или корекции на локалните процеси и политики.

Едниот процес, кој сè уште е доминантен: глобализацијата, либералната демократија, отворено општество, поврзувањето на државите врз основа на демократските вредности со доброволно отстапување на дел од својот суверенитет во поголеми сојузи, унии, алијанси, движења и други форми, за цел си има поставено - побрз и поквалитетен развој и проширување на демократските процеси, владеење на правото и правната држава, глобална безбедност, грижа за човековата околина, заштита и проширување на човековите права и слободи, воспоставување функционална и ефикасна пазарна економија, обезбедување пристоен животен стандард на луѓето... Секако, и тука присутни се слабости и погрешни политики поради збирот на повеќе внатрешни приоритети, идеи, интереси и специфики на одделни држави.

Другиот процес, лоциран во релативно помалку држави во глобални размери, парцијализиран и локализиран во самите држави, поради нивните големи различности и специфики, се карактеризира со: тесни национални, бизнис, дури и лични интереси и фикс-идеи на нивните претежно авторитарни лидери, селективно владеење на правото и правната држава, сериозни ограничувања и повреди на човековите права и слободи, недостиг на демократија, злоупотреби на демократските процедури за донесување одлуки, одбојност и насилство кон другите и поинаквите, неистомислениците, политички затвореници, жигосувања, па дури и ликвидации на луѓе. Тоа резултираше со создавање затворени и (само)изолирани општества во кои доминира неограничено автократско владеење со сите последици кои ги продуцираат таквите режими. Оваа групација, препознавајќи многу заеднички интересовни елементи, има тенденција да се здружи и што повеќе да се факторизира во глобални рамки.

Овој глобален судир на концепти и процеси и последиците од него создава услови и претпоставки за нови состојби и дисбаланси кои генерираат нови и непредвидливи процеси на речиси непремостливи поделби и конфронтации. И тоа не само на општествата и државите - на големи и мали, на влијателни и маргинални, на богати и сиромашни, на демократски и недемократски, на цивилизациски и нецивилизациски... туку и на огромни поделби и внатре во секоја од овие држави по различни основи – политички, економски, социјални, статусни, еколошки, верски, полови, родови... Тие, пак, предизвикуваат уште понепредвидливи ефекти и феномени, а дел од нив се исклучиво негативни, регресивни, можат да заробат одделни неотпорни и нефункционални општества и да предизвикаат последици во најразлични сфери од општественото живеење. Меѓу нив, секако, незаобиколни се корупцијата и политичкиот организиран криминал, грубото кршење на човековите права, тероризмот, огромните социјални раслојувања, сајбер војните и, секако, фингирањето перцепции и лажните вести за полесно владеење.

Кон овие процеси се приклучија, како своевидна додадена вредност, воените конфронтации и интервенции, кои доведоа до големи миграции на население, што во последнава декада го создаде огромниот глобален проблем – милионите бегалци од загрозените држави и региони во побогатите и побезбедни држави на Запад.

Во сé поизразениот судир на овие два процеса, односно модели/системи на организирање и владеење, во последно време меѓусебно се спротивставија нивните основни манифестациони оружја и карактеристики. Во битието на конфликтот, кој е генериран од страна на приврзаниците на затвореното општество, кои се мошне амбициозни до степен на „покажување мускули“ и ми-

литантност, во преден план се исфрлаат - егоизмот, егоцентризмот, национализмот, популизмот, омразата кон другите и поинаквите, како алатки - и авторитаризмот, како систем на владеење. На светската сцена карактеристично е надоаѓањето на екстремниот национализам со примеси на фашизам во повеќе значајни држави во светски размери. Најзначаен и најопасен нуз-производ од ваквиот процес, според една констатација на Амнести интернешенел, е сé поизразената загрозеност на поединечните човекови права.

И, веднаш треба да се потенцира дека со сите овие процеси и продуктите од нив први воспоставуваат контакт, односно се судираат новинарите и медиумите во својата улога на информатори на јавноста и на граѓаните за сè што се случува во светот и во локалните средини. Она што се однесува за светските, се однесува и за нашите новинари и медиуми, бидејќи, во светот, кој со новите технологии стана глобално село, по принципот на функционирањето на сврзаните садови – тоа што се случува на глобален план, веднаш се рефлектира и на локален. Медиумите и новинарите во овој контекст претставуваат глобална сила. Тие информираат и претставуваат врзивно ткиво меѓу настаните и јавноста, односно за се што се случува во светот (објаснуваат, коментираат, анализираат, интервјуираат, истражуваат, откриваат...). Сè она што во светот и локално е актуелно, прво поминува низ медиумската машинерија пред да биде пласирано во јавноста.

НАШАТА ЗЕМЈА РАСТРГНАТА МЕЃУ ГЛОБАЛНИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ

Со оглед на фактот што светот стана глобално село, па се што се случува на глобален план мошне брзо се рефлектира и на локален, секако според специфичностите на секоја поединечна држава и општество, и Република Северна Македонија не ја заобиколуваат глобалните процеси и проблеми. Земјата си има проблеми и со почитувањето на човековите права, и со корупцијата и криминалот, и со некои аспекти на бегалската криза, но и со вмешувањето на разни служби од странски држави кои во содејство со домашни соработници, за свои интереси продуцираат лажни вести и учествуваат во создавањето на фингирани перцепции кај јавноста во корист на своите интереси. Меѓутоа, нашата земја си има и свои проблеми и специфики, можеби повеќе од многу други држави.

Република Северна Македонија е шаренолика држава. Станува збор за држава и општество кои се поделени по многу вертикали и хоризонтали – политички, етнички, интернационални, економски, конфесионални, социјални, статусни, полови, родови и уште многу други. По 2001 година, функционира системот на одржлив меѓуетнички соживот и компромиси, што го чини богатството на целото општество. И покрај тоа, постојано се присутни отпори и критики на новосоздадената состојба од страна на некои политички и општествено влијателни фактори во земјата и однадвор. Земјата политички е биполарна. Во неа, во три и пол деценискиот период на самостојност, парламентарна демократија, но и бесконечно долга транзиција, на власт се менуваат две партии од две политички опции – социјалдемократска и конзервативно/националистичка. Притоа, без разлика која партија е на власт, како коалициски партнер се појавува партија или коалиција која победува или е најрелевантна во албанскиот политички кампус.

Треба да се напомене, бидејќи е значајно за контекстот кој се елаборира, дека во двата периода, додека на власт беше конзервативно/националистичката партија, на земјата и се случија две големи општествено и безбедносно загрозувачки кризи. Првата – воена криза во 2001 година, што резултираше со Охридскиот рамковен договор и од него предизвиканите уставните промени. Втората, заробена држава во периодот 2008-2017 година, што со официјален акт го констатираше Европската Унија. Европската комисија го употреби терминот „заробена држава“ во својот Извештај во 2016 година, како најсоодветен за да ја опише невообичаената и ненормална состојба во Република Македонија, при тоа констатирајќи: „Демократијата и владеењето на правото постојано се соочени со предизвикот на заробена држава (state capture), што влијае врз функционирањето на демократските институции и клучните области во општеството“.

Во првиот случај, власта, не можејќи да го превенира воениот конфликт, на кој на некој начин и самата му кумуваше, со помош на неколку академици се обиде со иницијатива за размена на територии и население да го реши проблемот, но за среќа, се поклопија интересите на мнозинството граѓани на земјата и на меѓународниот фактор, па оваа идеја беше решително отфрлена. Во периодот на заробена држава, покрај ограбувањето на државните ресурси и масовните повреди на човековите права, тогашната власт се обиде да го смени македонскиот национален идентитет, од словенски во антички, за што доказ е криминалниот проект „Скопје 2014“. Во тоа не успеа поради противењето на мнозинството граѓани, меѓутоа беа направени големи штети и создадени дилеми во идентитетските чувства на граѓанството од македонската етничка заедница. Државата беше делумно ослободена по смената на власта, со Преспанскиот договор, односно со промената на името и со додавката Северна Македонија, со што беше примена за рамноправен член на НАТО и се исполни една од двете стратешки определби нотирани уште при осамостојувањето. За почеток на преговорите за членство во ЕУ, треба да се исполни условот за внесување на Бугарите во преамбулата на Уставот на РСМ, заедно со уште неколку делови на народи.

Република Северна Македонија има усвоено правна рамка за независност на медиумите. Уставот на Република Македонија ги гарантира основните слободи и права во областа на јавното информирање. Во член 16 од Уставот се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Законот за медиумите ја гарантира слободата на изразување, информирање, истражување и објавување.

Кога станува збор за новинарите и медиумите, треба да се потенцираат две работи. Прво, во едно толку поделено општество и со огромни надворешни влијанија, какво што е македонското, сè што работат новинарите и медиумите се посматра на различни начини, односно перцепции – за едни е прифатливо, за други не е прифатливо! При тоа се судираат со основната конституента, што со право ја изрече една умна личност: „Со хуманизацијата на општеството како процес, односно со дехуманизацијата на општеството како паралелен спротивставен процес, човековите права стануваат основна точка на цивилизацискиот судир, односно континуирано трае битката за проширување, односно намалување и повреда на човековите права од власта и институциите, но и од различни општествени групации или организации, било тоа свесно или несвесно, од неинформираност или незнаење“. Второ, во овој процес голема објаснувачка и информативна улога и влијание врз јавноста треба да имаат новинарите и медиумите. Дали тие тоа го прифаќаат и колку успешно го спроведуваат е прашање за подетална анализа врз конкретни состојби и случаи.

МЕЃУ SВЕЗДЕНИТЕ МОМЕНТИ И ПЕКОЛОТ

Македонско новинарство и медиуми, по sвездените години што ги имаа по осамостојувањето, од последните неколку години на дваесеттиот век, кога покрај двете големи медиумски куќи со нивните пишани и електронски медиуми од минатиот систем, како и постојните десетина локални медиуми, со воведувањето на политичкиот плурализам, на јавната сцена се појавија десетици нови весници, телевизии, списанија и портали во приватна сопственост. Во три тогаш многу влијателни и квалитетни пишани медиуми со мнозински, а подоцна и со целосен сопственички пакет влезе германскиот медиумски гигант ВАЦ, со што се подигнаа професионалните и финансиските стандарди во овие медиуми, а тоа, наедно, стана поттик и за другите за стекнување искуства и за напредок. Република Македонија беше земја со можеби најмногу пишани и електронски медиуми во сооднос со бројот на населението. Главните македонски медиуми беа редовно цитирани во регионалните, а често и во светски релевантните медиуми. Своевиден бум имаа и локалните медиуми и новинарство. Во сите поголеми локални заедници функционираа весници, телевизии, радија, а во поново време и сериозни портали. Речиси секој медиум на централно ниво имаше во редовен или хонорарен работен однос постојани дописник, а некои имаа и дописништва кои беа на високо професионално ниво.

Таа убава приказна траеше петнаесетина години. Потоа, делумно поради финансиската криза во која запаѓаа медиумите, а особено поради амбицијата на тогашната владејачка партија да

стане „главен и одговорен уредник“ на сите медиуми и да ја креира нивната уредувачка политика за сопствени цели и опстојување на власт – се инсталираше авторитарно владеење и со политички организиран криминал државата беше заробена, а поголем дел од медиумите ја загубија довербата и почнаа да пропаѓаат во секој поглед.

Во такви околности, кога на авторитарниот систем на владеење, на „груевизмот“, му беа потребни само медиуми кои ја поддржуваат и фалат, неподобните медиуми почнаа да згаснуваат еден по еден. Најголем дел поради економска исцрпеност, отсуство на субвенции, реклами и презадолженост, а најголемите и највлијателните, три во еден ден, „Дневник“, „Утрински весник“, „Вест“, по желба, односно наредба на власта. Пред нив, насилно со многу полиција и инспектори, беше затворена и најмоќната приватна телевизија во земјата во тоа време - А1.

Сега, македонското новинарство и медиуми, оние малку, односно неколку што опстанаа, живуркаат на работ на егзистенцијата, со малку новинари, мали плати и релативно ниски професионални и етички стандарди. Најголемиот број новинари се некомпетентни за оваа професија, поради несоодветната наобразба и квалитет, со големи дози на аматеризам, политички манипулации, корумпираност и протекционизам, па се сведуваат на „држачи на микрофони“, кои поставуваат наречани прашања од уредниците или од политичко-профитната и коруптивна призма на сопствениците на медиумите. Квалитетни новинари има се помалку, а на студиите по новинарство се запишуваат студенти кои можат да се избројат и на прстите на две раце – што зборува за падната доверба во, на времето, една од најатрактивните и најпосакувани професии за младите.

Зошто е тоа така: сè се сведува на недостигот на финансии во оваа сфера, но многу позначајна е изиграната доверба кај јавноста. Еве еден најдрастичен пример. Порано сериозните класични медиуми беа извор на информации кои ги користеа помалите медиуми и портали. Сега е обратно, етаблираните и класични медиуми често ги користат, без да ги проверат, вестите (лажни или полувистинити, од уредувачки и сопственички недефинирани портали и социјални медиуми), па се случува во вистинската смисла на зборот – да се насанкаат. Како што пред некое време, користејќи информација од некој портал дека, по којзнае кој пат, камион пропаднал во фонтаната на градскиот плоштад во Скопје, сериозни телевизии и медиуми, без да ја проверат, ја објавија таа вест како сензација! Откако набрзо се утврди дека станува збор за лажна вест, некои ја повлекоа без да се извинат, а некои не го направија ни тој напор!

За жал, така и со такви професионални стандарди и етика, без многу да се внимава, се создава перцепцијата кај граѓаните, која е креирана главно од политичарите, медиумите и некои квази истражувачи и анкетари на јавното мислење. Во македонското општество, слично како и во сите општества во кои граѓаните и институциите немаат големо демократско искуство и традиција, а во кои политичката култура е на најниско ниво или ја нема, перцепцијата за општествените процеси не се создава според сопствениот ум, сознанија и промисла, туку таа се профилира, во најголем процент, потпирајќи се на мислења на други, според орвеловската „има кој да мисли“. Тие „други“, главно се партиски функционери, бидејќи општеството е длабоко политичко-партиски поделено, потоа на експерти за сé и сешто, таканаречени „говоранти од општа практика“ и најмногу на медиумите, јавните и социјалните, кои се инструирани или корумпирани од партиите или од нивните сопственици кои, од најразлични, пред сé профитабилни причини, одработуваат за некоја политичка опција. Кај нас, сега, речиси само за една.

Македонското општество, бидејќи е многу специфично, наедно е и многу комплицирано! Го карактеризираат: екстремната поделеност по сите можни основи, краткото паметење, лесно ветените брзини, некритички прифатените ветувања и разочарувања, површноста во посматрањето на работите, злоупотребената слобода на изразување и јавниот збор, земањето „здраво за готово“ на лажните вести и на самопромовираните експерти, мешетарењето на надворешни служби со наши извршители за странски интереси, теориите на заговор, „сечењето“ глави на сите кои ќе се подигнат над просечното ментално ниво и знаење за да се изедначат со просечните, нихилизмот за сè и сешто, релативизациите како алиби, одбранашката теза „сите се исти“, стихијноста во стилот „кому иде“ и, секако, незаобиколната перцепција на процесите што постојано е политичко-медиумски насочувана кон форсирани епилози, а не кон реалноста.

Ако се суди според анкетите, дебатите и медиумите, сé во земјата е катастрофално! Меѓутоа, бидејќи ништо не е идеално, па сè не може да биде само лошо и црно, како што сè не би можело да биде ни само добро и бело, треба да се трага по реалното. А, реалното е некаде меѓу екстремите и, што е најбитно – во нијансите. А, нијансите и реалноста ги прават релевантните показатели, за разлика од перцепцијата во која се мешаат лични забележувања и доживувања, но и емоции, надворешни влијанија, а во македонскиот случај таа, во најголем обем, е резултат и на политичките определби на поединците, па и на новинарите и медиумите.

На новинарството и медиумите во земјава им се случува еден апсурд кој треба да го објаснат нивните професионални асоцијации, но и науката. Имено, порано, додека Република Македонија ги прележуваше детските болести на демократијата и последиците од транзицијата, кога имаше големи проблеми со слободата на изразување, медиумите имаа поголеми тиражи и гледаност, што значи доверба. Сега, пак, кога медиумските слободи и слободата на изразување се подобруваат, патем, последниве години земјава напредуваше за неколку десетици места и речиси стана лидер во регионот во оваа сфера, имаме пад на професионалноста и довербата, што се огледа во малите проценти на гледаност на електронските и тиражи на печатените медиуми. Веројатно дел за тоа се должи на злоупотреба на слободата, но и на разни лукративни интереси на сопствениците и уредниците. Имено, дел, ако не и поголем од медиумите, во борбата за гледаност и читаност го спуштија нивото на својата професионалност и стандарди, така што го навредуваат здравиот разум на дел на нивните консументи, кои, внимавајќи на својот разум и достоинство, престануваат да ги читаат и гледаат тие медиуми. Така ќе биде се додека не се сфати дека новинарството и медиумите мораат да внимаваат на својата дводимензионална општествена функција: имаат права и законска заштита, но имаат и обврски и законска одговорност.

На македонската медиумска сцена има и успешни, професионални и општествено одговорни медиуми и новинари кои се доблесни во извршување на својата одговорна професија. Меѓутоа, доминираат оние кои се нивна суштинска спротивност. Телеграфски може да се набројат карактеристиките на нивната работа кои се далеку од професионален однос и општествена одговорност за пишаниот и искажан збор, односно ја злоупотребуваат слободата на говор. Во практиката, релативно малку медиуми и новинари имаат сопствени авторски новинарски производи. Затоа, пак, изобилуваат вести и информации кои се непроверени, некои се полувистини а во голем обем се лажни. По линија на најмал отпор се пренесуваат вести и информации, без никакви интервенции на текстови со иста содржина и пораки во повеќе медиуми, како да се нарачани и дистрибуирани од еден центар. Во директните вклучувања гледачи, повеќето се од партиските штабови или партиски членови и симпатизери. Политичките дебати во последно време се водат меѓу истомисленици, во нив има многу навивање за една, против друга политичка опција. Повеќе од видлив е недостигот на професионални стандарди, политичка култура и еднаков третман на соговорниците.

За жал, новинарството и медиумите, главно, беа трансмисија кон јавноста на ставови и цели на некои политички, бизнис, црковни и разни други фактори и моќници, со што, во заштитата на нивните интереси, се кршеа демократски, политички, бизнис и човекови права на други. Бидејќи нема доволно простор за пошироки елаборации, доволно е како илустрација да се набележат: луструцијата, бегалската криза, законите за абортус, матични книги, родовата еднаквост, антиваксерството за време на пандемијата, енергетската и инфлаторната криза, ширењето на евроскептицизмот... Поради сите овие елементи, не зачудува што довербата, а со тоа и гледаноста и читаноста на медиумите во земјава се со многу ниски проценти и тиражи. Во анкетите, се повеќе од анкетираните изјавуваат дека се помалку гледаат вести и дебати и читаат од весници и портали, бидејќи не сакаат да се контаминираат со политика.

Конечно, околу слободата на изразување на новинарите и финансирањето во ова време на криза. Субвенциите и разните фондови се едно од решенијата. Слободата на изразување се изборува и заштитува од самите новинари. Колку ќе бидат слободни, тие сами определуваат. Малку се контроверзни тезите на некои здруженија и синдикати дека со субвенции од владата и формирање фондови од различни извори, изворите, власта или некои фондации ќе ја доведеле

во прашање слободата. Тоа е стереотип од некои блиски времиња на заробената држава, кога власта вшприцуваше огромни износи пари во медиумите, а тие како благодарност, од интерес или од страв и враќаа со доброволно подредување на уредувачката политика во нејзин интерес. Сега, кога сè е јавно, „се дува и на јогурт", и кога такво нешто речиси не е можно, ќе се охрабри ли некој, макар и надлежните институции, да истражи дали во некои медиуми тајно влегуваат огромни износи пари од разни извори од странство за валкани политичко-безбедносни задачи во земјава, што е многу поопасно од јавните и транспарентни субвенции и фондови.

Од друга страна, здруженијата, професионалните асоцијации и синдикати на новинарите и медиумите најчесто реагираат само на физички и вербални напади и тужби на новинари и медиуми, што е за поздравување, но не се толку агилни кога треба да реагираат на непрофесионалната работа, лажните вести, полувистините и нарушувањата на човековите права од страна на медиуми и новинари. Особено што новинарите во земјава имаат Етички кодекс, а функционира и Совет за етика во медиумите. Медиумско-новинарската работа формално е правно, етички и институционално добро покриена.

Во Етичкиот кодекс има неколку принципи и вредности кои директно или индиректно се однесуваат на човековите права: Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост; Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда; Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат; Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија; Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).

Како надоврзување на последново од цитираните принципи и вредности: во македонските медиуми последниве неколку години се одвиваше голема едноумна политичко-навивачка предизборна „игра", која може слободно да се нарече „сите против еден", односно „сите против власта" (со некои чесни исклучоци кои се однесуваа одговорно и професионално). И тоа, претежно против носечката партија на власта (за што и раководството, партиско-владиното, сноси дел од одговорноста), а помалку кон коалицискиот партнер од албанскиот кампус, кој ги создаваше грото од неволјите, претежно во сферата на национализмот (пред избори), криминалот, корупцијата, непотизмот и партизацијата на институциите (континуирано). Во оваа „игра" беа вклучени, покрај партиите од тогашната опозиција, медиумите, некои фракционерски групации на партијата кои се одметнаа и направија своја нова партија, но и дел од партиското раководство кое како однапред да се предаде и поразот на партијата го пресмета како можност за оставка и свој личен спас! Веднаш се забележа идејата оваа партија да се девастира, до степен да ја снема од политичката сцена или буквално да се маргинализира, што и делумно се случува.

На крајот се наметнува едно логично прашање: зошто толку се инсистира и насочува вниманието врз новинарството и медиумите и на нивниот однос кон човековите права? Затоа што широчината и опфатот на медиумската работа и одговорност, не само што се на првата линија на контактот меѓу личното/човековото и општото/општественото, меѓу правата и обврските, туку затоа што овој контакт е секогаш на работ свесно/намерно или несвесно/од незнаење - да се повреди некое човеково право. Едно од најтемелните и најуниверзални човекови права, иако формално не е регулирано ниту во една конвенција или правен акт, е - човекот да ја дознае вистината (вистинската и точна информација за темата која се третира во медиумите) – зашто, ако му се пласира лажна или полувистинита информација, грубо му се крши правото да добие вистинска информација за да знае како да се однесува и како да постапува во одредена ситуација.

ЗАКЛУЧОК

Новинарите и медиумите претставуваат врзивно ткиво меѓу настаните и јавноста, односно и го пренесуваат на јавноста сè она што се случува во светот и кај нас (информираат, истражуваат, објаснуваат, коментираат, анализираат, интервјуираат). Се она што во светот и локално е актуелно, прво поминува низ медиумската машинерија пред да биде пласирано во јавноста. Во актуелниот момент, на глобално и локално ниво најголема опасност за медиумите, новинарите и граѓаните се фингираните перцепции и лажните вести зад кои стојат разни политички, бизнис и безбедносни интереси, а кои најголеми штети им нанесуваат на поединците и на нивните основни човекови права.

Довербата кај јавноста и на онаа групација на која им се обраќа медиумот/новинарот се стекнува со професионалност, а не со сензационалност, бидејќи сензационалноста е феномен кој кратко трае, брзо се заборава, но со себе носи негативни последици не само за јавноста, во глобала, за поединците, но во краен случај и за самите медиуми/новинари.

Во едно екстремно поделено општество, какво што е македонското, се што работат и пишуваат новинарите и медиумите се посматра на различни начини – за едни е прифатливо, за други не е прифатливо! Затоа новинарите и медиумите, доколку сакаат да бидат сериозен фактор фактор на медиумската сцена, мора да балансираат, да бидат реални, а водилка да им биде вистината, поширокиот општествен интерес, но и конкретниот интерес и човечките права на секој поединец. Дел, ако не и поголем од медиумите, во борбата за гледаност и читаност го спуштија нивото на својата професионалност и ги напуштија етичките стандарди. На тој начин го навредуваат здравиот разум на мнозинството на нивните консументи, па тие, внимавајќи на своето достоинство и разум, престануваат да ги читаат и гледаат. Така ќе биде сè додека не се сфати дека новинарството и медиумите мораат да внимаваат на својата дводимензионална општествена функција: имаат права и законска заштита, но имаат и обврски и законска одговорност.

Во македонските медиуми во последно време повеќе од видлив е недостигот на професионални стандарди, политичка, етичка, но и лична култура и еднаков третман на соговорниците. Се толерираат секакви, па и најригидни ставови, без оградување и дистанца и се пренесуваат вести и информации без никакви интервенции на текстови со иста содржина и пораки во повеќе медиуми, како да се нарачани, напишани и дистрибуирани од еден центар. Оваа шема е коруптивна и ја урива довербата во медиумите и новинарите.

Во еден ваков амбиент, новата власт, преку нејзиниот лидер најави две, во основа, коруптивни идеи и насоки – два проекта во медиумската сфера кои не мирисаат на арно. Првиот, ослободување на новинарите од плаќање здравствено и социјално осигурување (!), предлог што веднаш може да падне на Уставен суд. Зошто, сега, одеднаш, новинарите да бидат привилегирани, на пример, во однос на лекарите, рударите, учителите, административците и сите други. Вториот, откако тие дојдоа на власт, сугерираат медиумите и новинарите во своето известување да им даваат предност на убавите и позитивните вести и информации, наспроти лошите! На овие небулозни предлози не реагираа новинарските здруженија и синдикати, кои постојано беа алергични на субвенциите кои сакаше да ги дава на медиумите поранешната власт!?

Поголем дел од медиумите и новинарите, во една ваква состојба си продолжија или со навиваштвото, порано за опозицијата, сега за новата власт, или со одењето по линијата на најмал отпор, некритички и непрофесионално избегнувајќи конфронтирање со новата власт.

(Авторот е новинар и публицист).



Институт за човекови права